# curriculum globALE

## Наставна програма за Глобално Образование и Учење на возрасни

Susanne Lattke, Katarina Popovic, Jesco Weickert

Поддржано од:

BMZ Bundesministerium für wirtschaftliche Zusammenarbeit und Entwicklung

DIE

dvv international
Institut für Internationale Zusammenarbeit des Deutschen Volkshochschul-Verbandes

**Издание:**

Институт за меѓународна соработка на Германскиот сојуз на Народни универзитети (*dvvinternational*)

Германски Институт за Образование на возрасни
Лајбниц-Центар за Доживотно учење (DIE)

Автори:

Susanne Lattke, Katarina Popovic, Jesco Weickert

Библиографски информации издадени од Die Deutsche Bibliothek – Германска Библиотека
Германската Библиотека ги набројува овие изданија
воделото: Deutsche Nationalbibliografie -
ГерманскаНационална Библиографија; детални
библиографски податоци достапни на интернет на :
http://dnb.ddb.de.

ISBN 978-3-942755-09-2

© 2013 *dvvinternational*, DIE

*dvvinternational*
Ул. ObereWilhelmstraße 32, 53225 Бон
Сојузна Република Германија
тел.:+49/(0)228-975690, факс:+49/(0)228-9756955
info@dvv-international.de, www.dvv-international.de

Германски Институт за Образование на Возрасни
Лајбниц - Центар за Доживотно учење (DIE),
Ул. Heinemannstraße12-14,5 3175 Бон
Сојузна Република Германија
тел.:+49(0)228-32940, факс:+49/(0)2283294399
info@die-bonn.de, www.die-bonn.de

## Содржина


**А. Вовед** ........ 4
1. Основи на проектот ........ 4
2. Признанија ........ 5
3. Цели и предмет на проектот ........ 6
4. Целна група и примена на CurriculumglobALE ........ 7
5. Структура на ова издание ........ 8
6. Користена литература ........ 8

**Б. Запознавање coCurriculumglobALE** ........ 9
1. Примарни извори ........ 9
2. Процедура на создавање на наставната програма ........ 11
3. Специфични особини на проектот за изработка на наставната програма ........ 12
4. Рамка на CurriculumglobALE ........ 13
5. Квалитет на образование ........ 13
6. Принципи на CurriculumglobALE–Ориентирано кон компетенција – Ориентирано кон акција– Ориентирано кон учесниците – цел е оддржливоста на проектот ........ 14
7. Прашања околу преклопување на темите ........ 15
8. Заедничко јадро и варијабилни елементи ........ 16
9. Преглед на CurriculumglobALE ........ 17
10.Предуслови и процедури за имплементација на CurriculumglobALE ........ 20
11.Структура на наставната програма ........ 20
12.Обезбедување на квалитет и мониторинг ........ 22
13.Предвидувања ........ 24

**В. Наставна програма** ........ 25
Модул 0: Вовед ........ 25
Модул 1: Пристап кон Образованието на возрасни ........ 27
Модул 2: Образование на возрасни и настава за возрасни ........ 30
Модул 3: Комуникација и групна динамика во Образованието на возрасни ........ 33
Модул 4: Методи на Образованието на возрасни ........ 36
Модул 5: Планирање, организација и евалуација во Образованието на возрасни ........ 39

**Прилози** ........ 42
**Прилог 1: Користена наставна програма** ........ 42
1. Наставната програма на *dvvinternational* ипартнерите ........ 42
2. Национални квалификациски системи и стандарди ........ 50
3. Проекти финансирани од ЕУ во однос на компетенциите на обучувачите во Образованието на возрасни/Национални квалификациски системи и стандарди ........ 55

**Прилог 2: Концепт на моделот за обука / развој на планот на обука** ........ 67

**Прилог 3: Избор на литература за проучување на поединечните модули** ........ 100
Референтни дела релевантни за сите модули ........ 100
Модул 1: Пристап кон Образованието на возрасни ........ 100
Модул 2: Образование на возрасни и настава за возрасни ........ 100
Модул 3: Динамика на комуникација и групна динамика во Образованието на возрасни ........ 101
Модул 4: Методи на Образованието на возрасни ........ 101
Модул 5: Планирање, организација и евалуација на програмите за Образование на возрасни ........ 102
Ресурси за само-образование ........ 103

# А. Вовед

## 1. Основи на проектот

Ова издание ја претставува наставната програма CurriculumglobALE, (Глобална наставна програма) којашто ја поставува основната квалификација за наставниците во Образованието на возрасни на светско ниво. Поставувајќи појдовен репер којшто ги опфаќа сите континенти, globALE проектот е единствен по својата цел да ја унапреди професионализацијата на Образованието на возрасни на меѓународно ниво.

Учењето и Образованието на возрасни претставува важен дел од Доживотното учење кое денес е нашироко распространето и признаето дека игра клучна улога при решавање на предизвиците со коишто индивидуалците и општествата се среќаваат на глобално ниво. Како што вели Белемската рамка за акција, којашто беше одобрена на 6-тата УНЕСКО Меѓународна Конференција за Образование на Возрасни (CONFINTEA VI) во декември 2009, „Учењето и Образованието на возрасни ги опремува луѓето со неопходни знаења, способности, вештини, компетенции и вредности за да ги искористат и унапредат своите права и да превземат контрола врз нивната судбина. Учењето и Образованието на возрасни се исто така клучни за постигнување на еднаквост и вклученост, за намалување на сиромаштијата и за градење на непристрасни, толерантни, оддржливи општества базирани врз знаење.“ (УНЕСКО2009).

Меѓутоа, ако се стремиме кон тоа Образованието на возрасни да го достигне својот полн потенцијал, тоа треба да биде поддржано од луѓе коишто поседуваат соодветни професионални компетенции. Додека наставниците на деца во основните училишта обично имаат проучувано и некои програми за професионално образование, најчесто на универзитетско ниво пред да започнат да предаваат, ова многу често не е случај и со лицата коишто им предаваат на возрасните. Затоа, на професионализацијата на Образованието на возрасни се гледа како на клучен предизвик низ цел свет, како на индивидуално ниво на секоја држава посебно, така и во меѓународен контекст. „Белемската рамка за акција“ ја посочува професионализацијата на Образованието на возрасни како еден од клучните предизвици на ова поле и вели: „Недостатокот на можности за професионализација и обука на наставниците имаше огромно влијание врз квалитетот и начелата на наставата за возрасни и образованието на возрасни (...)“. (УНЕСКО2009). Околу една третина од 150 државни извештаи за Образование на возрасни предадени на конференцијата, посочија неадекватна квалификација на наставниот персонал како една од најголемите области во којашто мора да се превземе нешто (UIL2009).

Како реакција на оваа ситуација, помеѓу другото, земјите членки на УНЕСКО на конференцијата CONFINTEA, се обврзаа на „обуки, градење на поголеми капацитети, подобрување на условите за вработување и професионализација на наставниците во Образованието на возрасни, на пр. преку воспоставување на партнерства со институции за повисоко образование, здруженија на наставници и цивилни општествени организации“ (ibid.).

На ниво на ЕУ, темата на професионализација на Образованието на возрасни доживеа пораст во интерес во областа на образовните начела, и тоа во тек на последните неколку години. Првото соопштение на Европската комисија за Образование на возрасни (Европска комисија 2006) и акциониот план за Образование на возрасни којшто следеше една година подоцна (Европска комисија 2007) ги дефинираат професионалните квалификации на персоналот како клучен фактор за квалитетот на образованието на возрасни. Пораснаа критиките во однос на сеопштото неадвекватно ниво на степенот на внимание коешто досега постоело за оваа задача во Европа, како недостатокот на униформирани квалификациски стандарди и поврзани иницијални и продолжителни концепти за образование и обука. Квалификациските програми коишто постојат во индивидуалните држави се екстремно хетерогени, скоро е невозможно да се споредат едни со други и тешко се проценуваат во однос на квалитет поради недостатокот на репери коишто за цел би имале споредба на овие програми.

Репер којшто се применува на транснационално ниво постои уште од 2008 година во форма на Европска квалификациска рамка (ЕКР; Европски Парламент/Совет на Европа 2008), којашто беше иницирана од страна на ЕУ. Меѓутоа, ЕКР само овозможува апстрактна споредба на квалификациските нивоа, не земајќи ги во предвид односните содржини. За да се обезбеди споредба на квалификациите поврзана со содржината, потребно е диференцијално познавање на оваа содржина. Во контекст на Образованието на возрасни ова значи дека е потребно заедничко разбирање за тоа кои компетенции мора да ги поседуваат наставниците во Образованието на возрасни на различни квалификациски нивоа.

Ваквиот развој ја оформува општата позадина на проектот за соработка опишан подолу помеѓу Германскиот институт за Образование на возрасни – Центарот Лајбниц за Доживотно учење (DIE) и Институтот за меѓународна соработка на Германскиот сојуз на Народни универзитети (*dvvinternational*). Градејќи врз нивните претходни активности, двата институти си ја поставија целта заеднички да развијат и применат наставен план поставен врз научна основа којшто ќе биде транснационално компатибилен и ќе пружи основни квалификации за наставниците во Образованието на возрасни. Комбинацијата на наука и пракса кон којашто стреми директно е рефлектирана во специфичното институционално партнерство:

**DIE** е неуниверзитетски научно-истражувачки институт и инфраструктурирана институција која дејствува како компетентна контактна точка и провајдер за сите институции чијашто работа е посветена на Образованието на возрасни и Доживотното учење. Преку неговите истражувања и научни услуги, DIE придонесува кон националниот и меѓународен развој и вмрежување на Образованието на возрасни.

Работата на DIE служи за целосно опфаќање на социјално-политичката цел на проширување на образованието на возрасни и подобрување на неговиот успех, притоа подобрувајќи го личниот развој на поединецот, неговото учество во општеството и можностите за вработување на возрасното население.

Во согласност со неговата мисија, задачите на DIE покриваат две клучни области: поврзување на науката за Образованието на возрасни и неговата практична примена, поддржување на овие две области со податоци и информации и вршење на внатрешни истражувања и развојна работа.

Истражувачките активности на DIE ги опфаќаат сите области на активности во областа на продолжителното образование: процесот на учење кај возрасните, дидактичкиот изглед на програмите, персоналот, институциите за продолжително образование и продолжителниот образовен систем заедно со неговите финансиски, политички и легални аспекти.

Професионализацијата на продолжителното образование и во контекст на Германија и на меѓународно ниво претставува постојана клучна област на DIE во последните неколку децении. Во последните неколку години, проектите за истражување и развој се базирани врз професионалните области на активности и барања за компетенција во Образованието на возрасни и Продолжителното образование, концептуалниот дизајн и проценка на квалификациските програми за наставниците во Образованието на возрасни, развој на квалификациските стандарди и валидирање на сертификатите за неформално здобиени компетенции.

***dvv international*** е Институт за меѓународна соработка на Германскиот сојуз на Народни универзитети, кој пак е сојузна асоцијација која ги поврзува 16-те регионални асоцијации на Германските општински центри за Образование на возрасни.

Според принципите на *dvvinternational,* образованието и Образованието на возрасни се основно човеково право и витален предуслов за развој на најважните области од соработката за развој.

*dvv international:*

- ја промовира Европската и глобална размена на информации и експертизи за Образованието на возрасни и неговиот развој
- пружа поддршка за воспоставување и ширење на структури за Образование на возрасни и

млади во земјите во развој и транзиција.

- нуди продолжително образование, консултации и медиуми за глобални, интеркултурелни и Европски начела.

*dvv international* соработува со повеќе од 200 партнери низ целиот свет, во повеќе од 30 земји. Институтот се гледа себеси како специјалист партнер којшто придонесува со искуство и ресурси во заеднички проекти и обратно, исто така учи од своите партнери.

Под сеопфатната цел – намалување на сиромаштијата, *dvvinternational* стреми кон воспоставување и развој на ефикасни организации за Образование на возрасни кои придонесуваат, во мрежи, кон развојно-ориентиран систем за Образование на возрасни.

Во својата соработка со селектирани партнери од државни и административни тела, професионални асоцијации и универзитети, невладини и основни организации, фокусот е врз зајакнување на институционалните структури, развој на компетенции и обезбедување на квалитет. Образованието и продолжителното образование на персоналот во Образованието на возрасни (продолжително образование на мултипликатори, базирани и врз темите и врз професијата, за инвидивидуалци во менаџментот, обучување и администрација на невладините организации и професионалните организации, зајакнување на програмите од универзитетско ниво за Образование на возрасни) играат централна улога.

## 2. Признанија

Тимот на CurriculumglobALE сака да изрази особена благодарност до LevanKvatchadze којшто беше длабоко инволвиран во поставувањето на овој проект и во прелиминарната анализа на постоечките концепти, Доцент Д-р. Markus Höffer-Mehlmer, кој го разви деталниот концепт за обука опишан во прилог 2. Исто така тие би сакале да ѝ се заблагодарат на Bianka Spieß од Layout Manufaktur во Берлин, Германија и Garegin Martirossian од The Sign во Ереван, Ерменија за нивната поддршка во развојот на логото на CurriculumglobALE.

Наставната програма CurriculumglobALE беше дискутирана на една средба на работна група од Германските Народни универзитети (Volkshochschulen) за градење капацитети, развој на квалитет и советување, дискусија која даде корисен фидбек за структурите и размерот на иницијативата. Вреден придонес исто така дојде и од експертите коишто земаа учество во работилницата на 3. и 4. декември (листата на учесници може да се најде во фуснотата 3).

Тимот исто така би сакал длабоко да им се заблагодари на сите коишто учествуваа во развојот на наставната програма CurriculumglobALE како заеднички напор.

CurriculumglobALE е отворен за секаков вид на фидбек или коментари. Ако сте заинтересирани за примена на оваа наставна програма, или сакате да се вклучите во нејзиниот понатамошен развој, Ве молиме да стапите во контакт со некој член на тимот.

## 3. Цели и задачи на проектот

Главната цел на проектот изработен од DIE и *dvv international* беше да се развие, тестира и рашири еден основен наставен план за обучување на наставници во Образованието на возрасни вон универзитетскиот сектор кој, е во иста линија со основните принципи на Образованието на возрасни, ги задоволува меѓународните научни стандарди и е погоден за употреба на транснационално ниво.

Сеопфатна цел на оваа иницијатива е:

- да се засили професионализацијата на наставниците во образованието на возрасни со обезбедување на заедничка референтна рамка,
- да се поддржат провајдерите на Образование на возрасни во дизајнот и имплементацијата на програмите обучи-го-обучувачот, и

- да се поттикне размената на знаења и заедничкото разбирање помеѓу наставниците во Образованието на возрасни низ целиот свет.

Врз база на овој позадински контекст, *модуларизацијата* и *ориентацијата кон резултатите од учењето* беше специфицирана од самиот почеток како клучен предуслов за наставниот план во развој. Фундаментален елемент беше да се обезбеди опис и на наставниот план како целина и на индивидуалните модули во форма на резултати од учењето и компетенции. *Резултатите од учењето* го оформуваат стандардно поставеното јадро на наставниот план, коешто е конзистентно низ сите држави и не може да се промени. Во оваа смисла, наставната програма CurriculumglobALE може исто така да се постави така, да може да вклучи и вид на мета-компетентна работна рамка за наставниците во Образованието на возрасни. Резултатите од учењето дефинирани во наставната програма ги претставуваат токму тие компетенции коишто сите наставници во Образованието на возрасни би требало да ги поседуваат, без разлика во каков географски, институционален или специфичен за одредено подрачје контекст тие работат.

*Квалификациското ниво* кое одговара на овие компетенции е она на основни квалификации за областа на Образованието на возрасни. Наставник во Образованието на возрасни којшто воглавно само предава е земен како професионален референтен профил. Со други зборови, резултатите од учењето опишани во наставниот план прават квалификација којашто инструкторите на курсевите, обучувачите, предавачите и слични индивидуалци треба да ја поседуваат како предуслов за извршување на нивната работа на професионален начин. Ако се земе во предвид Европската Квалификациска Рамка, тогаш наставниот план би бил класифициран од прилика на ниво ЕКР 5 (EQFlevel5)[1].

Во дополнение на резултатите/компетенциите од учењето како главен елемент, наставната програма треба да обезбеди поддршка и да даде идеи како да се постигнат тие резултати од учењето и како понатаму да се развијат соодветните компетенции. За оваа цел, наставната програма треба да предложи група на нацрт модули кои би вклучувале:

- компилација на теми и прашања за само-рефлексија кои ќе помогнат во постигнување на идентификуваните резултати од учењето.
- избор на соодветна литература за проучување за самостојно учење или употреба на часови
- препораки за методолошки-дидактичка имплементација
- препораки за временските рамки за индивидуалните модули[2]

Комплетниот пакет на модули би требало според ова да пружи солиден темел за дизајнирање на соодветна програма за обука низ која наставниците во Образованието на возрасни можат да се здобијат со, и да ги развијат неопходните компетенции. Бидејќи контекстуалните услови и специфичните потреби на целните групи сепак значително ќе варираат помеѓу различните региони, институции или домени, елементите наведени погоре – теми, предложена литература, предложени дидактички методи – имаат повеќе карактер на препорака (види дел 1). Тие повеќе или помалку можат да се променат, сѐ зависно од специфичниот контекст на нивната примена. Според ова, наставната програма е направена со намера да пружи модел кој може да се земе како основа за изработка на индивидуални програми за обука кои може да се разликуваат според дадената содржина, материјалите, методите и форматите, согласно потребите на специфичниот контекст, но кои сепак сите имаат исти заеднички стандарди за компетенција.

---

1 ЕКР ниво 5 (EQFlevel5) од прилика одговара на краткорочна програма на студии на универзитетско ниво рангирана под дипломата за Високо Образование (Bachelor"sdegree) (која одговара на ЕКР ниво 6 (EQFlevel6)).

2 Ова е дадено само како пример за можен облик на имплементација на севкупниот наставен план, имено, традиционална програма за обука со компактни блокови на лекции. Во пракса се возможни многу различни пристапи и формати во најразлични комбинации, како би се постигнале зацртаните резултати од учењето: на пример менторски програми или работа на проекти, во дополнение на класичните блокови лекции. Би можело да се изработи и некаква форма на документација и (делумно) препознавање на компетенции со кои учесниците веќе неформално се стекнале претходно. Партнерите на проектот исто така имаат намера да ја истражат специфичната форма којашто ваквите опции потенцијално би можеле да ја имаат.

*Процедура на проектот*

Проектот е поделен на две пошироки фази:

*Развојната фаза*, која траеше од средината на 2011 год. до крајот на 2012 год. ги вклучи следниве работни чекори:

- Собирање и евалуација на постоечките профили на компетенција, квалификациски стандарди, програми за обуки и наставни програми од различни држави, особено земајќи ги во предвид примерите коишто веќе имаат транснационален фокус
- Создавање на драфт верзија на прв наставна програма направенаврз овие основи
- Дискусија околу драфт верзијата на работилница со меѓународни експерти[3]
- Ревизија и завршување на наставната програма и нејзина подготовка за фазите на тестирање и пуштање во широка употреба.

За *фазата на тестирање и пуштање во широка употреба*, која ќе се одвива во 2013 год. предвидени се следниве чекори:

- Пилотирање на наставниот план во различни државни проекти на *dvv international* и документирање на сценаријата на имплементација.
- Претставување на наставната програма и размена на искуства во однос на нејзината примена во пракса на некоја меѓународна конференција.
- Публикација на позадината и на резултатите од проектот вклучувајќи ги и предвидените намени во иднина и понатамошниот развој на наставната програма .

[3] Работилницата се одржа на 3-ти и 4-ти декември во Бон, Германија, експертите коишто учествуваа беа: Емир Авдагиќ, *dvv international*, Босна и Херцеговина;Маја Аврамовска Трпевска,*dvv international,*Македонија;Проф. JohnJacques WilliamAitchison,Универзитет KwaZulu-Natal, Јужна Африка; AnitaBorkar, ASPBAE, Индија;Д-р.. KailashChoudhari, IAEA, Индија;TanjaCzerwinski,*dvv international*, Германија; FilipDedeurwaerder-Haas, Републички сојуз на Народните универзитети на Северна Рајна – Вестфалија, Германија;Д-рMarthaFarrell, PRIA, Индија; Д-р.Marion Fleige, Технички Универзите Кемниц, Германија;Проф. Д-р.Markus Höffer-Mehlmer, Универзитет JohannesGutenberg, Мајнц, Германија; Проф. Д-р.Wolfgang Jütte,Универзитет Билефелд, Германија; SusanneLattke,DIE, Германија; Проф. Д-р. HenningPätzold,Универзитет Koblenz-Landau, Германија; Д-р.KatarinaPopovic, Универзитет во Белград, Србија; AngelMarceloRamírez Eras, Guanchuro, Еквадор; Проф. Д-р.MichaelSchlemmann, Универзитет Justus-Liebig, Гисен, Германија; Д-р. Beate Schmidt-Behlau,*dvv international*,Германија; Проф.Syed Yusuf Shah, IAEA, Индија;Maduh Singh,UIL, Германија; Galina Veramejchyk, *dvv international*, Белорусија; JescoWeickert,*dvvinternational,* Германија; FatimaYacine, Direction delaLutteContre l'Analphabétisme,Мароко

## 4. Целни групи и примена на наставната програма Curriculum globALE

Наставната програма иницијално цели кон институции и организации од областа на Образованието на возрасни кои сакаат да се осигурат дека квалификациското ниво на нивните наставници ги задоволува професионалните стандарди. Како референтна рамка која обезбедува квалитет, наставната програма CurriculumglobALEобезбедува меѓународен стандард којшто исто така ѝ се обраќа и на останатата заинтересирана специјалистичка публика и на оние коишто ги носат одлуките при изработката на образовните начела, и тоа не само на ниво на институции за Образование на возрасни.

Земајќи ја во предвид специфичната примена, наставната програма и нејзините публикации примарно се наменети за индивидуалците кои се инволвирани во процесот на планирање и организација на квалификациски програми за наставниците во Образованието на возрасни[4].

Со дефинирање на резултатите од учењето, наставната програма обезбедува ориентациона рамка за оваа работа во однос на целите коишто треба да се остварат преку квалификациските програми.

Преку понатамошни информации за темата, содржината, методите и форматите, наставната програма пружа дополнителна помош во специфичните планирања и имплементации на индивидуалните програми. Како што веќе спомнавме, овие елементи можат да се променат според специфичните регионални основи коишто треба да се задоволат.

Целосно развиен концепт на обука базиран врз оваанаставната програма исто така е интегрален дел на оваа публикација. Тој треба да се земе како пример за можна форма на имплементација. Ако тоа е потребно, тој може да се прилагоди од страна на локалните планери или организатори и да се имплементира како пример од читанка на база 1:1.Меѓутоа, поради различната инфраструктура и условите поврзани со културалната позадина на индивидуалните држави и региони, поверојатно е дека ќе треба да се направат прилагодувања, или дека ќе треба да се развијат нови, сопствени концепти на обука.

## 5.Структура на оваа публикација

Првиот дел од оваа публикација нуди детален увод во наставната програма. Тој ги претставува најважните извори врз чија основа е развиена оваанаставна програма, и ги објаснува методичките процедури за развојот на наставната програма. Првите делови им се посветени на специфичните поединости на наставната програма CurriculumglobALEи го објаснуваат нејзиниот размер, специјалните обележја, основните принципи и проблемите коишто се преклопуваат во неколку области, како и нејзината позиција во рамките на развојот на соработката на меѓународното Образование на возрасни.

Останатите поглавја ја објаснуваат примената на наставната програма во пракса. Тие идентификуваат директни области и можности за нејзина примена, ги наведуваат предусловите за работа со оваанаставна програма во пракса и ги нагласуваат различните перспективи за употреба во други области на примена на наставната програма.
Целоснатанаставна програма е дадена во вториот дел од оваа публикација.

Третиот дел наведува дополнителни материјали како прилог кои можат да бидат корисни за практичната страна од работата со оваанаставна програма. Тој вклучува:

- листана користени компетентни профили, стандарди,програми за обуки, наставна програма, итн... кои беа директно вклучени во изработката на оваанаставна програма.
- концепт на обука даден како пример, изработен целосно врз основа на оваанаставна програма
- избор на литература за проучување и релевантни веб-страници за индивидуалните модули на наставната програма и ресурси за самостојно учење

4 Според ова, самите наставници во Образованието на возрасни ја формираат индиректната целна група на овој наставен план. Она што се подразбира под поимот „Наставник на возрасни“ и очекувањата поврзани со оваа професионална улога може многу да варираат во индивидуални случаи во различни држави и светски региони (за повеќе детали погледнете го дел 1)

## 6. Литература


- Совет на Европа: Резолуција на Советот за обновена Европска агенда за Образование на возрасни. Во: Официјален журнал на Европската Унија C 372 од 20.12.2011

- Европска Комисија: Комуникација од комисијата: Обрзование на возрасни: Никогаш не е предоцна за да се учи. Брисел, 23.10.2006. COM (2006) 614 финално

- Европска комисија: Комуникација од Комисијата до Советот, Европскиот парламент, Европскиот Економски и Социјален Комитет и до Комитетот на регионите: Акциски план за Образование на возрасни. Секогаш е добро време да се учи. Брисел, 27.09.07. COM (2007) 558 финално

- Европски Парламент / Совет на Европа: Препораки од Европскиот Парламент и од Советот на Европа од 23 април 2008 за воведување на Европска Квалификациска Рамка за Доживотно Учење. Во: Официјален журнал на Европската Унија C 111 од 06.05.2008

- OECD: Дефинирање и селекција на клучни компетенции. Краток преглед. Онланј: http://www.oecd.org/dataoecd/47/61/35070367.pdf, 2005 (Последен пат посетена страницата на: 04.08.12)

- Препораки од европскиот парламент и од Советот од 23 април 2008 за воведување на Европска Квалификациска Рамка за Доживотно Учење. Во: Официјален журнал на Европската Унија C 111 од 06.05.2008

- UNESCO: Жнеење на моќта и потенцијалите на Образованието и учењето на возрасни за остварлива иднина. Белемска рамка за акција. CONFINTEA VI. Белем, 4. декември 2009

- UNESCO Институт за доживотно учење (UIL): Глобален извештај за Образование и учење на возрасни. Хамбург 2009

# Б. Вовед во CurriculumglobALE

## 1. Примарни извори

CurriculumglobALE е базиран врз три главни столба:

a) постоечки обучи-го-обучувачот програми од контекст на работните проекти на *dvvinternational*

b) постоечки национални квалификациски системи и стандарди за наставниците во Образованието на возрасни

c) транснационални стандарди за компетенција за наставниците во Образованието на возрасни коишто беа претставени во рамките на Европските проекти

*а) Програми од работните проекти на dvvinternational*

Обучи-го-обучувачот програми кои биле специјално направени за различни области на примена се употребуваат со години во рамките на проектната работа водена од страна на*dvvinternational*.Некои од тие материјали имаат транснационален, регионален карактер, на пр. во Азиски или Африкански контекст, други се поврзани со индивидуални држави, на пример Палестинските територии, Јужна Африка или Узбекистан. Сите програми биле изработени во соработка помеѓу претставници на *dvv international* и на локалните актери, а по потреба се вклучувале и дополнителни експерти од меѓународните мрежи на *dvv international*. Детален преглед на овие индивидуални програми може да се најде во Прилог 1.

*б)Национални квалификациски системи и стандарди*

Како што е покажано во извештаите од CONFINTEA VI, програми за професионализација на (идните) наставници во Образованието на возрасни има во многу држави. Тие прилично се разликуваат во однос на размерот, спектарот на теми, нивото на квалификација и степен на формализација. Тие се протегаат од дипломски курсеви во образовните студии на универзитетите коишто траат и по неколку години, до еднодневни продолжителни образовни курсеви со широк опсег на специјализирани теми.

Многу од овие програми се изолирани иницијативи имплементирани на проектна основа, на пр. концепти за обуки кои биле развиени за да покријат специфични потреби за дадена моментална ситуација без никакви амбиции за развивање на долгорочни програми од оваа основа или стремеж да се креира врска со формалниот образовен систем.

Меѓутоа, во голем број на држави исто така има понуда и на постојани континуирани програми и квалификациски системи. Најчесто провајдери се високо-образовни институции (во случај на дипломски програми) или важни тела од Образованието на возрасни кои нудат продолжително образование за нивниот сопствен персонал, на пр. основна квалификација за инструктори на курсеви кои ги нудат германските асоцијации за Образование на возрасни. Само во неколку држави – на пр. Австрија, Швајцарија и Англија – постојат етаблирани квалификациски системи вон универзитетите преку провајдери на национално ниво за наставниците од Образованието на возрасни. Некои од овие системи вклучуваат и сертификација на неформално здобиените квалификации како компонента. Преку процедура на препознавање во која постоечките компетенции се гарантираат и сертифицираат и се комбинираат со дополнително присуство на модули на курсеви преку кои се здобиваат со сите компетенции кои недостасуваат, наставниците во Образованието на возрасни можат да се здобијат со национално признаети квалификации во овие држави.
Ваквите етаблирани квалификациски системи и модели заедно со нивните соодветни основни стандарди за компетенции служеле како важни референтни точки во проектот за изработка на наставната програма.

Особено се работело на следниве специфични
примери:

- **SVEB сертификат**. Сертификатот којшто го нуди Швајцарската Федерација за Образование на Возрасни (SVEB) е првиот чекор во Швајцарскиот модуларен систем „обучи-го-обучувачот“ (AusbildungderAusbildenden). Сертификатот ги оформува основните квалификации за инструктори на курсеви во Образованието на возрасни коисе признаети низ цела Швајцарија. За да се добие сертификатот, мора да се заврши модул на обука којшто се состои од 90 часа предавања плус 165 часа само-проучување, како и најмалку две години професионално искуство со најмалку 150 часа одработени во Образование на возрасни. Процедурата за проценка на еквиваленцијата на постоечките компетенции може да го замени завршувањето на овој модул на обука.[5]
- **WBA сертификат "Сертифициран наставник во Образованието на возрасни"**: Овој сертификат го претставува првото од двете квалификациски нивоа за наставници во Образованието на возрасни во рамките на Австриската Академија за Продолжително Образование (WBA). WBA е дел од кооперативниот Австриски систем за Образование на Возрасни од Австрискиот Сојузен Институт за Образование на Возрасни. WBA ги одредува стандардите во форма на наставна програма. За да се добие сертификатот, наставниците во Образованието на возрасни мора да докажат дека ги поседуваат предодредените компетенции и ова може да се направи во неколку различни форми. Сите компетенции коишто недостасуваат можат да се добијат дополнително со посетување на курсеви. Релевантно практично искуство од најмалку 300 часа работа во Образованието на возрасни е исто така предуслов за да се добие сертификатот.[6]
- **Диплома за предавање во Секторот на Доживотно Учење (DTLLS)**. Во2007 год, здобивањето со релевантна, акредитирана квалификација беше законски предуслов во Англија за наставници во јавно финансираниот сектор за продолжително образование. Од 2007 год., новите учесници во Образованието на возрасни треба да комплетираат курс од 30 часа во првата година од предавањето. За да се здобијат со целосна DTLLS квалификација, мора да завршат во рок од првите 5 години проширена модуларна програма за обука која може да се заврши на база на внатрешен сервис во рок од 1 или 2 години. 150 часа предавања годишно се предуслов и претставуваат интегрален елемент на оваа програма за обука. За да се акредитираат, DTLLS програмите мора да се совпаѓаат со „LLUK Професионалните стандарди за Наставници, Тутори и Обучувачи во Секторот за Доживотно Учење“ кои ја поставуваат референтната рамка за компетенциите коишто треба да се добијат.[7]

*ц) Стандарди за транснационални компетенции од проектите на ЕУ*

Третио столб којшто ја чини основата на CurriculumglobALE беше серија од Европски студии и проекти кои се однесуваат на профилите за компетенција на наставниците во Образованието на возрасни во последните неколку години. Дел од овие проекти се занимаваа со проблемите на одредување, на истражувачко-ориентиран начин, кои (основни) компетенции треба да се бараат од наставниците во Образованието на возрасни. Други проекти беа посветени на развојот на специфични портфолио алатки за наставниците во Образованието на возрасни со кои можат да се снимат веќе постоечките компетенции, можат да се одредат потребите за понатамошен развој на компетенциите а професионално-продолжителниот развој може целно да се планира. Поради транснационалниот фокус и целта на поставување на стандарди, овие проекти и компетенциските профили коишто произлегуваат од нив беа од особен интерес за развојот на globALE наставната програма.

[5] http://www.alice.ch/de/ada/zertifikat/
[6] http://www.wba.or.at/studierende/kompetenzen_zertifikat.php
[7] http://collections.europarchive.org/tna/20110214161207/http:/www.lluk.org/wp-content/uploads/2010/11/new-overarching-standards-for-ttt-in-lifelong-learning-sector.pdf

Следниве Европски студии и модели беа земени во предвид:

- **“Добар наставник во Образование на возрасни во Европа (AGADE)” (2004-2006):** Проектот со партнери од Естонија, Ирска, Литванија, Латвија, Норвешка, Португалија, Шведска и Унгарија разви минимални стандарди за наставниците во Образованието на возрасни во Европа, како и наставна програма за тренинг курс изграден на оваа основа. Стандардите се однесуваат на четирите различни улоги на наставникот во Образованието на возрасни: наставник, водич, олеснувач и тренер.[8] Вкупно 16 критериуми беа развиени и групирани или како критериум кој се поврзува со индивидуално лице или други критериуми кои се поврзуваат со професионалното поле.

- **"Валидација на информалните и неформалните психо-педагошки компетенции на наставниците во Образованието на возрасни (VINEPAC) (2006-08**): Проектот со партнери од Германија, Франција, Малта, Романија и Шпанија разви алатка за валидирање на психо-педагошките компетенции на наставниците (обучувачите) во Образованието на возрасни. Оваа алатка го добива името „Validpack“, и се состои од еден диференцијален модел за компетенција со кластерите „знаење“, „тренинг/менаџмент“, „проценка“ и „валоризација на учењето“, „мотивација и советување“ и „личен и професионален развој“. Во наредниот проект[9] инструментот моментално се тестира и се развива понатаму.

- **"Флексибилни патеки за професионализација на наставниците во Образованието на возрасни помеѓу 6-то и 7-мо ниво на EQF (Flexi-Path)"**: Проектот со партнери од Германија, Естонија, Велика Британија, Италија, Романија, Швајцарија и Шпанија разви пртфолио со алатки за компетенции на високо квалифицирани наставници во Образованието на возрасни. Овој инструмент ги идентифицира компетенциите во три области (учење – луѓе – пракса) кои се релевантни за наставниците во Образованието на возрасни кои ја превземаат одговорноста за планирање, менаџмент и водство вон нивната работа како предавачи.[10] Овој инструмент е базиран врз Европската Квалификациска Рамка.

- **"Клучни компетенции за професионалците во образованието на возрасни (2010)".** Оваа студија направена низ цела ЕУ од Холандскиот Институт *Research voor Beleid* имаше за цел да ги идентифицира клучните компетенции потребни за наставниците во Образованието на возрасни во Европа и да создаде соодветна референтна рамка за „Клучни компетенции на професионалците коишто работат во Образованието на возрасни“. Референтната рамка го покрива целото професионално поле на Образование на возрасни вклучувајќи ги сите можни професионални улоги и функции. Во рамките на самиот проект, не се правеше разлика во однос на под-областите на Образованието на возрасни или индивидуалните професионални улоги. Меѓутоа, референтната рамка претставува почетна точка за ова.[11]

- **Квалифицирани да предаваат (QF2Teach) (2009-2011)**: Проектот, со партнери од Германија, Велика Британија, Италија, Холандија, Полска, Романија, Шведска и Швајцарија, направи една Delphiстудија во партнер - државите, во кое го испитуваше прашањето кои компетенции наставниците треба да ги поседуваат во продолжителното учење независно од нивниот специфичен работен контекст. Од резултатите на оваа анкета беше изработен еден каталог којшто се состои од девет основни компетенции. Тие беа детално развиени во форма на квалификациска рамка базирана врз Европската Квалификациска Рамка.[12]

[8] http://www.vabaharidus.ee/public/files/LPIA_Agade_A4.pdf
[9] Capitalizing onValidpack:going Europewide:www.capival.eu
[10] http://www.flexi-path.eu/
[11] http://ec.europa.eu/education/more-information/doc/2010/keycomp.pdf
[12] http://www.qf2teach.eu/

## 2. Процедура за развивање на наставниот план

Процедурата за развивање наnаставната програма CurriculumglobALE се состоеше од неколку чекори[13]:

- Посточките програми за обуки беа систематски анализирани во однос на нивните теми и содржини, особено во однос на зацртаните резултати и компетенции од учењето. Целта беше да се исфилтрираат заедничката основа која беше релевантна во сите држави и проекти кои беа покриени.
- Врз оваа основа беа идентифицирани прелиминарните основни тематски области на целниот наставен план, а секоја од нив би требало да е покриена со посебен модул.
- Тогаш започна развојот на индивидуалните модули, заедно со формулацијата на целите на учење, компетенциите и содржинските области во еден процес којшто се состоеше од неколку чекори. Индивидуалните развојни чекори постојано се споредуваа со претходно споменатите национални и Европски референтни модели. На овој начин се обезбеди целосно поврзување на наставната програма со постоечките меѓународни стандари.
- Како дополнување на оваа споредба со постоечките модели, за време на развојната фаза проектната група се здоби со фидбек од прелиминарни драфт верзии од индивидуални колеги и експерти. Овој фидбек тогаш се земаше во предвид во процедурата на понатамошниот развој на наставната програма. За време на процесот на развивање, нацртите на модулите и драфтовите се менуваа неколку пати.
- Првиот драфт од целосната наставна програма беше дискутиран и валидиран на една работилница со научни и експерти од праксата на Образованието на возрасни на крајот од 2012 год. Врз основа на овие дискусии, после тоа сегашниот драфт беше ревидиран на една работилница каде што учествувале најразлични експерти од оваа област.
- Практично тестирање на ревидираната драфт верзија на наставната програма ќе се направи во некои од партнер државите на *dvv international* на почетокот од 2013 год. Различните сценарија (контексти, учесници, начин на испорака итн) ќе се документираат и ќе бидат објавени за понатамошна употреба.
- Фидбекот и резултатите од евалуацијата од практичното тестирање ќе ја формираат основата за финалната ревизија и за изработка на финалната верзија на наставната програма CurriculumglobALE на почеток од 2014 год.

---

[13] Thesetimedetailsrepresent theplanning status at theendof 2012andmay beadjustedif necessary

## 3. Специфични карактеристики на проектот за изработка на наставната програма

Иако листата погоре содржи примери од проекти кои се меѓународни и се шират вон националните граници, ова не би требало да влијае на фактот дека досега најголемиот дел од проектите и искуствата коишто се однесуваат на квалификациите на наставниците во Образованието на возрасни имаат национален карактер. Тие се наменети за специфичен културен и социјален контекст, и се соодветно извлечени од ваква основа. Сознанието дека ваквите проекти вообичаено се фокусираат на слични улоги и компетенции доведе до серија на проекти кои се шират вон националните граници на Европа, како што тоа е случај со проектите наведени погоре. Меѓутоа, на глобално ниво, опфаќајќи ги сите континенти, досега не се направени никакви забележливи напори за да се изработат профили со заеднички компетенции или квалификациски стандарди и да се развие заедничка наставна програма врз овие основи. Иако делумно ова е резултат на комплексноста на меѓународната соработка, сепак најмногу може да му се припише на различното дефинирање на Образованието на возрасни и на персоналот којшто работи во ова поле.

Оваа тема беше покрената во неколку различни прилики во професионалните кругови, вклучувајќи ја и CONFINTEA VIво Белем. Во глобална перспектива, професионалните улоги на наставниците во Образованието на возрасни покриваат екстремно широк спектар. Постојат многу различни мислења околу тоа кои задачи припаѓаат во надлежноста на наставниците во Образованието на возрасни и кои квалификации се неопходни за ова. Во некои држави, наставниците во Образованието на возрасни може едноставно да бидат вработени во образованието чија главна квалификација се состои од способноста да читаат и пишуваат, комбинирано со способноста да ги пренесуваат овие вештини на другите. Само во неколку случаи е потребна специјална форма на подготовка за да се исполни оваа наставна задача. Во многу држави, пренесувањето на објективни информации се смета за главна задача на наставниците во Образованието на возрасни, со други зборови, многу слично на традиционалниот концепт за наставник. Спротивно, во други држави може да се забележи јасна промена на улогата на наставниците во Образованието на возрасни, кон функција на управување, поддржување и олеснување. Тренер, олеснувач, модератор, советник и водич се имињата на улогите за наставниците во Образованието на возрасни кои ја рефлектираат оваа промена. Тие сѐ повеќе добиваат на тежина како и класичните термини како тренер (за возрасни), наставник (за возрасни) и педагог за возрасни. Некои од овие термини ставаат поголем акцент врз објективната функција и компетенциите, способностите и вештините кои треба објективно да се пренесат. Другите ставаат поголем акцент врз функцијата на наставниците во Образованието на возрасни за пружање на поддршка и олеснување при само-реализацијата и развојот на личностите на учениците.

Горенаведената промена во фокусот од објективна до олеснувачка функција исто така има последици врз начинот на кој тренинзите за наставниците во Образованието на возрасни концептуално се дизајнирани. На пример, на Јужно-американскиот континент може да се забележи силното влијание на Paolo Freire. Со неговиот концепт за критична свесност (*conscientização),* Freireимаше силно влијание врз концептот за наставниците во Образованието на возрасни во Латинска Америка, чијашто главна задача се смета дека е развивањето на критичка рефлекција (*reflexãocritica*) помеѓу учесниците.

Во многу земји во развој терминот *мултипликатори* често се употребува. Овој термин зборува многу повеќе за организацијата и структурата на Образованието на возрасни отколку за неговата содржина и функција. Овој концепт е корисен затоа што се ослободува самиот себеси од поврзување со специфични содржински области и главно се фокусира врз методите на образовната работа со возрасни.

Друга разлика лежи во провајдерите и институционалните контексти на Образованието на возрасни. Улогата на наставниците во Образованието на возрасни се разликува во зависност од тоа дали тие работат во формалниот образовен систем, во државни организациски форми или во *граѓанскиот* општествен сектор како на пр. невладините организации коишто ги спроведуваат

образовните програми.

Сегашната наставна програма не е базирана врз горенаведените концепти на улоги, туку наместо тоа ги покрива како целина во смисла на нивната заедничка основа. Во пракса, јасна поделба на горенаведените улоги не е секогаш возможна и често резултира со мешавина на овие улоги. Сегашната наставна програма ја рефлектира оваа тенденција. Заедничката основа на различните улоги се наоѓа во позадинските компетенции коишто би требало да ги поседуваат наставниците во Образованието на возрасни, без разлика на нивниот културен, институционален или тематски работен контекст. Сегашниот наставен план е изграден врз оваа група на основни компетенции. Специфицирањето на овие компетенции неопходно имплицира одредена претстава за улогата на наставниците во Образованието на возрасни, односно наставниот план поставува еден одреден стандард.

Ако се земат во предвид различните позадински услови за Образованието на возрасни во различните држави и региони, овие стандарди свесно се однесуваат само на излезните фактори – компетенциите кои треба да се развијат и кои се дефинирани неспецифично во наставниот план во однос на контекстот. Што се однесува до излезните фактори, односно специфичната содржина и примерите, кога се имплементира една програма за обука, наставниот план нуди доволно простор за вклучување на локалните, културните и останатите специфични поединости во концептуалниот дизајн. Варијабилните делови од наставниот план помагаат во придонесувањето кон ова.

Што се однесува до самото Образование на возрасни, улогата на наставниците во Образованието на возрасни зависи од контекстот како и од економските аспекти, социјалните фактори и развојот на образовното поле. Ова како резултат создава одредени ограничувања за наставниот план, кои цели кон примена низ сите држави, региони и предметни области. Од друга страна, сега постои свесност за неопходноста за професионализација на Образованието на возрасни, до таа мерка на светско ниво што Белемската Работна Рамка во своето поглавје за квалитетот на Образованието на возрасни експлицитно бара: „подобрување на обуките, понатамошно градење на капацитетот, условите за вработување и професионализација на наставниците во Образованието на возрасни, на пр. со воспоставување на партнерства со повисоки образовни институции, асоцијации на наставници и граѓански општествени организации.“[14] Овие глобални тенденции, како и веќе постоечките програми и посветеноста на различните актери и организации за зголемување на квалитетот на Образованието на возрасни преку професионализација на полет, ја формираат основата за започнување на овој проект за изработка на еден глобален наставен план. CurriculumglobALE тежи кон исполнување на целта да ја поддржи професионализацијата на Образованието на возрасни со специфицирање на основните компетенции како референтна рамка за квалификација на наставниците во Образованието на возрасни независно од нивната специфична област на работа. Тој е глобале не само во географски контекст туку и во контекст на насочување на тренерите во професионалното продолжителсно образование како и наставниците коишто работат во описменување, наставници кои работат во државни училишта и педагошки ангажирани активисти инволвирани во социјалните движења.

## 4. Рамка на CurriculumglobALE

CurriculumglobALE го следи „Пристапот базиран врз човековите права“ (HumanRights-BasedApproach - HRBA) во развојната соработка:

„Во HRBA човековите права ја одредуваат врската помеѓу индивидуалците и групите со валидни побарувања (сопственици на права - rights-holders)и владини и невладини актери со корелативни обврски (носители на должности - duty-bearers). Тој ги идентифицира сопствениците на права (и она што им следи) и соодветните носители на должност (и нивните обврски) и работи кон зајакнување на капацитетите на носителите на права во нивните побарувања и надгледува дали

[14] http://www.unesco.org/fileadmin/MULTIMEDIA/INSTITUTES/UIL/confintea/pdf/working_documents/Bel%C3%A9m%20Framework

носителите на должностите ги исполнуваат нивните обврски[15]".

Импликацијата е дека наместо да биде сервис којшто се нуди според расположивост, образованието е гарантирано право кое мора да биде испорачано од страна на „носителите на должностите“.
Образованието на возрасни се опишува како основно право во најразлични прилики, особено во рамките на проектот Образование за сите (EducationforAll- EFA) и како дел од Меѓународниот Договор за Економски, Социјални и Културни Права:

"13(d)Основното образование ќе биде поддржано или интензивирано колку што е можно повеќе за оние лица кои немаат добиено или комплетирано цел период од нивното основно образование“.
Во основа, Образованието на возрасни е еден од предусловите за правото на само-исполнување и реализација на нечиј целосен потенцијал. Во рамките на CurriculumglobALE оваа претпоставка се поврзува со концептот за квалитет.

## 5. Квалитет на образованието

За да се обезбеди правото на образование за возрасните ученици, три групи имаат различни одговорности:

*Улогата на државното и граѓанското општество:*
Квалитетот во контекст на системско разбирање ги опфаќа сите елементи од процесот на учење и ја нагласува виталната важност на квалифицираните олеснувачи за процесите на учење. За да се исполнат обврските за обезбедување на правото за образование, државата заедно со граѓанското општество треба да обезбеди адекватни системи за да даим овозможи на индивидуалцитеда се вклучатво доживотното учење.На средно ниво, треба да се обучи квалификуван кадар и да се обезбедат соодветни работни услови, вклучувајќи и добивање на правичен надоместок. На локално ниво, објектите за учење треба да бидат достапни и опремени за да ги задоволат потребите на возрасните ученици. Накратко, државата и граѓанското општество треба да обезбедат поволна средина за поттикнување на Доживотното учење за сите.

*Улогата на наставниците во Образованието на возрасни:*
Првиот заклучок на Обединетите Нации базиран врз RBA е дека: "Луѓето се признаваат какоклучниактери вонивниот развој, а не пасивни примачи настоки и услуги". Како последица, наставниците во Образованието на возрасни се стремат кон тоада ги поттикнат учесницитеда преземат одговорност засопствените интереси за да ги постигнат сопствените аспирации. Користејќи ги нивнитеметодолошки знаења, тиеќеим овозможат на учесницитеда преземат активнаулога вопроцесот на учење и, во зависност од соодветнитеоколности,ќеги поддржуваатво решавањето нанивнитепрашања од интерес.

*Улогата ма учесниците:*
Образованието не е производ којшто треба да се конзумира, туку процес во којшто треба да се инволвира. Дури и ако е обезбедена поволна средина, чинот на учењето треба да го направат учениците, па оттаму тие ја делат одговорноста за успешен резултат од учењето. Ова ги опфаќа ставовите, компетенциите и однесувањето кон самиот процес на учење. Учеството е двонасочен процес којшто ќе биде успешен само ако се искористат можностите коишто тој ги нуди.

За учесниците ова подразбира право и можност да иницираат само-насочено учење, како кругови на учење, ако тоа е потребно.

[15] "TheHumanRights Based ApproachtoDevelopment Cooperation TowardsaCommonUnderstanding AmongUNAgencies" ((2004))http://www.undg.org/archive_docs/6959-The_Human_Rights_Based_Approach_to_Development_Cooperation_Towards_a_Common_Understanding_among_UN.pdf

Овие три улоги се надополнуваат меѓусебно за да обезбедат корисно Образование на возрасни, да ги задоволат потребите, очекувањата и искуствата кои треба да се разменат помеѓу засегнатите страни за да се обезбеди жив систем за Доживотно Учење. CurriculumglobALE се стреми кон поддршка на сите наставници во Образованието на возрасни за да ги исполнат нивните улоги колку што е можно подобро.

## 6. Принципите на наставната програма CurriculumglobALE–Ориентирани кон компетенција – Ориентирани кон акција – Ориентирани кон учесниците – Во насока на оддржлив развој

*Ориентирани кон компетенција*

Како што е спомнато горе, наставната програма CurriculumglobALE е изградена врз принципите на ориентирање кон компетенција. Притоа, ова се поклопува со тенденција која долго време беше доминантна во областа на образованието, имено, со цел да биде ориентирана кон "output", во согласност со управувачката образовна политика. Дебатата којашто се однесува на професионализацијата и квалитетот на продолжителното образование исто така сè повеќе се ориентира кон оваа логика.

Компетенцијата е комплексен концепт. Ова е заеднички фактор во сите современи дефиниции за терминот компетенција. Дефиницијата на OECD од 2005 год. ја сумира вака:

> “К*омпетенција е многу повеќе од само знаење и вештини. Таа ја инволвира способноста да се исполнат комплексни барања, со повикување и мобилизирање на психосоцијални ресурси (вклучувајќи вештини и ставови) во еден одреден контекст.”* (OECD2005).

Според ова, компетенцијата опфаќа одреден број индивидуални елементи (знаење, вештини, погледи итн.) како и способноста тие да се донесат во меѓусебна релација и да се применат соодветно во специфични ситуации. Компетенцијата во оваа смисла се однесува на способноста да се реагира во одреден контекст – на пр. професионалниот контекст на наставник во Образованието на возрасни.

CurriculumglobALE цели кон ваквата способност да се реагира, земајќи ги во предвид претходно споменатите елементи на компетенција во наставниот план.

Наставниот план придонесува и кон развојот на когнитивните способности и вештини како и кон способноста за само-рефлексија, кон испитување на сопствените погледи и вредности, и кон способноста да се работи на мотивацијата и на емоционалните аспекти. Друг клучен елемент којшто се смета дека има централно значење во наставниот план е разбирање на поширокиот социјален контекст којшто значително ги оформува основните улови за дејствијата на секој наставник во Образованието на возрасни. Ова ги вклучува не само политичките и законските рамковни услови на една држава или регион, туку исто така и соодветните распространети концепти и погледи на Образованието на возрасни, вклучувајќи ги и некажаните, латентни погледи. Разбирањето и предрасудите коишто постојат во едно општество или култура во поглед на учењето и предавањето на возрасни претставува услов поврзан со контекстот којшто придонесува кон влијание врз дејствата на наставниците во Образованието на возрасни. Свесната рефлексија на овој аспект затоа претставува интегрален дел од основните вештини поврзани со компетенцијата на професионалните наставници во Образованието на возрасни.

*Ориентирани кон акција*

CurriculumglobALE опфаќа не само професионални вештини туку исто така и лични и социјални вештини. Примената на знаењето е поврзана со начинот на кој наставниците во Образованието на возрасни се справуваат со индивидуални ученици или со групи од ученици. Тоа исто така е поврзано и со капацитетот

за Доживотно учење. Наставниот план обезбедува мешавина од теорија и пракса. Основата ја формираат научни теоретски сознанија за процесот на учењето на возрасните и се важен предуслов за практична примена и вежби, како и нивната рефлексија и развој во однос на етаблирање на рефлективна пракса. Во однос на примената на наставната програма, поврзувањето на фазите на стекнување со теоретско знаење со фазите на практични вежби, пробата и примената се суштински предуслов. Само преку овој облик на изложеност ќе биде возможно да се исполнат барањата во однос на наставник во Образование на возрасни кој е компетентен и се однесува професионално.

Идеалната форма на примена на наставната програма би вклучувала вистинска професионална пракса како интегрален елемент.

Ова би барало поделба на секвенците на предавање низ подолг временски период со практични фази за учесниците помеѓу секвенците на предавање, односно тие треба да бидат поделени по моделот Инпут – Практично искуство – Одраз на праксата:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Секвенца на предавање(Input) | → | Практично искуство | → | Секвенца на предавање(одраз на праксата) |

За возврат, следната инпут фаза може да се гради врз резултатите од одразот на праксата, создавајќи еден тип на кружен процес на подобрување, како што е покажано со стрелките во дијаграмот.

Во фазите помеѓу моделите, учесниците се очекуваат да ги применат своите новоздобиени сознанија во дизајнирањето и имплементацијата на сесиите на учење на возрасните (види Б 9). Тие треба да бидат поддржани од ментори и да се охрабруваат заеднички да разменуваат искуства од праксата во предавањето.

*Ориентирано кон учесниците*

Ориентирањето кон учесниците е централен принцип на Образованието на возрасни врз коешто е базиран и CurriculumglobALE. Наставната програма дозволува многу слобода во самиот облик на имплементација. Ова може да се искористи за адаптација на содржината и методите според условите и потребите на учесниците. Ова веќе се применува на модулите од самата основа на наставната програма. Уште поголем простор за флексибилност и индивидуални прилагодувања е понуден во променливите делови на наставната програма, коишто можат слободно да се дизајнираат според локалните, целно-специфицирани потреби.

Ориентацијата кон учесниците исто така опфаќа и други аспекти: релевантност и поврзаност со реалноста на наставната содржина и методите за учесниците, земање во предвид на нивното искуство и постоечко знаење како и врската помеѓу наставниците и учесниците базирана врз еднаквост и меѓусебно почитување.

За време на фазата на имплементација, овие принципи бараат, помеѓу другото, конструктивна и мотивирачка комуникација, флексибилна организација на курсот и различни методи кои можат да ги земат во предвид различните потреби и барања.

*Оддржлив развој на учењето*

Образованието и учењето на возрасни треба да ја зголеми способноста на учесниците за ефективно учење, така да резултатите од учењето траат долго и ја формираат основата за понатамошно учење. Затоа Образованието на возрасни има задача не само да ја предава

содржината, туку исто така и да им помогне на учениците да развијата метакогниција (способност да се навратат и да го разгледаат сопствениот процес на учење) и да ги запознае со алатките и техниките потребни за асистенција во нивниот процес на само-организирано учење. Важна задача е да се зголеми мотивацијата за постојано учење, комбинирано со вештините за идентифицирање, рефлектирање и подобрување на нивниот сопствен процес на учење. Тоа исто таке е предуслов за способноста на успешно применување на знаењата и компетенциите во различни ситуации и нивното комбинирање со нови знаења и компетенции.

Учењето како да се научат вештини и учењето како да се учи ефективно се неопходни за еден возрасен ученик да се претвори во доживотен ученик.

## 7. Прашањаоколу преклопување на темите

Постојат неколку теми и принципи кои можат да бидат предмет на изборни модули, но бидејќи тие се валидни на глобално ниво, како што е наведено во многу меѓународни документи, вклучувајќи ја Белемската Работна Рамка за Акција, тие треба да се сметаат како прашања околу преклопување на темите (на пример како дел од социјалната улога на наставникот во Образованието на возрасни, како дел од наставниот материјал, како тема на групна дискусија или некои други методи, итн.). Овие теми/принципи се:

- **Полово прилагодениот пристап** во Образованието и учењето на возрасни, којшто треба да им овозможи на учесниците да воведат полова еднаквост и клучни елементи за справување со разновидноста во нивната образовна пракса. Обуката треба да ја зголеми свесноста за различните полови, културната сензитивност и отвореноста кон разновидност и способноста да се работи на полово-сензитивен начин. Вклучување и еднаквост во учеството, зајакнување на жените и другите ранливи групи – овие работи се во самата суштина на профилот на еден наставник во Образованието на возрасни.
- **Одржливиот развоји климатските промени**се третираатво контекст начовековите права, особенона правата наидните генерациии одговорносткон нив икон животната средина. Како што истакнува Азиската Јужен Пацифик Асоцијација за основно и Образование на возрасни (ASPBAE), „Образованието за оддржлив развој е една поголема рамка од образованието која бара да се интегрираат вредности, принципи и пракси за развој кои ги адресираат социјалните, економските, културните и еколошките проблеми со кои луѓето се соочуваат во 21. век[16]."
- Како што е наведено во Белемската Рамка за акција, Образованието и учењето на возрасни треба да придонесуваат кон **оддржлив развој, мир и демократија.** Затоа, имплементацијата на наставната програма е базирана врз еманципаторски, хуманистички и демократски вредности, развивајќи ја способноста на учесниците да работат на демократски, слободоумен, интеркултурално отворен и чувствителен начин. Визијата за „свет во којшто насилните конфликти се заменети со дијалог и култура на мир базирана врз правда" – како што е опишано во Хамбуршката Декларација за учење на возрасните/ CONFINTEAV[17] – бара создавање на таква атмосфера за време на обуките и способност за инспирирање на учесниците да работат на сличен начин во нивната сопствена пркаса како наставници во Образованието на возрасни.

[16] http://www.aspbae.org/node/46
[17] http://www.unesco.org/education/uie/confintea/declaeng.htm

## 8. Заедничка основа и варијабилни елементи

Глобална наставна програма за *Образование и учење на возрасни* која може да се користи на светско ниво, преку сите граници, може да изгледа како невозможна задача ако се земат во предвид енормно различните социјални и културни контексти. Меѓутоа, иницијаторите на оваа наставна програма веруваат дека улогата на наставникот во Образованието на возрасни, како што е дадена во CurriculumglobALE е базирана врз една основа од вредности и принципи кои се релевантни низ целиот свет. Од перспектива на CurriculumglobALE, фактори коишто наставниците во Образованието на возрасни низ цел свет ги имаат заедничко се:

- задача за поддршка на процесите на образованието на возрасни;
- задача за промовирање на еманципацијата и само-одредувањето на возрасните ученици;
- препознавање на возрасните ученици како „лица во години", односно, зрели и одговорни лица кои одлучно заедно со наставникот го одредуваат нивниот процес на учење.

За наставната програма CurriculumglobALE овие принципи оформуваат неопходен основен темел. Покрај тоа, наставната програма нуди доволен размер на варијабилност, овозможувајќи да се задоволат различните потреби во индивидуални случаи. Постоечката разноликост на култури и обичаи како и социјалните, политички и економски рамковни услови се препознаваат во концептот на  CurriculumglobALE и соодветно се земени во предвид. Ова делумно е благодарејќи на размерот на слободата на дизајн *во рамките на* петте основни модули, а особено варијабилниот дел од наставната програма, која треба целосно слободно да се дизајнира и е одговорен за 30 проценти од вкупната наставна програма (види го следниот дел) .

Варијабилноста и слободата на дизајн може да се однесуваат на многу различни аспекти:

- Регионално – географските аспекти, овозможуваат да се изразат локалните специфични потреби. Она што локалната околина ја прави посебна – дали е тоа некој специфичен обичај, битна тема за локалната заедница или специјални концепти кои се поважни во индивидуални региони, држави, континенти отколку во други – сето ова може да се земе во предвид.
- Аспекти специфични за целните групи (целна група овде се однесува на возрасните со кои работат учесниците на курсот во рамките на нивната функција како наставници во образованието на возрасни, кои сега работат или ќе работат во иднина на ова поле): Зависно од тоа кои предуслови и карактеристики (пол, возраст, образование, професионално искуство, етничко потекло, хендикепи итн.) се појавуваат во релевантните, локално-специфични целни групи или кон кои специфични интереси и цели се стремат низ нивното учество во некоја образовна програма (описменување, зајакнување, итн.), овие клучни области можат да се креираат на целен начин во варијабилниот дел од наставната програма.
- Содржинска област и предметно-специфични аспекти: овие нудат широк спектар на можни начини на развивање на наставната програма со конкретни рамки – од одредување на клучните фокусни области во, на пр. основното образование или во различни бранши од професионалното образование, па се до класични семинари во рамките на традицијата на *либерално образование*.
  По потреба, ова може исто така да се комбинира со професионално-специфични компоненти на знаење и предметно-дидактички елементи ( на пр. лингвистичка дидактика, описменување или сл.).
- Задачи за менаџмент во Образованието на возрасни: основната компонента на curriculumglobALE се фокусира на наставната работа која се случува во директен контакт со учениците. Организациските, планирачките и координативните задачи се покриени само до тој степен, дека се директно неопходни за подготвување и извршување на ваква наставна работа. Би било логично да се употреби варијабилниот дел од наставната програма за да покрие поширок

спектар на задачи за наставниците во образованието на возрасни, со фокусирање на задачите поврзани со планирање, организација и менаџмент кои се однесуваат на институционално или програмско ниво.

- Специфични аспекти според ситуација: понатамошни можности можат да резултираат од специфични ситуации – одреден проект којшто бара специфичен профил на наставник во Образованието на возрасни; кризна ситуација, на пример во политички кризни области, во кои се потребни луѓе кои се способни да водат образовни интервенциски програми на целен начин.
- Регулаторно – специфични аспекти: во некои случаи квалификациските стандарди за наставниците во Образованието на возрасни можат да се предодредат, без разлика дали е тоа преку национални закони или преку правилници на ниво на образовните провајдери. Варијабилниот дел од наставната програма може да се искористи за прилагодување на овие постоечки квалификациски стандарди.

30-те проценти, кои се препишани за варијабилниот дел од наставната програма, претставуваат само основно упатство за процентот. И ова, може да се прилагоди за да ги покрие државно-специфичните услови. На пример, еден постоечки стандард може да се усоврши со додавање на поголем број на дополнителни варијабилни делови. Во други случаи, разбирливо е дека претходно постоечкитеискуствaи компетенциина учесницитеможе да се зематво предвид икредитираат концелокупнатапрограма. Во такви случаи, процентот на структурираните единици наnастава и учењекои треба дабидат завршениво променливиотдел од наставната програмаможе да сенамали соодветно.

Под никакви околности комбинирањето на основната наставна програма со променливите делови не треба да се прави на чисто механички начин. Наместо тоа, двата дела треба да соодветствуваат меѓусебно. Променливите делови можат да служат за унапредување или проширување на компетенциите барани во основниот дел од наставната програма. Тие исто така можат да бидат специфично посветени на примена и преиспитување на содржината адресирана во основниот дел од наставната програма. Променливите делови можат да се фокусираат на анализа на примери од пракса или да се справуваат со специјализирани методи и посебни аспекти на примена. Ова резултира со широк размер на можности за прилагодување на CurriculumglobALE кон неговиот специфичен контекст на примена, дали во државата, регионот, целната група, ситуацијата или областа, или накратко: да се изработат индивидуални, кроени по мерка обуки за различна публика. Пред сè, препорачаната идеја, учесниците да ја вршат својата наставна пракса како и индивидуалните студиски делови, е добра можност за прилагодување кон географско-културните разновидности, многуте различни потреби и разноликата природа на Образованието на возрасни воопшто.

## 9. Преглед на наставната програма CurriculumglobALE

Целосната наставна програма се здоби со 25ECTSкредитни поени[18] кои одговараат на приближно 660 работни саати за учесниците. Овие 660 саати се распределени на неколку

а) тематски единици и б) различни типови на форми на учење.

Во однос на **тематски единици**, CurriculumglobALE опфаќа:

- еден изборен воведен модул,
- пет тематски основни модули,
- 1-3 (зависно од големината) изборни модули.

Во однос на **форми на учење**, CurriculumglobALE опфаќа:

- наставни секвенци во рамките на секој модул,

[18] Според "EuropeanCreditTransfer andAccumulationSystem" (Европски систем за кредитен трансфер и акумулација), ова е еднакво на 12-15 ECTSпоени(1 ECTS поен е еднаков на 25-до30-саати "работни обврски"за учениците)

- индивидуално самостојно учење на учениците во рамките на секој модул,
- придружна практична работа – учесниците го применуваат и рефлектираат она што го имаат научено во реална работна средина; менторство и насоки се обезбедени од страна на обучувачите.

Ако ги разгледаме **тематските единици,** односотпомеѓу петте основни модули од една страна и изборните модули од друга страна е 70:30, што значи: околу 462 часа од времето на учење на учесниците е потрошено на содржини кои се поврзани со петте тематски основни модули, додека околу 198 часа се посветени на индивидуално избрани теми и предмети коишто се поврзани со изборните модули (види ја графата подолу) .



Разгледувајќи ги **формите на учење,** можеме да заклучиме дека односот помеѓу секвенците на предавања и индивидуалното самостојно учење на учесниците од една страна и придружната практична работа од друга страна е 60:40, што значи: Околу 396 часа учесниците потрошиле на земање учество на класични предавања во училница и индивидуално читање и вежби, додека околу 264 часа учесниците потрошиле на примена и проценка на наученото во реална работна средина, со поддршка на обучувачот кој дава упатства и менторство за време на процесот.

Како што може да се види од оваа распределба, **придружната практична работа** има огромно значење во рамките на CurriculumglobALE. Придружната практична работа може, на пример, да ги завземе следниве форми:

- Искуството од обуките се користи за да се примени теоријата во реалниот свет и за понатамошно развивање и зајакнување на компетенциите.
- Проценката во „практичните заедници“, заедничките набљудувања, следењето на работното место и фидбекот на обуките ја сочинуваат неопходната надворешна перспектива за да се препознаат силните страни и слабостите на нечиј сопствен стил на предавање.
- Менторството и упатствата на обучувачите за CurriculumglobALE помагаат во справувањето со предизвиците во *праксата* на Образованието на возрасни и во бенефицирањето од знаењата на поискусните колеги.
- Обуките за подготовка, планирање и проценка се неопходен предуслов за професионално извршување на задачите на обучувачите и за непрекинато унапредување на образовниот квалитет.

**Рапределбата** на придружната **практична работа** помеѓу **различните тематски модули**не е крајно фиксна. Во рамките на одредени правила, овде учесниците можат да си поставаат свои сопствени приоритети.
Единствени ограничувачки правила се следните:

- 200часа придружна практична работа треба да се изведе во контекст на петте основни модули, и 50 часа во контекст на изборните модули.

- За секој модул максимум од 3ECTS (=75-90 часа) придружна практична работа може да се акредитира кон curriculumglobALE. Ова правило е за да обезбеди покривање на доволно широк тематски размер од страна на практичната работа и да се спречи посветувањето на целата работа само на една единствена тема.

Дополнително, постои можност учесниците со претходно работно искуство како наставници во Образованието на возрасни да добијат 1ECTS (25-30 часа) од ова искуство акредитирано кон севкупните барања од 264 часа практична работа.

За целосен преглед на распределбата на саати и кредитни поени помеѓу различните тематски единици и формите на учење види ја табелата подолу.

*Детална временска рамка:*

| **Име на модулот** | **Главна содржина(наслови)** | **Работни обврски** | **ECTS** |
|---|---|---|---|
| Прелиминарно искуство во обуките | | 25 часа | (1)[19] |
| Модул 0: Вовед | •Инфомации заCurriculumglobALE<br>•Информации за обуката<br>•Информации за провајдерот на обуката<br>• Информации за и очекувања од учесниците<br>• globALE очекувања кон учесниците<br>•Градење на меѓусебни врски | Не е специфицирано | Не се доделуваат кредитни поени |
| Модул 1: Пристап кон Образованието на возрасни | •Разбирање на разноликоста и различноста на Образованието на возрасни<br>• Образование на возрасни во национален и глобален контекст<br>• Образование на возрасни како професија и улогата на наставниците во Образованието на возрасни во однос на CurriculumglobALE | 32часа инструкции (≈4дена)<br>32часа индивидуално учење | 2 |
| | Практична примена и вежби | | (до3)[19] |
| Модул 2: Учење на возрасните и предавање на возрасни | •Теории на , и причини за учење:<br>•Дидактичка активност во Образованието на возрасни<br>•Форми на знаење<br>•Учење на возрасни<br>•Мотивации за образование | 24часа инструкции (≈3дена)<br>36часа индивидуално учење | 2 |
| | Практична примена и вежби | | (до3)[19] |
| Модул 3: Комуникација и групна динамика во ОВ | •Комуникација во ОВ<br>•Групна динамика во ОВ | 32часа инструкции (≈4дена)<br>32часа индивидуално учење | 2 |
| | Практична примена и вежби | | (до3)[19] |
| Модул 4: Методи во Образованието на возрасни | •Вметнување на методите во инструкциите<br>•Преглед на методи | 25часа инструкции (≈3дена)<br>Учесниците се подготвуваат, предаваат и проценуваат најмалку 3 споствени лекции | 1 |
| | Практична примена и вежби 100 часа | | 4 |
| Модул 5: Планирање, организација и евалуација во Образованието на возрасни | • Фази на професионалниот циклус на активности те на наставникот во ОВ<br>•Проценка на потреби<br>•Планирање<br>•Организација<br>•Евалуација<br>•Обезбедување на квалитет | 32часа инструкции (≈4дена)<br>45часа индивидуално учење | 3 |
| | Практична примена и вежби | | (до3)[19] |
| Финална проценка (концепт на обуките и практична примена) | | | - |
| Задолжителни модули | | 145 часа инструкции<br>145 часа индивидуално учење | **10 ECTS** |
| | | 200 часа практична примена | **8 ECTS** |
| Изборни модули | •Регионално-геаграфски<br>•Целно-специфично за групите<br>•Предметно-специфични<br>•Специфични во однос на ситуацијата<br>•Специфични во однос на правилниците | 120 часа инструкции или самостојно учење | **5 ECTS** |
| | | 50 часа практична примена | **2 ECTS** |
| **Вкупно:** | | **660часа** | **25 ECTS** |

**1–max2years**

[19] Во текот на комплетирањето на CurriculumglobALE учесниците ќе комплетираат најмалку 200часа практична примена.До 25 часа можат да се одземат како учесниците имаат претходно практично искуство во обучување. Останатите 75часа практично искуство можат да се распределат според проценката на учесниците и обучувачите.

Модулите треба да се сметаат за независни единици. Сепак, има многу тематски врски и фактори на поврзување кои треба да се издвојат и да се земат во предвид кога се применува оваа наставна програма.

Ова особено се однесува на врската помеѓу модулите „Образование и учење на возрасните“ и „Методи на Образованието на возрасни“. Модулот за методите се основа врз модулот „Образование и учење на возрасните“ којшто цели кон пренесување на разбирање на основните дидактички принципи. Додека фокусот во овој модул „Образование и учење на возрасните“ е врз теоретските принципи кои треба да се илустрираат и рефлектираат во употребата на специфични индивидуални примери (методи), ова се однесува и обратно на модулот „Методи на Образованието на возрасни“: модулот служи за етаблирање на широк репертоар на методи за различни практични цели во рамките на дидактичките активности на наставникот. Ова не значи дека модулот треба целосно да се ограничи само на презентирање и испробување на методи. Напротив, јасно се бара рефлектирање на испитаните методи и нивно повторно поврзување со стекнатите теоретски принципи. Модулите „Образование и учење на возрасните“ и „Методи на Образованието на возрасни“ според тоа на ниеден начин не претставуваат стриктна поделба на теорија и пракса во две посебни единици, туку наместо тоа создаваат различни области на фокус во рамките на врската теорија-пракса која секогаш се смета за една целина.

За да се обезбеди стекнувањето на неопходните вештини, учесниците треба да демонстрираат:

а) Способност да создадат обука според нивен избор во согласност со потребите и барањата на учесниците и

б) Способност да упростат една сесија на учење во согласност со принципите на групната динамика, психологијата на учењето на возрасните итн.

И двете способности можат да се обезбедат од обучувачи коишто имаат задача да го имплементираат CurriculumglobALE со прегледување на документите за планирање/планот на обука и набљудување на тренинг сесија водена од некој учесник.

## 10. Предуслови и процедури во имплементацијата на CurriculumglobALE

*Учесници*

Не се предвидени никакви квалификациски предуслови за учесниците. Меѓутоа, бидејќи наставната програма става силен нагласок врз примена и проценка на практичната работа, учесниците треба да ги применат нивните стекнати компетенции во вистински ситуации. Во идеален случај, учесниците треба веќе да работат како наставници во Образованието на возрасни кога ќе ја започнат својата квалификациска програма. Во сите случаи е неопходно тие да добијат можност да започнат таква работа за време на квалификациската програма.

Планирано е, за време на фазата на тестирање на CurriculumglobALE, да се интегрира примената на претходното знаење во изгледот на обуката. Искуството од VINEPAC (видиБ.1и прилог 1)ќе се користи како почетна точка за понатамошен развој.

*Обучувачи*

Барањата поставени врз индивидуалците коишто ја применуваат оваа наставна програма при планирање на часовите и предавање (инструктори, обучувачи итн.), не се формално дефинирани. Меѓутоа, прилично голема количина на познавања за Образованието на возрасни и лично искуство со работа во Образованието на возрасни се неопходни како минимален предуслов. Во однос на поединечните елементи, специјалисти од секое соодветно поле (на пр. психологија или странски јазици) без некое поголемо искуство во Образованието на возрасни може да се земат во предвид како учесници, меѓутоа треба да се ставаат во тим со искусни обучувачи за да се гарантира квалитетна програма.

*Провајдери на обуки*

Институциите кои го применуваат CurriculumglobALE мора да го поседуваат неопходниот професионален профил (во однос на знаење, поврзаност со обучувачите и нивните учесници, како и инфраструктурата) за да обезбедат квалитетна средина за учење за

дипломците на CurriculumglobALE. Бидејќи само една организација често не е во состојба да ги понуди сите елементи опфатени во наставната програма, заедничкиот пристап не само што ќе ја подобри обуката, туку исто така ќе негува вмрежување и размена на знаења во Образованието на возрасни. Донесовме свесна одлука да не го разгледауваме подетално ова прашање овде, за да го спречиме неуспехот на имплементацијата на наставната програма поради формални барања, кои во некои делови од светот би било буквално невозможно да се исполнат поради недостаток на потребните структури.

*Процедура – како да се имплементира*

Кога се претставува CurriculumglobALE, тоа треба да се прилагоди на специфичниот институционален и професионален контекст за да се поддржи развојот на односниот систем на Образование на возрасни. Тоа подразбира дека CurriculumglobALE никогаш не може да постои како „единствено“ решение, туку треба да се вметне во веќе постоечкиот контекст.
Бидејќи досега искуствата со практична имплементација се лимитирани, воглавно се препорачува:

- Поврзете ја локалната наставна програма со шемите на обука кои веќе постојат
- Инволвирајте ги сите засегнати страни
- Усогласете го CurriculumglobALE со националните начела и локални барања
- Соработувајте на регионално ниво

Пред да го прилагите CurriculumglobALE на локалниот контекст, предлагаме да ги идентифицирате обуките и концептите кои веќе постојат; тие би требало да бидат поврзани со сите важни засегнати страни. Тие вообичаено се:

**Влада:**Министерство за Образование и Наука, Министерство за Труд и/или Економија, Министерство за Социјални работи и планирање

**Меѓународни институции:** UNESCO, Сектор координациска група за образование, Глобална кампања за Образование, засегнати меѓунаросни невладини организации и спроведувачи (листите можат да се најдат на devdir.org)

**Образовни тела**: Универзитети, Стручни училишта, Центри за тренирање на наставници, Центри за Образование на возрасни и организациите под чиешто покровителство работат, Здруженија на обучувачи

**Организации со можно преклопување**:Комори, Невладини организации на пр. коишто функционираат во руралниот развој

Придобивките на оваа илустрација значително ќе варираат зависно од локалните традиции, приоритети и потреби. Базирано врз овие проценки, треба да се формира една работна група со цел да се обезбеди усогласување со политиките на владата и на донаторите и која ќе се поврзе со актерите коишто обезбедуваат вакви слични програми како и ќе има пристап до експерти и ресурси се со цел да се испланира примената на CurriculumglobALE. Развојот на концептот на обуките треба да се дискутира со членовите од работната група и да се примени употребувајќи што е можно повеќе заеднички ресурси.

Пред имплементацијата, исполнувањето на различните потреби на засегнатите страни, внимателно мора да се разгледаат достапните инфраструктури и ресурси. Во некои региони, регионалната соработка може да ги намали трошоците ако се подели подготовката на материјалите за обука и употребата на ICT.

## 11. Структура на наставната програма

Бидејќи наставната програма е структурирана на начин ориентиран кон компетенција, наведените податоци во организациската работна рамка за времетраењето и размерот на индивидуалните модули претставуваат препораки базирани врз искуство стекнато од праксата. Можно е и пократко времетраење ако учесниците веќе имаат одредено ниво на основни познавања од оваа област. За организирање на примената на наставната програма во наставни единици во однос на времето, во

принцип одреден број многу различни модели се возможни, почнувајќи од интензивни курсеви со полно работно време, до поделба на програмата во кратки наставни единици во текот на еден подолг временски период. Треба да се обрне големо внимание на вредноста на органското поврзување на наставните единици со фазите и активностите на индивидуалните студии на учесниците. Идеално сценарио би било модел во кој “фазите за самостојно учење“, на пр. за испробување и рефлектирање на она што било научено, се вметнати помеѓу две фази на предавања. За модулите посветени на предавање и учење и на методите, ова во идеален случај би барало учесниците веќе да работат како наставници. Фазите на предавања би можеле да ги подготват фазите за самостојно учење и да ја поддржат професионалната примена на она што било научено преку целна работа и задачи за проценка. На овој начин, теоријата и праксата можат оптимално да се поврзат.

Што се однесува до редоследот на модулите: се препорачува да се започне со модулите 1 и 2 бидејќи тие нудат основни теоретски познавања и разбирање на учењето и образованието на возрасни. Редоследот на модулите 3 – 5 е пофлексибилен и може да се менува.

Физичките барања што се однесува до просториите во коишто треба да се изведат фазите на предавања се базирани врз принципите на учењето на возрасните. Возрасните имаат потреба од специјално адаптирани простории. Ова во ниеден случај не значи дека просториите мора да бидат особено големи, удобни или опремени со високо квалитетен мебел. Она што е важно е тие да не бидат само класични училници дизајнирани за наставниците да држат предавања во предниот дел од училницата а учениците да седат позади традиционални клупи за училишни деца. Возрасните треба да се чувствуваат опуштено во училниците и да имаат доволно простор за работа со помали групи и вежби. Во однос на дидактички помагала, наставниците треба да имаат соодветни медиумски и технолошки алатки на располагање, без ова да биде обврзувачки и детално специфицирано овде. Целта е да се има минимално ниво на опрема, која освен класична табла треба да содржи и бела табла, флип чарт, пин бордови и др. Ако тоа е возможно, треба да се обезбеди и компјутер и видео проектор, особено во однос на општо прифатените барања за ICT *писменост.*

## 12. Обезбедување на квалитет и мониторинг

*Мониторинг и поддршка*

За фазата на тестирање, DIE и *dvv international* ќе ги поддржуваат имплементинг канцелариите на *dvv international* давајќи им упатства во поставувањето на програмата за обуки, истражување и развој на материјалите за обука, пронаоѓање на соодветни олеснувачи и обучувачи како и постојано советување во случај на проблеми кои би можеле да се појават за време на процесот на имплементација.

Со тесна поддршка на партнерите, се собира искуство од прва рака во однос на соодветноста на содржините и структурата на CurriculumglobALE. Исто така, тоа ќе му овозможи на тимот да навлезе подлабоко во фината уметност на имплементирање на наставната програма во пракса, и така може да собере лекции за понатамошна примена.

Заедно со документацијата за сценаријата на примена, тесната поддршка не само што придонесува за висок квалитет на програмите туку исто така и кон гаранцијата дека можностите, пречките и развојот, заедно со формалната мрежа на индикатори, може да се вметне во процесот за подобрување на CurriculumglobALE.

*Индикатори на квалитет на наставната програма и мониторинг систем*

Почетната точка за проценката на CurriculumglobALE е, како што е наведено погоре, Правото на Образование, кое ќе биде користено како референтна работна рамка за критериумите за да се процени развојната помош од Комитетот за Развојна Помош на OECD[20]: Затоа што наставната програма е во својата прва тест фаза, водечките прашања се прилично општи, со цел да се сфати колку што е можно повеќе од разновидноста на прашањата во однос на CurriculumglobALE.

[20] http://www.oecd.org/dac/evaluationofdevelopmentprogrammes/49756382.pdf

| Критериум | Водечки прашања | Адреси: | Критериуми за мониторинг | Извори | Коментари |
|---|---|---|---|---|---|
| Релевантност | КолкуCurriculumglobALE придонесува кон исполнување на социјалните потреби на односната држава или регион? | Учесници, обучувачи и партнери инволвирани во имплементација на Curriculum globALE | Колку беше важно професионалното ниво на обучувачите во односната држава? Дали имплементацијата CurriculumglobALEги исполни приоритетите на партнер организациите? Дали размената на изградбата на капацитеттите беше од интерес за партнерите? | Групни и индивидуални интервјуи, прашалници | Релевантноста на социјално ниво во голем степен се одредува од соодветноста на 30% од избраните модули и генералниот фокус на партнерите. |
| Ефективност | Колку беа исполнети следниве цели:<br>- Зголемување напрофесионализацијата на наставниците во ОВ со правење на заедничка референтна рамка<br>- Поддршка на провајдерите на ОВ во дизајнирањето и имплементацијата на програмите обучи-го-обучувачот<br>- Поттикнување на размената на знаења и заедничкото разбирање помеѓу наставниците во ОВ низ цел свет | Учесници, обучувачи и партнери инволвирани во имплементација на Curriculum globALE | До кој степен и во кои области се подобрија способностите на учесниците за вршење на обуки како резултат на обуката?<br>Дали учесниците се здобија со компетенциите со коишто требаше да се стекнат?Како бенефицираа дизајнот и имплементацијата на програмата за обука од CurriculumglobALE?<br>Колку CurriculumglobALE придонесе кон кон размената на знаења? | Групни и индивидуални интервјуи, прашалници(во идеален случај основни податоци од учесниците) | Врз ефективноста силно влијание има квалитетот на самата програма за обука во однос на обучувачи и концепт. |
| Ефикасност | Со кои мерки можеа да се намалат трошоците а сепак да се задоволат потребите на учесниците-обучувачи?<br>Кои други ефикасни начини можеас да се искористат за поддршка на партнерите во развојот на ТоТ- програмите?<br>На кој начин размената на знаења помеѓу наставниците во ОВможе да се направи поевтино? | Учесници, обучувачи и партнери инволвирани во имплементација на Curriculum globALE | Кои беа потешкотиите во имплементацијата на CurriculumglobALE во пракса? Идентификување на алтернативните активности со проценка на трошоци за исполнување на потребите на обучувачите, развојот на шемите за обука и поттикнување на размена на знаења. | Бреинсторминг со засегнатите страни | Ефикасноста на начинот како е пренесен тренинг концептот е тешко да се разликува од ефикасноста на начинот на кој тој се спроведува. |
| Последици | Дали главната целна група имаше корист од обуките во однос на учеството и/или подобрените животни услови? | Учесници на обуки за учесници | Дали наставната содржина е соодветна и пренесена на професионален начин? Дали беше промовирано учеството? | Прашалници | Јазот на атрибутите тешко се премостува бидејќи содржината на обуката, околностите и начинот на пренесување се многу поважни од квалитетот на CurriculumglobALE. |
| Оддржливост | Како CurriculumglobALE сеуште се користи од партнерите откако ќе заврши финансирањето? Дали воспоставените врски помеѓу наставниците во ОВ сеуште се негуваат и една година по завршувањето на проектот? | Обучувачи и партнери инволвирани во имплементација на Curriculum globALE | Исто како водечкото прашање | Followup интервјуи | |

Исто така ненамерните или обратните ефекти треба да се избегнат (на пр. планирањето на ToT може да стане потешко со применување на наставната програма CurriculumglobALE). Содржината нанаставната програма CurriculumglobALE и соодветниот начин на испорака исто така ќе бидат прегледани со учесниците за да се добијат што е можно повеќе податоци за финалниот драфт.

## 13. Прогнози

*Препознавање на претходно наученото (RPL)*

Препознавањето на претходно наученото пружа уште едно средство за кроење на  начелата на обуки базирани врз CurriculumglobALE според индивидуалните потреби:Учесниците кои веќе поседуваат дел од компетенциите покриени од globALE можат, преку RPL, да бидат ослободени од одредени делови од обуката. Употребата на RPLбара соодветни алатки и процедури кои гарантираат дека компетенциите на учесниците може да се идентификуваат и документираат на фер и чесен начин. За полето ALE веќе постојат достапни RPL алатки, на пр. „Validpack“ и Flexi-Pathпортфолио инструменти коишто ги спомнавме погоре во воведот (види стр. 11 ff). За време на пилот-фазата, исто така ќе има и истражување на тоа како овие инструменти можат да се искористат во рамките на CurriculumglobALE.

*Сертифицирање:*

Цел е да се воведе еден стандардизиран сертификат за курсеви и програми коишто се базирани врз наставната програма CurriculumglobALE на *dvv international* и DIE. Овој сертификат би барал докази дека учесниците ги стекнале компетенциите дефинирани во наставната програма CurriculumglobALE. Процедурата за овој доказ сеуште треба да се специфицира.

Проширувањата на наставната програма CurriculumglobALE во правец на дополнителни квалификациски модули и нивоа исто така треба да се испитаат. Реалните можности за проширување вклучуваат понатамошен развој на индивидуални модули кои би служеле за унапредување на индивидуални специјални аспекти и следно консекутивно квалификациско ниво за програмски планери и менаџери во Образованието на возрасни.

# Модул 0: Вовед

### Цел

Целта на овој воведен модул е да ги запознае учесниците со CurriculumglobALE и да постави солидна основа за нивно успешно завршување на текот на обуката којашто ги очекува. Ова вклучува неколку димензии:

- Прво,учесниците се здобиваат со сите релевантни информации коишто се однесуваат на наставната програма, вклучувајќи ги и општите цели и филозофијата на наставната програма како и практичните поединости коишто се однесуваат на завршувањето на текот на обуката.
- Второ,учесниците пак се поканети да споделат информации за нивната индивидуална (професионална) позадина и за нивните сопствени потреби и очекувања од обуката со провајдерот на обуката за да се овозможи соодветно кроење на текот на обуката.
- Трето,овој воведен модул треба да обезбеди можност учесниците на обуката и нејзините организатори да стапат во меѓусебен контакт, да разменат информации и да изградат лична врска за да се овозможи создавањето на конструктивна средина на учење.

### Формат

Во идеален случај, овој воведен модул ќе се одржи како состанок лице-во-лице помеѓу учесниците на обуката и организаторите, и ќе трае најмалку еден цел ден. Како алтернатива, може да се користат печатени и/или онлајн материјали за да се обезбедат потребните информации за наставната програма и да се користи е-меил и/или онлајн форум за заедничка размена и дискусии помеѓу учесниците и обучувачите/организаторите. Меѓутоа, ако се земе во предвид дека целта на овој модул е да се изградат лични односи како и давање на информации, препорачливо е да се овозможи, секаде каде што е возможно, физички состанок на сите инволвирани актери на почетокот на обуката, пред да почнат да се занимаваат со следните тематски модули. И во двата случаја, од клучно значење е комуникацијата во овој модул да биде повеќенасочна, и, освен размената на фактички информации, и обучувачите/организаторите и учесниците да имаат можност да ги искажат нивните очекувања и барања од обуката.

### Содржина

Содржината која треба да биде опфатена го вклучува следното:

**Информации за наставната програма CurriculumglobALE**

- Основни информации за CurriculumglobALE, неговата филозофија и принципи
- Цел на наставата
- Цели на учењето и компетенции коишто треба да се стекнат
- Општ вовед во индивидуалните модули

**Информации за обуката**

- Структура на обуката
- Форми на обука
- Предвидени наставни активности и методи

- Начини и канали на комуникација
- Временски распоред
- Локации за фазите на присуство на предавањата

**Информации за провајдерите на обуките**

- Лични информации за обучувачите/организаторите: професионална позадина и искуство во ALE
- Контакт информации од обучувачите/организаторите
- Контакт информации од административниот и помошен персонал

**Информации за и очекувања на учесниците**

- Лични информации за учесниците: професионална позадина и претходно искуство во ALE
- Потреби и очекувања на учесниците

**Очекувања од учесниците во однос на наставната програма**

- Услов за активно и посветено учење
- Услов за проценка и практична примена на наставната содржина

**Развивање на меѓусебни односи**

- Меѓусебно запознавање
- Размена на контактни информации за понатамошна комуникација помеѓу учесниците и обучувачите/организаторите

### После обуката: дали очекувањата се исполнети

Собраните информации во овој воведен модул за очекувањата на учесниците и нивната позадина треба да се употреби како основа за кроење на текот на обуките коишто следат според индивидуалниот контекст. Најверојатно ќе треба да се направат индивидуални прилагодувања во однос на две главни работи:

- Изборот на предметот на петте тематски основни модули може да се прилагоди на позадината на учесниците, на пр. со избирање на примери особено од полето во кое учесниците се активни (на пр. обуки за описменување, демократска надобразба, зајакнување на заедниците, стручни обуки за вештини итн.)
- Очекувањата искажани од страна на учесниците може да се искористат за дефинирање на предметите на изборните модули или изборниот модул. Овие модули може да се концептуализираат на прилично слободен начин сѐ додека неколку основни критериуми за квалитет се исполнети. Затоа изборните модули може и треба да се користат колку е можно повеќе – во рамките на расположивите ресурси – за да се обезбедат начела за индивидуално кроени обуки според потребите на учесниците.

Трет начин за прилагодување на обуките може да се насети во принципот: Учесниците коишто веќе поседуваат значителен дел од компетенциите коишто се добиваат со CurriculumglobALE може да бидат ослободени од тие соодветни делови од обуката. Меѓутоа, ова бара употреба на соодветни RPL процедури. Бидејќи ваквите RPL механизми сеуште не се нашироко распространети, ова може да претставува реална опција само во неколку случаи. Ова сепакможе да се промени во среднорочна перспектива, бидејќи некои RPLалатки занаставници во Образованието на возрасни се веќе достапнии можат да бидатприлагодениза потребите нанаставната програма CurriculumglobALE (види погоре:Прогноза).

## Модул 1: Пристап кон Образованието на возрасни

### Компетенција[21]

*Лицата коишто ја имаат завршено наставната програма CurriculumglobALE ги знаат и разбираат функциите и особеностите на полето на Образованието на возрасни и неговата важност во нивниот сопствен социјален контекст, исто така и во споредба со други можни контексти и во поглед на поширока меѓународна рамка. Тие можат да ја поставаат нивната сопствена професионална улога во рамките на овој контекст.*

### Индивидуалци коишто ја завршиле наставната програма CurriculumglobALE

- се свесни дека праксата во Образованието на возрасни е обликувана од различни погледи на човештвото и различни сфаќања на образованието, што ги води кон здобивање со основно разбирање на учењето на возрасните и неговата етика:
- ја разбираат разноликоста на полето на Образование на возрасни и неговата културолошка ситуираност; се запознаети со различните форми на Образованието на возрасни во нивната држава и ги знаат значењата и конотациите на клучните термини коишто често се употребуваат во однос на различните форми на Образование на возрасни;
- имаат основно разбирање за меѓународниот развој релевантен за нивниот сопствен контекст на Образование на возрасни;
- можат да го поставаат нивниот сопствен контекст за Образование на возрасни во рамките на постоечките разлики на Образованието на возрасни;
- можат да ја постават својата сопствена улога на наставник во Образованието на возрасни во рамките на овој контекст;
- се запознаети со важните начела на условите од законската рамка коишто се релевантни за Образованието на возрасни во нивната држава, нивниот регион и на меѓународно ниво;
- можат да разликуваат помеѓу, да категоризираат и да ги објаснат комплексните форми на финансирање на Образованието на возрасни;
- се запознаети со основните карактеристики на сегашната политика релевантна за Образованието на возрасни;
- ги знаат најважните актери кои се релевантни за Образованието на возрасни во нивниот регион, нивната држава, и, ако е релевантно, на меѓународно ниво;
- можат критички да се осврнат на функциите и интересите на индивидуалните актери поврзани со Образованието на возрасни, како и на постојните моќни врски.

### Поврзувања со другите модули

Централната задача на овој модул е да развие критичко разбирање на севкупниот концепт на учењето и образованието на возрасни, како и на клучните поими и аспекти поврзани со Образованието на возрасни. Во оваа смисла модулот нуди основа за и е поврзан со сите останати модули. Културолошката ситуираност која е клучен поим во овој модул треба да се рефлектира и во останатите

[21] Описот на компетенцијата на овој модул не се однесува на способност да се реагира во потесна смисла на зборот, туку на основен сет на знаење и ставови за одговорно извршување на компетенциите опишани во следните модули.

модули исто така, на пр. кога се учи за и се тестираат одредени методи на предавање (модул 3) или проценка (модул 5) или кога се работи за различни теории на учење (модул 2) или перцепции на комуникација и групна динамика (модул 4). Исто така, прашањето на мотивација и учество во учењето на возрасни (модул 2) е тесно поврзан со начинот на кој Образованието на возрасни е поставено во еден одреден контекст.
Улогата на наставникот во Образованието на возрасни, неговиот/нејзиниот професионален однос и вредности кои се претставени како тема во овој модул дефинитивно ќе треба пак да се разгледаат кога ќе се работи на принципите на учењето и на дидактичките активности (модул 2). Затоа силно се препорачува взаемно разгледување и споредување на овие два модули.

## Теми

**Разбирање на разноликоста и различноста на Образованието на возрасни**

- Принципи на педагогија/андрагогија
- Основни антрополошки претпоставки, претстава за човекот, образованието, социјализацијата
- Образовни теории, концепт на образование, учење на возрасните
- Етика на Образованието на возрасни

- Разбирање на полето: Што значи „Образование на возрасни“ и што опфаќа?
    - Ограничување од другите области на образование.
    - Образование на возрасни и Доживотно учење
    - Теоретски концепти и современи дефиниции на Образованието на возрасни
    - Разбирање на клучните концепти (на пр. формално, неформално, информално учење итн.)
    - Различни полиња на пракса: на пр. стручна обука, општинско образование
- Улогата на социјално-историскиот контекст
    - културолошко ситуирање на учењето и образованието на возрасни
- Функции и бенефиции на Образованието на возрасни
    - Зошто Образование на возрасни?
    - Интереси во однос на Образованието на возрасни
        - Ученици
        - Општество
        - Економија
        - Државни структури (општинско, регионално, национално ниво)
        - Образовен сектор
    - Бенефиции од Образованието на возрасни
        - Лични
        - Социјални
        - Економски
        - Глобални
    - Полово-специфични аспекти на Образованието на возрасни
- Улогата на поттикнато учество во Образованието на возрасни
- Ограничувања и можности на Образованието на возрасни
- Моќни врски коишто постојат во полето на Образованието на возрасни
- Образование на возрасни како академска дисциплина

**Образование на возрасни во национален и глобален контекст**

- Национален и меѓународен развој во Образованието на возрасни
- Главни карактеристикина начелата на Образованието на возрасни
- Национални предизвици:Во кој општ контекст се одвива Образованието на возрасни
- Главни актери во полето
  - локални
  - национални
  - меѓународни
  - пазар на Образованието на возрасни–состојбата на провајдерите и на побарувачката страна
  - целни групи
- Национални рамковни услуви
  - Статутни правилници
  - Финансирање на Образованието на возрасни
  - Статистички рамковни податоци(учество во продолжителното образование, итн.)

**Образованието на возрасни како професија и улогата на наставниците во Образованието на возрасни во смисла на наставната програма CurriculumglobALE**

- Особени карактеристики на образованието на возрасни како професија
- Можни кариери во Образованието на возрасни–можности за влез и развој
- Права и обврски на наставник во образование на возрасни–законски рамковни услови
- Проценка на сопствената улога
  - Биографска перспектива:Зошто сакам да работам во Образованието на возрасни?
  - Етичка перспектива: став, одговорности (резултати од сопствените дејствија)
- Лични компетенции:принципи на менаџмент на време и само-менаџирање, само-рекламирање
- Научно ориентирана работа: интерпретација на резултатите од студирањето,статистики итн.

## Препорачана литература (избор)


- Freire, Paulo. Педагогија на угнетените. NewYork, 2007
- Elias,JohnL.;Merriam, SharranB.: Филозофски основи на Образованието на возрасни, Малабар 1995
- Светски Форум за Образование, Дакар, сенегал. 2000. Дакарска работна рамка за акција. Образование за сите: Исполнување на нашите колективни обврски. Парис, УНЕСКО


## Белешки околу имплементацијата

Бидејќи Образованието на возрасни е длабоко обликувано од социјалниот контекст во којшто е вградено, овој модул мора да биде контекстуализиран во уште поголема мерка отколку останатите модули. Особено се препорачува да се земе претходното искуство на учесниците како почетна точка и фокус на содржината на модулот околу специфичната реалност на Образованието на возрасни во нивната држава/регион. Темите и прашањата наведени погоре создаваат рамка со прашања кои може и треба да се обработат во овој модул. Меѓутоа не е императивно, ниту се препорачува овие теми да се обработуваат секоја поединечно. Наместо тоа, на обучувачите и на учесниците им се препорачува да ги изберат оние теми коишто се најрелевантни за нив и тие да ги обработуваат со особено внимание.

За да се створи слика за особеностите на еден одреден контекст (на пр. нечиј сопствен контекст), неопходно е да се има можност за споредба и да се видат други контексти како и алтернативни концепти. Затоа, додека контекстуализацијата е важна карактеристика во овој модул и треба да ја обезбеди севкупната основа, сепак се препорачува да се отвори пошироска перспектива од време на време и да се направат споредби, каде што тоа е соодветно, помеѓу специфичната реалност на Образованието на возрасни на учесниците и други реалности на Образованието на возрасни. На пример, Образованието на возрасни би требало да исполни многу различни намени според гледиштето. На пример, фокусот може да биде на развивање на релевантни стручни вештини коишто се бараат на пазарот на труд, или на промовирање на меѓусебното разбирање и социјална кохезија, или на поттикнување на индивидуалците и заедниците сами да решаваат за својата судбина и други работи. Ако една особена намена многу влијаела врз искуството на учесниците, овој модул би требало да им овозможи исто така да станат свесни за други намени кои вообичаено можат да бидат поврзани со Образованието на возрасни.

Редоследот по кој се наведени темите во овој модул не треба да се смета за нормативен во однос на имплементацијата. Методолошки, може да биде корисно да се започне со идејата за и улогата на „наставник во Образованието на возрасни" и таа да се поврзе со биографската перспектива на учесниците, пред подлабоко да се истражуваат специфичностите од ова поле. Постигнувањето на рамнотежа помеѓу апстрактното аналитичко знаење и индивидуалната перспектива треба да биде клучна компонента во текот на овој модул. Затоа се препорачува да се користи личното искуство на учесниците колку што е можно повеќе.

### Практична примена и рефлексија

Централен елемент во овој модул е како првично да се воведат основата и принципите на Образованието на возрасни, и тематски и во однос на искуството на учесниците. Бидејќи дел од овој елемент се состои од позадинско знаење, соодветни алатки се презентациските методи, самостојно учење и групна работа. Посетувањето на слични проекти може да биде корисен додаток, особено ако целта е да се зајакне врската со некоја институција. Особен предизвик е поврзувањето на структуралните елементи или научните сознанија со личната состојба на односните учесници и нивната сопствена улога како наставници во Образованието на возрасни, во некој одреден контекст од Образованието на возрасни. Ваквите врски можат да се создадат преку работа во мали групи или креативни методи, како и со индивидуални рефлексивни задачи. Рефлектирањето на нечиј сопствен работен контекст како наставник во Образованието на возрасни наспроти позадината од некое пошироко и поопшто знаење за Образованието на возрасни треба да биде основен елемент на овој модул.

### Препорачан опсег:

- 32 часа инструкции (≈ 4 дена)
- 32 часа индивидуални студии
- Посети на проекти, ако се соодветни

# Модул 2: Учење и предавање на возрасни

## Компетенции:

*Индивидуалците кои ја имаат завршено наставната програма CurriculumglobALE имаат познавања од теоријата на учење и можат да ги поврзат со нивната дидактичка активност. Тие се запознаети со мотивациските, психолошките и социјалните особености од учењето на возрасни и ги земаат во предвид при планирање и имплементација на нивните предавања.*

## Индивидуалците коишто ја имаат завршено наставната програма CurriculumglobALE

- се запознаети со клучните карактеристики на учењето на возрасните наспроти учењето во училиштата;
- можат да ги препознаат индивидуалните причини за започнување со процесите на учење и можат да ја зголемат мотивацијата за учење;
- можат да ги препознаат бариеритр во учењето и – колку што тоа е реално можно – да ги намалат;
- се запознаети со релевантните психолошки модели и нивните импликации за процесот на учење;
- можат да ги користат овие различни димензии во нивната работа со возрасни како во планирањето, така и во директната интеракција за да постигнат одржлив успех во учењето.

## Врски со другите модули

Овој модул е фокусиран врз теориите на учењето и дава увид во самиот процес на учење. Затоа тој е многу поврзан со теориите на Образованието на возрасни, перцепцијата и фунционирањето на Образованието на возрасни и учењето во контекст (модул 1). Истовремено, тој е важна основа за примената на различните методи во едукацијата на возрасните (модул 4) и комуникацијата со различните типови на учесници (модул 3). Дидактичките принципи, особено, се поврзани со употребата на методите (модул 4), но исто така се поврзани и со професионалниот став на наставниците во Образованието на возрасни и нивната улога (модул 2 и модул 5).

## Теми

**Теории и причини за учење**

- Што е учење?
- Принципи на различни теории на учење и причини за учење во Образованието на возрасни, на пр.:
  - Конструктивистичка теорија на учење
  - Предметно-научна теорија на учење
  - Феноменолошка теорија на учење
  - Трансформативно учење
  - Бихејвиоризам
  - Невролошко-научни теории на учење

- Врската помеѓу наставникот и ученикот во различните теории за учењето на возрасните
- Андрагогија како наука за учењето и Образованието на возрасни

**Дидактичка активност во образованието на возрасни**

- Ефекти на различни теории на учењето и причини во однос на сопствените дидактички активности
- Дидактички принципи на Образованието на возрасни
  - Ориентирано кон учесниците
  - Ориентирано кон искуството
  - Врска со животната околина

**Форми на знаење**

- Кристално наспроти течно знаење
- Декларативно наспроти процедурално знаење

**Учење на возрасните**

- Како учат возрасните?
- Промени во способноста на учење на различна возраст
- Типови на учење:
  - Когнитивно учење
  - Емотивно учење
  - Учење базирано врз однесување
  - Експериментално учење
- Традиционални форми на учење во сопствен културолошки контекст
- Конфронтирање со ситуациите на учење како предизвик

**Мотивации за образование**

- Причини за продолжување на процесот на образование
  - Психолошки димензии
  - Групно-поврзани компоненти
  - Социјално-демографски компоненти
  - Причини за недостаток на образование и откажување од понатамошно образование
  - Надворешни фактори и учество во образованието/бариери за учество
    - Социјално-демографски фактори/средини
    - Рамковни услови
      - Трошоци
      - Време
      - Локација
      - Времетраење
      - Термин
      - Полово-специфични компоненти

Следниве фактори се од централно значење за наставниците во Образованието на возрасни да се здобијат со релевантните компетенции:

- Врска со соодветната културна околина
- Примена на објективните информации на специфичен контекст на активности
- Додавање или отстранување на нерелевантни димензии по потреба

**Предложена литература (избор)**


- Jarvis,Peter: Доживотно учење и Општество на учење, ЊуЈорк, 2007
- Mezirow,Jack(Ed).:Учење како трансормација: Критички перспективи на Теорија во Прогрес. Сан Франциско, 2000
- Pätzold,Henning:Учење и предавање во образованието на возрасни, Современи теории, Опладен, 2011

### Забелешки околу имплементацијата

Бидејќи учењето на возрасните е опишано врз основа на научни теории, неопходната релевантност за индивидуален изглед на обуката мора да се создаде преку адекватни дидактички подготовки. Откако ќе се употребат методите за пренесување на информации како што се презентации на екран или интерактивни инструкции, ова значи вметнување на личното искуство преку игри со улоги и симулации како и нагласување на импликациите за сопствената наставна активност на учесниците преку групна работа и индивидуални задолженија. Искуствата од оваа проектна работа можат исти така да се рефлектираат.

Индивидуалците коишто ја завршиле наставната програма CurriculumglobALE треба да размислат за тоа кои специфични атрибути ги имаат нивните сопствени учесници и како ова може ефективно да се искористи во нивната сопствена дидактичка активност. Понатаму, тие треба да се мотивираат да продолжат сами со учењето – во формална или неформална средина.

### Практична примена и рефлексија

Теоретскиот дел од модулот претставува предизвик за интерактивниот пристап на обучувачот. Тој може да се претстави преку употреба на различни ситуации на учење, кои можат да илустрираат различни теории. Животните и работните искуства на учесниците можат да бидат земени како добар пример во опишувањето на фазите на учење според различните теории. Во исто време, нивниот сопствен процес на учење и мотивација да се земе учество во обуката може да се дискутира како вовед и/или материјал за одредени теми. Преку групната работа, мотивацијата за учество наспроти бариерите на учење може да се анализираат, и да се предложи и земе во предвид некој адекватен тип на пристап кон учењето. Учесниците можат да се фокусираат на нивниот сопствен локален контекст и да расправаат околу поединечни теми од оваа перспектива (на пример – рамковни услови, соодветни дидактички активности итн.)

### Препорачан опсег

- 24 часа инструкции (≈3 дена)
- 36 часа индивидуални студии

## Компетенции

*Индивидуалците коишто ја имаат завршено наставната програма CurriculumglobALE се запознаети со теоретските принципи на комуникацијата и можат да ги применат во предавањата и во нивната образовна работа со возрасни. Тие исто така се запознаети соглавните теории на групната динамика и можат да ја применат во наставата и учењето во група за да можат да раководат со социјалните процеси.*

## Индивидуалците коишто ја имаат завршено наставната програма CurriculumglobALE

- се запознаети со правилата на вербална комуникација како и си паравербална и невербална комуникација и го применуваат во знаење кога работат со учесниците во обуката;
- можат да ги применат индивидуалните компоненти на интерактивна, конструктивна, мотивирачка комуникација;
- можат да ги елиминираат или намалат бариерите и пречките во комуникацијата;
- создаваат позитивна атмосфера преку нивниот стил на комуникација;
- можат да се справат со различни стилови на комуникација и да ги насочуваат учесниците кон контекстот на лекцијата и наставните процеси;
- можат да ја забележат „невидливата“ структура и комуникација во групата; тие препознаваат, разбираат, модерираат и ги водат процесите на групната динамика за да обезбедат оддржлив успех на учењето;
- да ги прилагодат фазите на процесот на учење со фазите на групна динамика;
- можат успешно да се справат со проблематичните ситуации во групата; можат да разрешат конфликтни ситуации и да се справат со „тешки“учесници
- се свесни за важноста на емотивноста на учењето на возрасни.

## Врски со останатите модули

Овој модул е тесно поврзан со методите (модул 3), особено затоа што е основа за употреба на многу методи – знаејќи ги принципите на добра комуникација и водење на група, ќе биде возможно за учесниците да ги применат дури и тие методи кои не беа објаснети или вежбани подетално за време на обуката, или некои нови методи за кои читале. Истовремено, овој модул е тесно поврзан со модулите 1 и 2, особено во начините на учењето на возрасните, неговите специфични карактеристики, неговиот контекст и мотивација. Токму овие гледни точки се комуникациските методи кои треба да се користат за пристап кон возрасните ученици. Понатаму, адекватната комуникација и добрата атмосфера работната група се најважни мотивациски фактори и најголемите бариери за учењето на возрасните ако не се соодветни и позитивни. Поради тоа, преку овој модул, треба да се дадат некои практични одговори на поопштите прашања од учењето на возрасните, и некои конкретни илустрации од поединечни аспекти од теориите за учењето на возрасните, особено за врската помеѓу наставникот и возрасниот ученик.

## Теми

**Комуникација во Образованието на возрасни**

- Комуникациски термини, комуникациски модели и принципи на комуникациските теории
- Теории за Образованието на возрасните и нивните концепти на комуникација
- Основни елементи и клучни карактеристики на комуникацијата
- Типови и нивоа на комуникација
  - видливо - информативно
  - невидливо–емоционално комуникативно ниво
  - вербална, невербална и паравербална комуникација
- Принципи на комуникација (со почит, мотивирачка, меѓусебна итн.)
- Компоненти и техники на комуникација (активно слушање, нивоа на комуникација, избегнување на теми кои ја прекинуваат дискусијата, поставување на прашања)
- Давање на повратни информации, искажување и прифаќање на критики, особено во контекст на образование
- Групна и индивидуална комуникација
- Ненасилна и наметлива комуникација; комуникација којашто поддржува и дава поттик
- Справување со различни комуникациски стилови во процесите на предавање и учење
- Препознавање и елиминација на пречките во комуникацијата на часовите и во процесите на учење
- Интеркултурна комуникација, земање во предвид на културните особености во комуникацијата
- Социјални медиуми и дигитална комуникација
- Полово-прилагоден јазик и полово-сензитивна комуникација
- Специфични елементи кои влијаат врз комуникацијата:
  - пол
  - различност
  - одржливост
  - култура
  - контекст
- Основи на внатрешната комуникација
- Основи на надворешната комуникација (Односи со јавноста, маркетинг)

**Групна динамика во Образованието на возрасни**

- Важноста на групната динамика за процесите на учење и предавање
- Теоретски принципи на групната динамика
- Форми и карактеристики на групите ученици
- Развојни фази на групите (содржинско и односно ниво)
- Создавање на култура на група – улоги, подгрупи, хиерархии, вредности и правила
- Структура на процесите на групната динамика
- Модели од работењето во групи ( на пр. интеракција центрирана врз темата, социометрија итн.)
- Принципи на работа, методи и техники за водење на процесите на групната динамика и интервенција во групната динамика
- Различни улоги на наставникот во Образованието на возрасни во наставната група (обучувач, модератор, олеснувач при учење, лидер, медијатор, советник, тренер итн.) и комплексноста на мултитаскингот
- Комуникациски стратегии за решавање на проблеми и конфликти, препознавање на конфликти и способност за нивно решавање
- Методи и техники за справување со тешки ситуации и проблематични учесници

## Предложена литература (избор)

- Connolly, Brid: Учењето на возрасните во групи. 1. Издание  Maidenhead 2008
- Алатки за интеркултурно учење, Совет на Европа, Strasbourg Cedex 2000.
- Johnson, David Read; Emunah, Renée (eds.): Современи пристапи во Драма терапијата, Springfield 2009

## Забелешки за имплементацијата

Методолошката различност е потребна во овој модул. Употребата на методите кои опфаќаат кратки PowerPoint презентации (на пр. кога се претставуваат комуникациските теории) до дијаграми и графички модели (на комуникациските модели) преку слики, видео снимки и кратки филмови, може да го разјаснат индивидуалниот аспект на комуникацијата и да го претстават преку примери, исто така користејќи познати ситуации или лица.

Иако овој модул содржи теоретски дел, тој треба да биде илустриран со конкретни примери. Се препорачува различноста на методите и креативниот пристап. Многу е важно да се создаде релаксирана и доверлива атмосфера, каде учесниците можат да ги поделат своите искуства, да ги раскажат своите сопствени приказни, да разговараат за својот стил на комуникација и искуства со различни групи, и каде што можат да бидат доволно отворени за да користат различни материјали, методи и пристапи.

## Практична примена и рефлексија

Се препорачува да се работи со реални примери, да се користат претходните модули, искуствата на учесниците и контекстуалните прашања. Наставниците во Образованието на возрасни треба да ги охрабрат учесниците да размислат за сопствениот стил на комуникација и да користат примери од нивните сопствени животи и професионалната околина (само-критичниот пристап е добредојден). Најважна точка е иницирањето на процесот на рефлектирање, а комуникацијата на обучувачот со учесниците треба да служи како добар пример за тоа што треба да се дискутира и да се препорача (особено во однос на ненасилната, неавторитативна и конструктивна комуникација). Се препорачуваат мали вежби и сесии со рефлектирање на реални ситуации, играње на улоги, симулации и задачи во мали групи. Треба да се примени активен интеракциски пристап со вежби колку што е можно повеќе за да се гарантира ефективно учење, примена на здобиените вештини и во работен и во животен контекст и долгорочни резултати.

Општо земено, многу примери треба да се користат, особено од животното и професионалното искуство на самите учесници. Учесниците исто така треба да разговаат за искуствата на другите групи. Можат да се преиспитаат и рефлектираат и ситуациите од минатото и сегашните ситуации во наставните групи како и сегашните тековни процеси. Наставниците во Образованието на возрасни можат пред се да користат делови и примери од сопственото искуство. За тоа се достапни најразлични методи – мали вежби, задачи во мали групи, графички репрезентации, мали социометрички секвенци, фотографии и кратки филмови. Исто така погодни се и методите од репертоарот од обуките за групна динамика: психодрама, игри со улоги, контролирани дијалози, игри како „NASA“, „службен автомобил“, „градење на кули“ итн. но исто така и вежби со кои се создаваат, практикуваат или дизајнираат типични групни ситуации за кревање на свеста.

## Препорачан опсег

- 32 часа инструкции (=4 дена)
- 32 часаиндивидуално учење

# МОДУЛ 4: Методи во Образованието на возрасни

## Компетенции

*Индивидуалците коишто ја имаат завршено наставната програма CurriculumglobALE се запознаети со репертоарот на методите во Образованието на возрасни и можат да ги применат за да постигнат оптимален успех во учењето во односните целни групи.*

## Индивидуалците коишто ја имаат завршено наставната програма CurriculumglobALE

- се запознаети со широк спектар на методи во Образованието на возрасни и можат да ги наведат нивните предности и негативности, лимити и можности;
- можат да селектираат соодветни методи коишто одговараат на ситуацијата во сите фази од обуката;
- независно примениле и рефлектирале некој основен сет на методи;
- можат да ги искористат методите за да постигнат одржлив успех во учењето во нивната односна целна група.

## Врски со останатите модули

Овој модул е идеален за вежба на знаењата и компетенциите научени во останатите модули. Секоја тема може да се искористи како материјал за имплементација, илустрирање, претставување и анализа на поединечни методи. Темите од сите други модули можат да се анализираат од гледна точка на соодветност на некој метод, комбиниран со други критериуми (целна група, време, ресурси итн.). На пример, групите можат да го одберат најдобриот метод за да ги објаснат различните типови на учење на возрасни (модул 2) или да ги споредат бенефициите од Образованието на возрасни (модул 1), или да ги истражат начините за решавање на комуникациски проблеми во рамките на групата (модул 3). Другите модули можат да истакнат кои методи можат да се користат за работа со поединечни теми, или различни видови на учесници, а во овој модул, овие идеи можат да бидат имплементирани.

## Теми

### Интегрирање на методи во инструкциите

- Кои се методите?
- Кои се критериумите за избор на адекватни методи?

### Преглед на методите

- Преглед: типологија на методи
- Важност и предности на интерактивни методи
- Адекватност на методите според пол, возраст, култура и други карактеристики на целната група
- Методи за отварање на наставата
    - Кршење на ледот
    - Игри за запознавање
    - Прашања околу очекувањата
- Методи за споделување на информации, пренесување на знаење и развој на содржината
    - Предавања
    - Презентации
        - Техники на зборување
        - Интерактивни инструкции

        - Демонстрирање
        - PowerPoint
        - Флипчартс&слични алатки
    - Групни методи
        - Проектни методи, групни задачи
        - Кругови на учење,метод со четири агли и слични методи
        - Мешани варијации:5x5метод, сендвич метод
        - Колаборативно учење со компјутер
    - Индивидуално учење
        - Индивидуално учење
        - Дневник на учење
        - Техника на читање
        - Учење со компјутери
        - Посети со набљудување
        - Методи за поддршка на самостојното учење и стекнување на вештини за самостојно учење
    - Социјално учење и експериментално учење
        - Рунди со дискусии
        - Игри со улоги, симулации
        - Психодрама
        - Работилници,worldcafé,отворен простор
        - Посети на локации:Учење од локален контекст
        - Проектна работа
        - Решавање на проблеми
        - Биографско учење
        - Партиципативни методи
    - Креативни методи
        - Бреинсторминг
        - Визуализација
        - Скулптури
        - Танц
        - Театар
        - Креативно пишување
- Техники на модерирање
    - Улогата на модераторот наспроти улогата на обучувач, наставник или пренесувач на знаење
    - Правила во модерирањето
    - Техники на испрашување
    - Методи на модерирање
- Загревање и методиза зголемување на концентрацијата
- Методи за завршување на инструкциите
    - Завршна сесија и методи за привршување
    - Обезбедување на резултати
    - Фидбек за инструкциите
- Методи и техники за само-организирано учење

Следниве фактори се од централно значење за наставниците во Образованието на возрасни да се здобијат со релевантните компетенции:

- конкретна примена на методи во сопствениот контекст на активност на учесникот;

- согледување дека не постои перфектен метод, но дека изборот секогаш резултира од рамнотежата помеѓу групата, рамковните услови, целите на учењето и обучувачот; и
- вежбање на целни промени на методите во рамките на социјалната динамика во групата.

Понатаму, во врска со сопствената целна група на наставникот во Образованието на возрасни и областа на примена, методите треба да се развијат целно, во дополнително поле (на пр. општински развој или семејно образование).

## Препорачана литература (селекција)

- Pretty, Jules N.; Guijt, Irene; Scoones, Ian; Thompson, John: Водич за обучувачите за партиципативно учење и акција, Лондон 1995

- Здружение за Партиципативно Истражување во Азија (PRIA): Прирачник за развојна, партиципативна методологија на обука, Њу Делхи 2011

- Најважните работи во обуката, алатки, издавателство на Совет на Европа, Стразбург Cedex, 2002

## Забелешки околу примената

Затоа што методите не можат едноставно да се научат теоретски, туку наместо тоа ги откриваат своите ефекти во праксата на предавања, овој модул нуди фокус на размена, испробување и рефлексија. Придонесот на овој модул е центриран кон инструкциите на индивидуалните теми како што се модерирање или проценка. Модулот треба да содржи бројни вежби кои се придружени со рефлексија и дискусии. Фокусот треба да биде врз предусловите, критериумите на селекција за примена на индивидуални методи како и врз можностите и лимитите на индивидуалните методи и барањата кои треба да ги исполнуваат наставниците во Образованието на возрасни. Откако искуствата на учесниците ќе бидат успешно применети во апликацијата на методите, различните методи коишто биле испробани и тестирани во културолошки контекст можат заеднички да се развијат.
Во овој модул фокусот е врз методите коишто се користени за време на обуките/инструкциите во Образованието на возрасни. Методите за планирање и организирањето на евалуацијата на обуките/инструкциите се обработуваат подетално во друг модул (планирање, организација и евалуација).

## Практична примена

Модулот за методите е добра можност за учесниците да ги практикуваат своите вештини и да ги подобрат преку процесот на практично учење. Нивното сопствено искуство како наставници може нашироко да се употреби за овој дел, комбинирајќи ги нивните размислувања и начините на подобрување. Играта со улоги е многу добар метод како рамка за вежбање на другите методи – каде дел од групата може да ја игра „вообичаената“ целна група – учесници во обуката, а еден или повеќе учесници можат да го користат и вежбаат методот, и да ги поделат искуствата и мислењата околу целиот процес со групата. Исто така е возможно да се користи истата тема и да се претставаат 2-3 методолошки пристапи и потоа да се споредат и дискутираат предностите и потешкотиите на поединечните методи и најдобрите критериуми за нивната употреба.

## Препорачан опсег

- 25 часа инструкции (= 3 дена)
- Учесниците се подготвуваат, предаваат и разгледуваат најмалку 3 самостојни лекции (100 часа)
- Посета со набљудување и фидбек од колегите ако тоа е соодветно

## Компетенции

*Индивидуалците коишто ја имаат завршено наставната програма CurriculumglobALE се свесни дека фазите на планирање (вклучувајќи го и развојот на наставната програма), организација, реализација и евалуација се поврзани меѓусебно во професионалниот циклус на активности на еден наставник во Образованието на возрасни. За фазите на планирање, организација и евалуација, тие имаат познавања од различни методи и можат да го применат ова знаење соодветно на ситуацијата и критички да направат осврт на ова[22].Во однос на нивните сопствени професионални активности, наставниците во Образованието на возрасни го користат стекнатото искуство за систематско подобрување на нивните програми.*

## Индивидуалците коишто ја имаат завршено наставната програма CurriculumglobALE

- се запознаети со фазите на професионалниот циклус на активности на наставниците во образованието на возрасни и разбираат како тие меѓусебно се поврзани;
- знаат различни методи и алатки за:
  - идентификација на образовните и тренинг потреби,
  - формулација на цели ориентирани кон компетенција за образовните програми,
  - создавање на методолошко-дидактички изглед за процесите на учење и настава,
  - планирање на лекции кои ги земаат во предвид релевантните рамковни услови,
  - континуирана проверка на прогресот во учењето, транспарентен пристап кон него и прилагодување на изгледот на лекциите кон оваа основа ако тоа е потребно,
  - гарантирање на резултати;
- се свесни за импликациите на различните методи и алатки и можат критично да размислуваатза нивниот избор и примена;
- ги користат откритијата од обезбедените резултати и евалуации за перманентно подобрување на нивната работа; ги знаат основите и различните елементи за обезбедување на квалитетот

## Врски со останатите модули

Сите претходни модули можат да служат како основа за создавање на добар циклус на обуки. Бидејќи тие се базирани врз принципите, фазите и типовите на учењето на возрасни (модули 1 и 2), важно е да се внимава на теоретските принципи кога се развиваат поединечните фази, особено фазите 1 и 2 (потребна е проценка и планирање). За фазите 3 и 4 (организација и примена) компетенциите од модулите 3 и 4 (комуникација, групна динамика и методи) треба да се разгледаат подетално.

Прашањето на обезбедување на квалитет е тесно поврзано со работниот контекст на наставниците во Образованието на возрасни, локалниот и националниот контекст, општината, провајдерите и партнер-организациите.

## Теми

**Фази на професионалниот циклус на активности на наставникот во Образованието на возрасни**

- Проектен пристап и проектен циклус, во однос на Образованието на возрасни
- 5 фази: треба проценка, планирање, организација, изведба, евалуација
- Врски помеѓу и ефекти на индивидуалните фази

[22] Фазата на изведба е подетално опишана во Модул 3(Методи на образованието на возрасни).

**Потребна проценка**

- Образованието / обуката / вештините треба да се проценат
- Проценка на индивидуалните потреби
- Проценка на организациските потреби
- Проценка на општинските потреби

**Планирање**

- Принципи на анализата на образовните потреби, преглед на најважните алатки за анализа
- Развој на наставната програма
  - Принципи на развојот ориентиран кон компетенција на наставната програма (правење разлика помеѓу концептите базирани врз резултати наспроти концептите базирани врз знаење)
  - Профили на активности како основа за развојот на наставната програма
- Дефинирање на целите на учење (таксономии на целите на учење, SMARTи SPICEсистеми итн.).
- Анализа на целни групи – Кој зема учество во мојата обука и зошто? (атрибути, очекувања, ставови на целните групи)
- Планирање на образовните секвенци на полово-сензитивен начин

Организација

- Земање во предвид на рамковните услови
  - Особености на односната целна група
  - Очекувања на клиентот
  - Расположива инфраструктура
- Создавање на чек-листа за обуката
- Создавање на план за лекциите (со поединости за методите, дидактика, временска рамка)
- Употреба на ресурси (материјали за планирање и употреба на опрема)
- Планирање на можни/алтернативни сценарија во случај на непредвидливи ситуации
- Лична подготовка на наставникот во образованието на возрасни (когнитивно, ментално, емоционално, физичко ниво)
- Пишување на текстови за известување/описи на образовните програми за учесниците и/или клиентите
- Понатамошно следење на образовната програма

**Проценка**

- Концептот за квалитет во продолжителното образование – важност, објаснување на термините
- Елементи за обезбедување на квалитет (квалитет во однос на: опремата, програмите, персоналот), критериуми и индикатори
- Проценката како основа за обезбедување на квалитет – принципи, предуслови и потенцијал
- Проценка во контекст на евалуација
- Типови на евалуација
  - Пре-формативна, формативна (придружна) и збирна (expost)
  - Квантитативна и квалитативна
  - Екстерна, интерна, само-евалуација
  - Евалуација на лекциите
- Фази на евалуација
- Методи, техники и алатки на евалуација
  - Тестови,прашалници, степени, регистри
  - Дневници на учење
  - Биланс на компетенција и портфолија
- Извештаи
- Употреба на резултатите од евалуацијата за водење на образовниот процес

- Понатамошно следење и networking

**Обезбедување на квалитет**

- Квалитет во однос на input,throughput и output
- Слоеви на квалитет:Систем, организација, обука, итн.
- Стандарди / Индикатори
- Постоечки системи за обезбедување на квалитет

## Предложена литература (селекција)


- Archer, David; Cottingham, Sara: Прирачник Reflect Mother, Лондон, o.J. http://www.reflect-action.org/sites/default/files/u5/Reflect%20Mother%20Manual%20-%202012.pdf
- Bramley,Peter: Евалуација на обука, London 2003
- Caffarella, Rosemary S.: Програми за планирање за возрасните ученици. Практичен водич за наставници во Образованието на возрасни, обучувачи, и тренери на персонал. 1 издание, Сан Франциско 1984


## Забелешки за имплементација

Овој модул се фокусира врз стекнување на неопходните вештини за инструкторите на обуките. Затоа важна улога игра користењето на соодветни алатки за потребите на проценката, планирањето, организацијата и евалуацијата на лекциите кои ги исполнуваат барањата за дидактика погодна за возрасните ученици. Искуствата на учесниците од нивната сопствена практична работа треба да се користат како дел од овој процес. Образованието на возрасни треба секогаш критички да се осврнува на импликациите од изборот и примената на индивидуалните алатки во однос на теоретските принципи користени во другите модули. Овој модул бара мешавина од методи кои се состојат од тематски инпут, професионална размена и групни дискусии. На крајот од модулот учесниците ќе се здобијатсо првично искуство за примена на избраните методи во пракса, кои ќе обезбедат одржливи ефекти од учењето. Дополнително, тие треба да се здобијат и со основни компетенции за планирање, имплементација и евалуација на нивните сопствени процеси на учење во иднина.

## Практична примена и рефлексија

Различните методи можат да се користат за поддршка на учесниците при учење кој е најдобриот начин на создавање на циклусот во 5 фази. На пример, учесниците можат да се поделат во групи, да добијат тема и задача да го развојат целиот циклус, опишувајќи ги поединечните чекори. Тие можат да подготват „сценарија“ и да имаат еден вид на „вистинска“ подготовка за одржување на обуката. Заедно, групата може да дискутира за различните предлози, да ги анализира поединечните решенија, предлози, идеи и уште еднаш да го прегледа планот за подготовка пред неговата имплементација. Некои делови од процесот на имплементацијата исто така можат да се симулираат, па евалуацијата е базирана на еден вид реални резултати, преку групната дискусија. Прашањата на квалитет треба да се поврзани со контекстот на нивната реална образовна пракса.

## Препорачан опсег

- 32 часа инструкции (=4 дена)
- 45 часа индивидуални студии
- Фидбек од колегите за придружба на програмата
- Дневници за учење или слично, за документирање на резултатите од учењето

# Прилози

## Прилог 1: Користена наставна програма

## Наставната програма на *dvv international* и партнерите

### Наслов: Обука за практиканти во Андрагогијата

**Држава/регион на потекло:** Ерменија
**Јазик:** Ермenски и Англиски

**Структура и обем; Дидактички форми:**
Програмата се состои од 5 главни делови:
*(препорачано време за обработка – вкупно 90 часа)*
1. Модели на комуникација (12 часа);
2. Модерна образовна технологија и ОВ (12 часа);
3. ОВ и соработка со социјалните партнери (6 часа);
4. ОВ во контекст на современите образовни процеси (6 часа);
5. Менаџмент во ОВ (6 часа).
6. Независна работа – 26 часа. Вежби – 22 часа.

**Целни групи, предуслови за учесниците ако има:**
- Практикант во Андрагогијата;
- Наставници/персонал во државни стручни институции;
- Обучувачи/персонал од Образовните Центри за Возрасни или Општинските Образовни Центри

**Основни информации за создавањето и примената:**
Програмата беше изработена во 2007 год. од група автори коишто ја претставуваат Ерменската Асоцијација за ОВ (Образование на возрасни) и ДУ (доживотно учење) и *dvv international* - Ерменија.

### Наслов: Андрагогија - Обука

**Држава/регион на потекло:** Ерменија
**Јазик:** Ерменски и Англиски

**Структура и обем; Дидактички форми:**
Програмата се состои од 7 модули:
*(препорачано време за обработка – вкупно 88 часа)*
1. Развој на наставната програма (24 часа);
2. Модели на комуникација (16 часа);
3. ОВ и Соработка со социјалните партнери (8 часа);
4. Модерни технологии во образованието и обуката (8 часа);
5. ОВ во контекст на модерни образовни процеси и Менаџмент на ОВ (8 часа);
6. Структура и организација на содржините на работилниците/семинарите (24 часа);
7. Проценка и евалуација (8 часа).

**Целни групи, предуслови за учесниците ако има:**
Обучувачи/персонал од Образованите Центри за Возрасни

**Основни информации за создавањето и примената:**
Програмата беше изработена во 2010 год. од група автори коишто ја претставуваат Ерменската Асоцијација за ОВ (Образование на возрасни) и ДУ (доживотно учење) и *dvv international* - Ерменија во рамките на проектот на ЕУ „ProActive“.

## Наслов:Обука за стручно и понатамошно образование на возрасни

**Држава/регион на потекло:** Босна и Херцеговина
**Јазик:** Германски

**Структура и обем; Дидактички форми:**
Обуката се состои од 5 главни делови. Секој дел вообичаено се обработува 2 дена, односно, тоа се вкупно 10 дена обука (60 часа):
Дел 1: Образованието на возрасни како наука; концепт и стратегија на образованието; системот на ОВ, циклусот на ОВ; фазите во циклусот на ОВ; планирање на образовните содржини; дизајнирање на програмата за образовната содржина; модули и модуларни програми.
Дел 2: ОВ во БиХ – статус и перспективи; ОВ во Германија; области на ОВ; форми на ОВ; карактеристики на образовната група; ОВ и само-обучување; теории на потребите на ОВ; модели и алатки за анализа на образовните потреби – индивидуални потреби; модели и анализи на образовните потреби – потреби на пазарот на трудот и работодавачите.
Дел 3: Групни процеси – перцепција, разбирање и модерирање; социјални и психолошки карактеристики на возрасните ученици; стилови на учење и типови на продолжително образование кај возрасните; природа, карактеристики и елементи на комуникација; пречки во комуникацијата; фидбек на предавањата и процесот на учење; визуализација во предавањата – правила и методи; презентации на лекциите – правила и методи; класични и интерактивни методи во ОВ.
Дел 4: Менаџмент во ОВ; стратешки менаџмент во ОВ (пример: образовни институции); способности и вештини во менаџмент и раководство; способност да се управува со работните резултати на вработените во ОВ; развој на лидерските способности (вештини за носење на одлуки според моделот „чекор-по-чекор“); вештини за убедување, преговарање и комуникација; маркетинг во ОВ; маркетиншки план за институциите на ОВ.
Дел 5: Евалуација на образовниот процес; квалитет на ОВ – препораки и концепти; квалитативни системи во ОВ; евалуацијата како алатка за промовирање на квалитет; типови на евалуација во ОВ; работилници како работен метод во ОВ; контекст на игри во работилниците; различни примери на работа во работилниците.

**Целни групи, предуслови за учесниците ако има:**
Обучувачи и менаџмент-персонал од (неформалните) провајдери на ОВ; лица коишти ги пишуваат начелата на ОВ.

**Основни информации за создавањето и примената:**
Програмата беше изработена во 2001 год. (доработена во 2008 год.) во соработка со проектната канцеларија од БиХ на *dvvinternational*и на катедрата за ОВ на Универзитетот во Белград. Обуката

вообичаено се нуди како дел од „летните академии“ за стручно и продолжително образование на персоналот во ОВ.

## Наслов: Обука за практикантите во Андрагогијата

**Држава/регион на потекло:** Грузија
**Јазик:** Грузиски и Англиски

**Структура и обем; Дидактички форми:**
Програмата се состои од 6 модули:
*(препорачано време за обработка – вкупно 60 часа)*

1. Вовед во Концептот за Образование на Возрасни (3 часа): Историја на ОВ, Теорија на ОВ, Модерни трендови во ОВ, Закони во ОВ;
2. Особености на ОВ (12 часа): Возраст и социјални улоги, Важноста и влијанието на искуството, Психо-социјални аспекти на предавање/учење;
3. Елаборација на една Образовна Програма (12 часа): Идентификација на целите и резултатите од процесот на учење, Елаборација на програмската содржина, Подготовка на наставниот материјал/прилагодување;
4. Методи на предавање (18 часа): Предавање ориентирано кон проблемите, Проекти како метод на предавање, Групна работа;
5. Проценка и Евалуација на Знаење и Вештини (9 часа): Критериуми за евалуација и нивната поврзаност со резултатите од учењето; Методи и системи на евалуација, Евалуација и само-проценка;
6. Органозација на ОВ (6 часа): Идентификација на целната група, основи на проценка на пазарот на образование, Основен програмски менаџмент.

**Целни групи, предуслови за учесниците ако има:**

- Наставници/персонал во јавни стручни центри;
- Обучувачи/персонал од Образовните Центри за Возрасни или Општинските Образовни Центри
- Членови на Асоцијацијата за Образование на Возрасни во Грузија (АЕАГ);
- Практиканти во Андрагогијата

**Општи цели на програмата, Специфични цели на учење:**
На крајот од обуката дипломците ќе се здобијат со следниве знаења и вештини: теорија за ОВ, главни концепти и модерни трендови; Методолошки принципи на ОВ; Принципи на елаборација на образовни програми за возрасни; Тимска работа и успешна комуникација.
Дипломците од оваа обука ќе можат да: развиваат програми за возрасни на специфични теми и да ги организираат и имплементираат релевантните обуки; бараат специфични извори за програмата (литература итн.), применуваат модерни информациски технологии; да прават презентации; да помагаат во дискусиите.

**Основни информации за создавањето и примената:**
Програмата беше изработена во 2007 год. од група автори коишто ја претставуваат Грузиската Асоцијација за Образование на возрасни и *dvvinternational*-Грузија со цел да го поддржи градењето на капацитети на практикантите на Андрагогијата кои пак за возврат би придонеле кон подобрување на

квалитетот на ОВ во државата. Програмата има применета природа и е насочена кон развојот на важните практични вештини на целната група.

## Наслов: „Педагошки и дидактички вештини во стручните обуки“

**Држава/регион на потекло:** Палестина
**Јазик:** Англиски

**Структура и обем; Дидактички форми:**
Обуката (времетраење: 4 дена на обука) се состои од 6 главни делови:
I.Теоретска основа: 1) Главна хипотеза и откритија на невролошките испитувања (на мозокот), 2) последици за дидактичкиот пристап – („Дидактички конструктивизам“), 3) Подготовка за предавање, Цели на учење/предавање, 4) Таксономија на образовните цели, 5) Дидактичка анализа на содржината;
II. Конвенционални методи за Предавање и Обучување: 1) Презентацијата како метод на предавање/обучување, 2) Инструктивен/образовен дијалог, 3) Метод со четири чекори/Инструкции за работа;
III. Интерактивни методи на предавање/учење: 1) Интерактивни методи на учење и клучни вештини/компетенции, 2) „Моделот за комплетна акција“ во струното образование и обуки (VET), 3) Leittext (Водечки текст) задачи, 4) Проектни методи, 5) Учење базирано врз проблемите (RBL), 6) Колаборативно учење, 7) Модерацијата како метод на предавање;
IV.Комуникациски модели за предавање: 1) Четири аспекти/страни на една порака, 2) Трансакциска анализа;
V. Методи за проценка на резултатите на учениците: 1) Стратегии за проценка на принципите, 2) Проценка на техниките на предавање CATs;
VI. Планирање на лекциите.

**Целни групи, предуслови за учесниците ако има:**
- Наставници/персонал во јавни стручни центри;
- Обучувачи во неформални образовни институции

**Основни информации за создавањето и примената:**
Програмата беше изработена во 2010 год. од SharekYouthForumво партнерство со *dvv international*и соработка со Палестинското Министерство за Образование во рамките на еден проект од ЕУ.

## Наслов: ARA–Андрагошка регионална Академија

**Држава/регион на потекло:** Регион Југо-источна Европа
**Јазик:** Англиски, Српско-Босанско-Хрватско-Црногорски

**Структура и обем; Дидактички форми:**
Обуката се состои од 6 главни модули

**I. Комуникациски вештини**: вербална и невербална комуникација; „убијци“ на дискусии; активно слушање; давање на фидбек; давање и примање на критики; „Johari“ прозорец; одбивање и велење „не“; комуникациски стратегии за решавање на конфликти; стилови и стратегии на дискутирање и комуникација; принципи и примена на не-агресивна комуникација.

**II. Обучувач:** улога и задачи на обучувачот, типови на инструктори/обучувачи; стилови на предавање; компетенции и атрибути на обучувачот.
**III. Планирање и подготовка:** бара анализа во областа на образованието и обуките; „Вештините бараат анализа“; методи на анализа, анализа на целните групи; планирање „базирано врз резултати“; DACUM метод; модуларизација во ОВ; дизајн на семинарите; подготовка и организација на обуките.
**IV. Резултати: методи во ОВ и обуките**; методите во интерактивните инструкции; употреба на визуални методи; презентирање и појавување пред клас; примена на работилници; алтернативни методи и техники на обучување; развој на вештините за само-организирано учење.
**V. Анализа, мониторинг и евалуација.**
**VI. Тренирање во образованието и обуките.**
( Други модули како „Онлајн ОВ“, конфликти, интеркултуролошка комуникација и образование за мир, комуникација на работното место, координација на групната работа и групен менаџмент, менаџмент во ОВ, гарантирање на квалитет во ОВ, финансирање на ОВ и образовна работа со специфични целни групи – по потреба!)

### Целни групи, предуслови за учесниците ако има:

- Обучувачи и менаџмент персонал во (неформалните) провајдери на ОВ

### Основни информации за создавањето и примената:

Програмата беше изработена во 2011 год. од Проф. Др. KatarinaPopovicво соработка со регионалната канцеларија на *dvv international*во Сараево / БиХ за „Летната академија“ (регионална програма.

## Наслов: Психо-социјалните особености на ОВ–обука за експерти во ОВ (практиканти на Андрагогијата)

**Држава/регион на потекло:** Узбекистан
**Јазик:** Руски

### Структура и обем; Дидактички форми:

Обуката се состои од 4 блока (модули) кои ги покриваат следниве клучни теми од андрагогијата:

1. Теоретски принципи на ОВ;
2. Андрагогија како област од социјалната пракса;
3. Технологии на ОВ;
4. Практична примена на технологиите на ОВ

Обем на обуката – 144 часа:
научен и теоретски дел – 36 часа предавања и 24 часа независна работа;
практичен дел – 48 часа за лекции и 36 часа независна работа во некоја образовна институција.

### Целни групи, предуслови за учесниците ако има:

Наставници во Узбекистанскиот „Систем за специјални стручни обуки“ (SSPO)

### Основни информации за создавањето и примената:

Програмата беше изработена од институцијата за наставници во продолжителното образование на SSPO со поддршка од регионалната канцеларија на *dvv international*во Ташкент / Узбекистан во 2008 год. и се користи за продолжително образование на наставници од системот за стручни обуки.
Академски координатор на проектот: Nuriddinov,B.,Ph.D.;автор:Burkhanova,G.

## Наслов: „Методологија на ОВ“

**Држава/регион на потекло:** Узбекистан
**Јазик:** Руски

**Структура и обем; Дидактички форми:**
Програмата е дизајнирана како 3-дневна обука (24 часа) и ги опфаќа следниве теми:
1) Принципи на Образованието на возрасни;
2) Споредба на класичниот пристап со Образованието на возрасни;
3) Мотивација;
4) Циклуси во ОВ;
5) Интерактивни методи воОВ;
6) Важни заклучоци за примена на интерактивни методи во ОВ;
7) Канали на перцепција;
8) Комуникација;
9) Вештини на слушателите;
10) Фидбек;
11) Групна динамика;
12) Прашања – одговори;
13) Обука;
14) Улогата на обучувачот;
15) Главни фази на планирање и имплементација на наставната програма;
16) Краток речник на ОВ;
17) Прилог: тестови.

**Целни групи, предуслови за учесниците ако има:**
Обучувачи од неформалните провајдери на образование

**Основни информации за создавањето и примената:**
Програмата беше изработена во рамките на соработката помеѓу регионалната канцеларија на *dvv international*во Ташкент / Узбекистан и Узбекистанската Економска Комора во 2009 год.

## Наслов: Обука за развој на основно лидерство(BLDC)

**Држава/регион на потекло:** Азиско-Пацифички регион (ASPBAE)
**Јазик**: Англиски

**Структура и обем; Дидактички форми:**
Програмата трае една недела (7 дена, 56 часа)
Обуката ги опфаќа следниве области:
А. Принципи на учењето на возрасни
Б. Рамки на и за трансформативно учење на возрасните:
- Пристап кон Образованието и Развојот базиран врз правата,
- Популарно полово и доживотно учење,
- Образование за одржлив развој

В. Контексти на учењето на возрасните во пракса:
  i. Посета на локалните општини,
  ii. Преглед на Азиско-пацифичкиот регион

Г. Лидерство во праксата на учењето на возрасните:

i. Лидерство во организациите за учење,
ii. Едукаторите како лидери

Д. Вмрежување и одбрана на образовната политика
Ѓ. Тематско ангажирање и политишки платформи на ASPBAE
Е. Формулација на индивидуалниот акциски план

**Целни групи, предуслови за учесниците ако има:**
Организациите членки на ASPBAE се поддржуваат да номинираат потенцијални учесници. Критериуми за селекција:

- Да имаат најмалку три години работно искуство во Образованието на возрасни и поврзани развојни работни области;
- Да имаат потенцијал да завземат улоги на лидери во организациите членки на ASPBAE;
- Да имале лимитирани можности за меѓу-културна размена и развој на лидерство;
- Да имаат задоволителни компјутерски познавања;
- Да имаат задоволителни познавања од англискиот јазик.

**Општи цели на програмата, Специфични цели на учење:**

Главни цели на BLDC на ASPBAE се:

- Развивање на холистичка перспектива за трансформативно Образование на возрасни;
- Подобрување на вештините и ставовите за процесите кои го поддржуваат трансформативното Образование на возрасни;
- Давање можности за размена на искуства за учењето на возрасни;
- Олеснување на структурирана рефлексија кон развој на основното разбирање на принципите на учењето на возрасни и пракси кои се трансформативни, полово осетливи, базирани врз правата и придонесуваат кон оддржлив развој;
- Подобро разбирање на ASPBAE и развивање на врска со и обврска кон него;
- Развивање на критичко разбирање на контекстите во Азискиот Пацифик кои влијаат врз учењето на возрасните;
- Придонес кон развој на „банка со таленти“ за лидерството во ASPBAE, членовите, и за целото движење на Образованието на возрасни во Азискиот Пацифик.

**Основни информации за создавањето и примената:**
Оваа програма е изработена пред скоро 20 год. и константно се работи на нејзино подобрување за да ги исполни барањата на учесниците. Таа е дел од долгорочната стратегија за изградба и проширување на „лидерското тело“ на организациите членки на ASPBAE во регионот.

## Наслов: NeXT 1 – Обука за регионалните обучувачи/олеснувачи

**Држава/регион на потекло:** Азиско-Пацифички регион (ASPBAE)
**Јазик**: Англиски

**Структура и обем; Дидактички форми:**
Програмата трае18 месеци и е поделена на 3 фази. Првата фаза е структурирана обука за Регионална обука и поддршка која трае 11 дена, втората фаза е Менторска фаза која трае 15 месеци а третата

фаза е фаза на Размена и Учење за утврдување на искуствата од менторскиот процес.

Обуката за Регионална Поддршка ги опфаќа следниве области:

- Социјално-економски, политички, еколошки и културни реалности од регионот на Азија и Јужниот Пацифик
- Врски помеѓу локалните и регионалните контексти
- Врски за развојни прашања на регионот со глобалниот контекст
- Разбирање и примена на Рамката за Човекови Права во Образованието на возрасни и Доживотното учење
- Полова Правда и Одржлив развој како парадигми кои се поклопуваат во рамките на сите иницијативи за Образование на возрасни и Доживотно учење во регионот
- Принципи на учењето на возрасните
- Експериментален циклус на учење
- Поддржувачите како ученици, практиканти и комуникатори
- Меѓу-културни чувствителни прашања
- Градење и одржување на култура на учење
- Создавање и одржување на заедница на пракса во ASPBAE

Фазата на менторство пружа менторска поддршка и упатства за секој учесник да може да ги вклопи наученото од Обуката за Регионална Поддршка во неговата секојдневна работа поврзана со обуката и активности за градење на капацитети во нивните соодветни организации.

## Целни групи, предуслови за учесниците ако има:

Учеството во програмата е по покана за членките на ASPBAE кои демонстрирале искуство во обука и поддршка и од членството на ASPBAE кои сакаат да се ангажираат во овој долгорочен и интензивен процес на учење, со добиена поддршка и обврска од нивните организации.

Учесниците заеднички се идентификираат од ASPBAE EC и персоналот за да го создадат и прошират „лидерското тело“ во регионот; тие се посветени на задачата да го унапред правото на сите за учење, и да ги промовираат потребите за учење и интересите, особено кај најмаргиналните групи.

## Општи цели на програмата, Специфични цели на учење:

Обуката за Регионална Поддршка, со нејзините објавени цели, нуди култура на учење за учесниците да се ангажираат во процесот на заедничко учење за

- да ги испитаат различните реалности на Азискиот Јужно-Пацифички Регион во однос на потребите за учење кај возрасните;
- да истражат, создадат и одржат значајни можности за учење на возрасните за да се зајакнат маргинализираните и осиромашените групи на население во регионот, за да ги променат своите животи и нивните заедници и да станат лидери и адвокати за одржлив начин на живеење во рамките на човековите права, половата и социјалната правда;
- да еволуираат како заедница која работи во пракса, да ја прошират и продлабочат праксата на образование на возрасни и доживотното учење базирано врз богатата традиција на учење во регионот и принципите на учењето на возрасните;

База од околу 10 до 15 обучувачи-подржувачи би излегле од NeXT1 процесот на учење и би биле мобилизирани во работата на ASPBAE за градење на капацитети – на национално, локално и глобално ниво.

## Основни информации за создавањето и примената:

Обуката за Регионална Поддршка е концептуализирана како напредна лидерска програма од Обуката за развој на Основното Лидерство (BLDC) на ASPBAE. Дизајнот и наставната програма биле развиени и напишани со помош на богатото експертско искуство на Директорите на Обуките (и сегашните и

поранешните) од BLDC и други обучувачи од членството на ASPBAE, за да се зајакнат и поттикнат компетенциите на веќе успешните локални и национални обучувачи и поддржувачи на суб-регионално и регионално ниво. Перспективата развојот на вештините се лоцирани во рамките на филозофските основи на ASPBAE за принципите на учењето на возрасните, партиципаторните методологии и доживотното учење.

**Наслов: NeXT2 - Регионална обука за ОВ**

**Држава/регион на потекло:** Азиско-Пацифички регион (ASPBAE)
**Јазик**: Англиски

**Структура и обем; Дидактички форми:**

Регионалната обука за Поддршка на Образованието на возрасни трае15 месеци и е поделена на 3 фази. Првата фаза е структурирана обука за Регионална поддршка на Образованието на возрасни која трае 7 дена, втората фаза е Менторска фаза која трае 9 месеци а третата фаза е заклучна фаза во која се собираат искуствата од менторкиот процес.

Регионалната обука е вовед во перспективната изградба, подобрување на вештините и зајакнување на ставовите за петте тематски области од Образованието на возрасни, односно

i. Описменување на возрасните, CONFINTEA Белемската акциска рамка
ii. Климатски промени и Образование за одржлив развој
iii. TVET и Животни вештини и Зајакнување на Младината
iv. Полова еднаквост во Образованието, и
v. Финансирање на образованието

Компонентата за градење на вештините за поддршка вклучува:

- Индивидуални вештини за комуникација и презентација
- Вештини за организациска комуникација со медиуми вклучувајќи праќање на пораки, на пр. Медиумски изјави, Социјално мрежи итн.
- Градење на вештини за преговарање и консензуз
- Вештини за лобирање
- Планирање на поддршка, вклучувајќи и намалување на ризик

Дополнителна функција на обуката е вклучувањето на настанот Real-world Advocacy за време на нејзиното траење. Фазата на менторство која трае 9 месеци пружа менторска поддршка на секој учесник од страна на еден ментор од државата кој е искусен поддржувач за формулирање на планови за поддршка на национално ниво.

**Целни групи, предуслови за учесниците ако има:**

Учеството во обуката е по покана за членките на ASPBAE кои демонстрирале искуство во областа на образовната поддршка и интерес и се посветени на работата за поддршка на Образованието на возрасни на национално и суб-национално ниво.

Учесниците заеднички се идентифицираат од ASPBAE EC и персоналот.

**Општи цели на програмата, Специфични цели на учење:**

Сеопфатната цел на Регионалната обука за поддршка на Образованието на возрасни е

- Да се создаде критична маса на адвокати на ОВ во регионот за да се зголемат шансите за проширување на јавната свест за ОВ како право и поттикнувачко дејство врз сите засегнати страни од ОВ;
- Да се зајакне основата од 2 до 3 активисти и водачи на кампањи во Образованието на возрасни, кои

тесно би соработувале со членовите коишто ја вршат работата на адвокати и/или образовни коалиции во нивните соодветни држави;

- Да поддржат посветен кадар за понатамошното следење на резултатите од CONFINTEA-6, за да се гарантира дека агендата од CONFINTEA е вклучена во EFA и MDG.

Обучените адвокати кои излегуваат од оваа обука би влијаеле врз Директорите ангажирани во EFA да им дадат приоритет на целите 3 и 4 во нивната политичка агенда, што би се артикулирало во нивната владина образовна политика, во планирањето и финансирањето на целите 3 и 4.
Тие исто така би ја афирмирале важноста на Образованието на Возрасни во реализирањето на рамката на човековите права како клучна за развојот.

### Основни информации за создавањето и примената:

NEXT 2 Регионалната обука за Поддршка на Образованието на возрасни се темели врз силата на искуствата на ASPBAE во RWS, CSEF и NEXT1 – собирајќи ги алатките, сетовите со податоци, начелата, врските и експонираноста на ОВ и ги преработува во една програма за градење на капацитети во Образованието на возрасни. Исто така се инволвираат структурирани процеси на учење (обуки и работилници), како во NEXT1, главните арени за учење на политиките на ОВ со поддршка од ментори се заеднички договорената политика на ОВ и адвокатските активности лоцирани во рамките на партиципаторската организаторска работа или понатаму се обработуваат од страна на ASPBAE како дел од напорите за следење на резултатите од CONFINTEA.

## Сертифициран наставник во Образованието на возрасни

**Вебстрана на проектот:** www.wba.or.at/studierende/kompetenzen_zertifikat.php

### Структура и обем:

Wbaсертифицира и доделува дипломи на наставници во Образованието на возрасни одредувајќи стандарди во форма на една наставна програма. Индивидуалците коишто работат во Образованието на возрасни можат да поднесат докази за нивните различно стекнати компетенции и практично искуство. Овие докази тогаш се проценуваат и се признаваат врз основа на наставната програма. Секоја компетенција која недостасува може да се добие преку различни обуки или некои други форми на докази. Индивидуалците коишто ја исполниле наставната програма добиваат признар сертификат или диплома.

За да се добие wbaсертификат, мора да се демонстрираат седум компетенции.

### Процес на сертифицирање

Прв чекор е да се одреди сегашниот статус на учесниците. Тие сите пополнуваат едно онлајн портфолио и ги предаваат своите веќе подготвени докази на wba.

Заедно со еден wba консултант се разјаснува кои содржини веќе биле исполнети од страна на поединецот во однос на wba наставната програма и кои предуслови сеуште не се исполнети за да се квалификува како сертифициран наставник во Образованието на возрасни.

Wba консултантот пружа поддршка во пронаоѓање на соодветни обуки за да се стекнат компетенциите коишто недостасуваат.

Испити

За да се добие сертификатот, потребно е учество на тродневна работилница за сертифицирање со „multiple-choice“тест, изработка на писмена, практична или проектна задача и полагање на еден колоквиум.

*Работилница за сертифицирање*

Во проценката, се евалуираат компетенциите на wba студентите како наставници во Образованието на возрасни. Неколку недели пред датумот, документите ќе бидат испратени на учесниците за да се подготват.
Во тестот со повеќе одговори (multiple-choice) се проверуваат познавањата од образовната теорија. Запишаните учесници ќе најдат листа со литература во делот каде што се пријавуваат којашто ќе им помогне да се подготват. Прашањата од тестот се однесуваат само на овој материјал за читање.
Работилницата за сертифицирање има испитен карактер. Истовремено, наша цел е учесниците да развијат проширена слика за себеси и повеќе да се идентификуваат со нивната улога на наставник во образованието на возрасни.

*Практична или проектна теза*

Со дипломската теза учесниците ги демонстрираат нивните рефлективни вештини во однос на нивното практично искуство во избраната специјализација на нивната wba диплома.
*Колоквиум*:

За време на колоквиумот учесниците ги претставуваат своите одобрени писмени тези и ги поврзуваат со нивната работа како наставник во Образованието на возрасни.

**Размер**

Квалификацијата „сертифициран наставник во Образованието на возрасни" вреди 30 ECTS поени. 23 ECTS поени се стекнуваат со докази за задолжителните делови, останатите 7 ECTS поени преку индивидуална специјализација во изборната област. Доделувањето на ECTS поени на индивидуалните компетенции треба да се разбере како препорачана вредност. Ако тоа е од корист за лицето коешто поднесува документи, можат да се направат отстапки од овие препорачани вредности.

**Наставна програма**

| Задолжителни делови | Изборни делови |
|---|---|
| **Одредување на моменталниот статус** (1ECTS) | |
| **Компетенции од образовната теорија(3-6ECTS)** | |
| Принципи на педадогија/андрагогија<br>- Образованиеиучење(принципи) (1.5) | макс.3 ECTS |
| Општествои образование<br>- Образование на возрасни(принципи) (1ECTS)<br>- Социјални принципи во однос на ОВ (0.5ECTS) | |
| **Дидактичка компетенција (1.5-4 ECTS)** | |
| Принципи на дидактиката во ОВ<br>Работа со групи<br>(најмалку1.5 ECTS) | макс.2.5 ECTS |
| **Компетенции во менаџментот** | |
| Принципи на образовниот менаџмент(најмалку1.5ECTS) | макс.2.5 ECTS |
| **Компетенции за упатување и советување** | |
| Принципи на упатување и советување<br>Учење како да се помага и поддржува<br>(најмалку1.5 ECTS) | макс.2.5 ECTS |
| **Компетенции за библиотекарство и информатички менаџмент** | |
| Јавни библиотекии нивната важност за општеството<br>Принципи на информатички менаџмент<br>(најмалку1.5 ECTS) | макс.2.5 ECTS |
| **Социјални вештини** | |
| Комуникацијата во теорија и пракса<br>Водење на дискусии<br>Реторика<br>Менаџмент на конфликти во теорија и во пракса<br>(најмалку2 ECTS) | макс.3 ECTS |
| **Лични вештини** | |
| Анализа на јаките и слабите страни<br>Анализа и рефлексија на сопствените дејствија и однесување во контекст релевантен за Образованието на возрасни<br>(најмалку2 ECTS) | макс.3 ECTS |
| **Модули за општи опции** | |
| | Странски јазици,<br>Информаика<br>(макс..2 ECTS) |
| **Работилница за сертифицирање** (3 ECTS) | |
| **Задолжително практично искуство**(најмалку300часа) (6ECTS) | |

### Референтна група:

Индивидуалци кои работат во ОВ

### Програмски цели/цели на учењето:

Мора да се демонстрираат седум основни компетенции:

- Компетенции за образовната теорија
- Дидактичка компетенција
- Компетенции за менаџмент
- Компетенции за упатување и советување

- Компетенции за библиотекарство и информатички менаџмент
- Социјални вештини
- Лични вештини

**Проектни информации:**

Сертификат од Австриската  Академија за Продолжително Учење (wba)

Содржината и структурата на wbaбеше разработена во еден проект на ESFод институциите за Образование на возрасни именувани во Промотивниот Акт на ОВ (EB-Förderungsgesetz) 1973, Австрискиот Федерален Институт за Образование на возрасни, универзитети и други образовни институции, под координација на Асоцијацијата на австриските Центри за Образование на возрасни. Wbaе финансирано од Австрискиот Федерален Институт за Образование на возрасни.

## SVEB сертификат (ниво1)

**Веб страна на проектот:** http://www.alice.ch/de/ada/zertifikat/

**Структура и обем:**

**Обем**:

405 часа учење: се состојат од најмалку 90 часа нето контактно време (вклучувајќи и практични демострации),
165 часа самостојно учење и доказ од најмалку две години скратено работно време со практично искуство (вкупно најмалку 150 часа практично искуство).

13.5ECTS кредитни поени вклучувајќи 2 год. докажано практично искуство во областа на Образованието на возрасни (најмалку 150 часа).

**Програмска форма**:

Не постои одредена форма на програмата; меѓутоа провајдерите мора да докажат дека пропишаните стандарди за имплементација на модулот се исполнети. Референтна рамка за образовниот концепт се опишаните компетенции кои наставниците мора да ги поседуваат (види „Цели“).
Провајдерите мора да ја поминат процедурата на признавање пред Комисијата за Обезбедување на квалитет (QSK).

**Доказите за компетенции се добиваат преку:**

1.Редовна рефлексија на личниот процес на учење.

2.Активно учество во работата на групата во обуката и доказ за најмалку 80% контактно време.

3.Документирана демострација во пракса квалифицирана од инструкторот на обуката. На пр.

  - Подготовка за една образовна секвенца (планирање на час).
  - Изведба на образовната секвенца.
  - Евалуација на образовната секвенца (само-проценка, фидбек од учесниците)

Сертификатот за модулот може да се добие или преку обука во некоја признаета образовна институција или преку проценка на еквивалентност.

### Референтна група:

Индивидуалци кои работат скратено работно време во стручно и продолжително образование на возрасни.
Предусловите за учесниците се најмалку две години практично искуство во Образованието на возрасни во износ од најмалку 150 часа.

### Програмски цели/цели на учење:

**Компетенции за наставниците**:

Учесниците можат да се подготват, да предаваат и да евалуираат часови со возрасни ученици во нивната предметна област во рамките на дадените концепти, планови на обуката и наставни материјали.

**Специфични цели на учење:**

Учесниците

- ги трансферираат главните цели, андрагошкиот фокус и квалификациската процедура од нивните образовни институции на нивните сопствени часови.
- ја анализираат нивната целна група, ги усогласуваат наставните цели и прегледот на прогресот во учење со расположивото време и известуваат за тоа.
- го планираат дидактичкиот пристап и наставните единици во согласност со критериумите на учењето соодветно за возрасни и можат да ги оправдаат избраните методи.
- ги земаат во предвид критериумите за евалуација во нивните проценки (методи, процес на учење, клима на учење, можности за учесниците да соработуваат во процесот на водење на обуката и лидерска интервенција)
- ја оформуваат врската и нивото на интеракција помеѓу обучувачот и учесниците како и помеѓу самите учесници (улоги, конфликти, договори, итн)
- го разледуваат своето сопствено однесување и можат да ги повлечат последиците од ова за улогата којашто ја имаат.

**Ресурси**

Информации

- Теоретски принципи на психологијата на учење, комуникацијата и некои карактеристики на групната динамика
- Познавања од законските рамковни услови за образованието, како и за правата и обврските како наставник во Образованието на возрасни (контраст, статус, улога, итн.).
- Професионално се информираат околу најновите развои на областа.

Вештини

- Планирање на часовите земајќи ги во предвид севкупниот концепт и рамковните услови.
- Формулирање на целите на учење соодветно на целната публика базирано врз компетенциите кои треба да се развијат. Дефинирање на формата на прегледот на напредок во учењето (збирен, формативен) и критериумите.
- Планирање на наставните единици и преглед на целите на учење земајќи го во предвид времето планирано за ова.

- Вклучување на дидактички пристап соодветен за возрасни, партиципативен, ја зголемува мотивацијата и го промовира учењето.
- Примена на различни методи.
- Точна употреба на вообичаените дидактички медиуми (проектор, пинборд, флипчарт, електронски медиуми).
- Евалуирање на напредокот во учењето за време на часовите и на крај од часот.
- Евалуирање на самиот час како и колку е тој вграден во севкупниот концепт.

Меѓучовечки вештини

- Поддршка на мотивацијата и интересот на учесниците за содржината преку сопствено инволвирање
- Водење и олеснување на процесот на учење на жив, прецизен, разбирлив начин ориентиран кон учесниците (вреднување на интервенциите, прашањата, поставувањето задачи).
- Активно следење на интеракциите во групата и соодветно реагирање на ситуацијата и во согласност со целта (прекини, конфликти, итн.).
- Флексибилно реагирање на непредвидливи настани.

Когнитивни вештини

- Раководење со предметната содржина
- Дидактичка анализа и намалување на содржината, земајќи ги во предвид насоките и целната публика.
- Сумирање на дискусиите, презентациите, прашањата и мислењата на учесниците во пленарните сесии, забележување на напредокот и така овозможување на понатамошен развој на процесот на учење.
- Одржување на доволно распојание и одржување на меѓусебно почитување

Ресурси од опкружувањето

- Одржување на лични контакти со институции, светски организации и обучувачи од сопствената предметна област.
- Следење на написи од оваа тематика во печатот, информирање за контакт лицата и важни настани.
- Соработка со обучувачи и образовни институции.

Само-рефлексија/само-евалуација

- Разгледување на спственото однесување и дејствија после некој час и сумирање на последиците од ова за во иднина.
- Споредба на планот со реалниот редослед на настани.
- Анализа на дидактичкиот пристап и кохерентност со пропишаните цели и постигнатите резултати.
- Размислување за сопственото однесување и сопствените интервенции.
- Изготвување на биланс на состојба на предности и слабости.
- Идентификување на сопствениот потенцијал за развој.

**Проектни информации:**

Прво ниво од модуларниот систем „обучи-го-обучувачот“ на Швајцарската Федерација за Образование на возрасни (SVEB), воведен во 1995 год. Преку 20,000 луѓе се сертифицирани до денес.

## Професионални стандарди за наставници, тутори и обучувачи во секторот за Доживотно учење

**Веб страна на проектот**: http://collections.europarchive.org/tna/20110214161207/http:/www.lluk.org/wp- content/uploads/2010/11/new-overarching-standards-for-ttt-in-lifelong-learning-sector.pdf

**Структура и обем:**

**Сеопфатни професионални стандарди–Домени**

- Професионални вредности и пракса
- Учење и предавање
- Специјализирано учење и предавање
- Планирање на учење
- Проценка за учење
- Пристап и напредок

Професионалните стандарди за наставниците, туторите и обучувачите во секторот за Доживотно учење ги опишуваат, општо кажано, **вештините, познавањата** и **атрибутите** кои треба да ги поседуваат тие коишто работат во широката област на предавање и обучување во рамките на секторот со ученици и работодавачи.

Не сите стандарди ќе бидат неопходно поврзани со сите улоги на наставниците. Тие повеќе ја поставуваат основата за развој на контекстуализираните спецификации на улогите и единиците за проценка, која обезбедува репери за настапот во праксата на различните улоги кои ги имаат наставниците, обучувачите, туторите и професорите во рамките секторот за Доживотно учење. Заедно, тие ќе ги идентификуваат компонентите на првичната награда за наставници (Passport); квалификациите потребни за добивање на статусот Квалифициран Наставник, Учење и Вештини (QTLS); и други наставни квалификации од средно и напредно ниво.

**Форма на програмата**:

Не постои точно одредена форма којшто програмата би требало да ја има; меѓутоа, провајдерите мора да докажат дека нивната програма ги задоволува пропишаните професионални стандарди за да добијат акредитација.

**Обем / Времетраење:** акредитираните програми вообичаено имаат обем од 1 година студирање со полно работно време или 2 год. студирање со скратено работно време.

**Цели на програмата/цели на учењето:**

Наставници во секторот за Доживотно учење

**Проектни информации**

Во 2004 год. Владата побара од центарот за Доживотно Учење на ОК (LLUK) да создаде нови

професионални наставни стандарди за целиот систем за понатамошно образование, како што е најавено во весникот Опремување на нашите Наставници за Иднината 1 (Equippingour Teachersforthe Future1). Овие стандарди дефинираат што очекуваме од наставниците, туторите и обучувачите во нивните различни улоги и одговорности.

Во FEWhitePaperFurtherEducation:RaisingSkills,ImprovingLifeChances,(Бел весник за понатамошно образование: зголемување на вештините, подобрување на животните можности), DfES2005и други слични објави, Владата вети континуирана заложба за воведување од септември 2007 нова, иницијална награда наречена „подготвени да предаваат" која води до статусот и титулата „Квалифициран Наставник, Учење и Вештини" за сите наставници.

## Наслов:Добар насатвник во ОВ во Европа (AGADE)

**Веб страна на проектот:** www.nordvux.net/object/1453/agadeagoodadulteducatorineurope.htm

**Модел за Компетенции/Дефиниција развиена во проектот:**
**Критериуми за добар наставник во Образованието на возрасни**

Лични развојни области/ етичка димензија

- Самопочитување
- Толеранција
- Одговорност
- Комуникациски вештини
- Емпатија
- Флексибилност

Професионални развојни области

*Организациска фаза – димензија на знаења*

- Познавања за тоа како учатвозрасните и разбирање на психологијата на возрасните
- Познавања од методите во ОВ и учењето
- Вештини за подготовка на програми базирани врз вредности (демократски и хуманистички)
- Вештини за планирање и организација
- Добри познавања за предметот

*Фаза на изведба – димензија на вештини*

- Способност да се мотивира за учење – пред, за време на и по процесот на учење
- Развој на околина на учење во согласност со потребите на студентите, фокусирана на само-насочено учење
- Вештини за активирање на учениците

*Фаза на евалуација–Организациска димензија*

- Вештини за само-проценка и критично размислување
- Вештини за евалуација и промовирање на само-евалуација кај самиот себеси и учениците

**Принципи за развој на наставната програма:**

- Одлуките околу наставната програма донесени во рамките на образованието за возрасни за наставниците во Образованието на возрасни мора да ги земат во предвид следниве основни принципи:

1. плурално разбирање на концептот за Образование на возрасни;
2. идејата за Образование на возрасни како процес на постојано образование;
3. признавање на Образованието на возрасни како пракса која промовира демократија и космополитизам
4. вредноста на образовната димензија на социјалните практики;
5. идејата за Образование на возрасни како поле на различни социјални пракси, начини и нивоа на интервенција
6. потребата за инструменти за образование и обука кои промовираат артикулација помеѓу теоријата и праксата.

**Референтна група:**

Наставници во Образованието на возрасни

**Цели на проектот:**

Проектот одговара на потребите во Европа изразени од страна на партнер – државите како и на потребите документирани во актите на Европските образовни начела. Има потреба од дискутирање за важноста и релевантноста на обуките за наставниците во Образованието на возрасни на меѓународно ниво со Европските партнери и за анализа на начелата на Европската Унија за Образование на возрасни и нивните обуки за да се развие една основна наставна програма за обуки на наставниците во Образованието на возрасни во сите инволвирани држави. Основната наставна програма може да се модифицира и дополнува во зависност од потребите, начелата, историјата и културата на секоја инволвирана држава.

**Информации за проектот:**

**Grundtvig** Проект 2004-06;
Партнер држави: Естонија (Координатор), Унгарија, Ирска, Литванија, Латвија, Северна Ирска, Португалија, Србија
Продолжение на Нордиско – Балтичкиот проект „Learning 4 Sharing“; Партнери:
**Координатор:** Естонската Асоцијација за Неформално Образование на возрасни

**Главни резултати од проектот:**

- ревидиран минимален сет на критериуми за Добар Наставник во образованието на возрасни (базирано врз сетот изработен во рамките на претходниот проект L4S);
- Европска обука за наставници во Образованието на возрасни (лице-в-лице и веб- базиран / измешани модули на учење)
- Прирачник: http://www.folkbildning.net/agade/int_project.pdf

**Наслов: Валидација на информалните и неформалните психолошко – педагошки компетенции на наставниците во Образованието на возрасни (VINEPAC)**

**Веб страна на проектот:** www.vinepac.eu

**Модел на компетенции/ Дефиниција развиена во проектот:**

**Компетенции на обучувачите / Кластери на компетенции**

- **Знаење**
  - почетно знаење за психо-социјалниот профил на возрасното лице
  - знаења за групните карактеристики
  - база на знаења од сопствената содржинска област
- **Обука/Менаџмент**
  - анализа на потребите
  - подготовка на обуката
  - испорака на програмата од обуката
  - употреба на технологија и ресурси (време, материјал, простор, луѓе)
- **Проценка и валоризација на учењето**
  - Меѓусебен развој на задачите заедно со учениците за да се идентифицираат нивните потреби, јаки страни и цели, и советување или препорака за соодветни програми и нивоа на инструкции
  - Редовна употреба на резултатите од проценката за планирање на часовите, развој на наставната програма, следење на напредокот кон целите и поставените задачи и верификување на учењето
  - Следење на процесот на учење, а не само едноставно потсетување на информациите, употребувајќи различни стратегии за проценка
  - Структурирање и помагање на учениците и врсниците за евалуација и фидбек за нивното учење и успех, преку рефлексија и само-проценка
  - Водење на учениците во развојот и постојаниот преглед на нивните образовни планови
  - Употреба на квалитативни методи за валоризација на напредокот во учењето
- **Мотивација и советување**
  - Поделба на информациите со учениците и колегите за дополнителни ресурси за учење, образовни можности и опции за пристап до сервисите за поддршка
  - Упатување кон соодветни ресурси кога потребите за водење и советување се поголеми од сопствените експертизи
  - Водење на учениците во развојот и постојаниот преглед на нивните образовни планови
- **Личен и професионален развој**
  - Анализа на потребите и можностите за професионален развој
  - Демонстрирање на интерес за развој на сопствените вештини
- **Отворена категорија (Компетенции коишто можеби би сакале да ги имате!)**

## Референтна група:

Сите наставници дефинирани како обучувачи со најмалку 150 саати искуство во предавање.

## Цели на проектот:

**Основа:**

Често релевантните компетенции за работата на обучувачите за односи со јавноста не се опфатени со традиционални квалификациски документи. Бидејќи овие компетенции се стекнати во помалку традиционални и официјални контексти на учење и преку различни работни искуства, тешко е да се стандардизираат и валидираат, особено затоа што во различни држави има различни контексти.

**Цели на проектот:**

VINEPAC се стреми кон:

- поддршка на валидацијата на компетенциите на наставниците во Образованието на возрасни на Европско ниво
- придонес кон професионализацијата на наставниците во Образованието на возрасни во Европа и квалитетен менаџмент во полето на Образованието на возрасни во Европа
- помош на наставниците во Образованието на возрасни да создадат – преку процес на рефлексија и евалуација – јасна слика за квалитетот и обемот на компетенциите поврзани со нивната работа како наставници во Образованието на возрасни. Ова ќе им помогне во кариерата и личниот развој, на пример кога ќе се запишат во некоја нова студиска програма или ќе се пријават за некое ново работно место

## Информации за проектот:

**Проект Leonardo da Vinci,** 2006-08;

Партнер држави: Германија, Шпанија, Франција, Малта и Романија (Координатор)

**Координатор:** Романски Институт за Образование на возрасни (IREA)

**Проектни производи:**

- сет на инструменти („VALIDPACK“), кој создава рамка за документација и евалуација (само-проценка + надворешна евалуација + консолидација) на компетенциите на наставниците во Образованието на возрасни, (без разлика дали тие се стекнати во формални, неформални или информални контексти на учење), вклучувајќи:
    - mindmap,
    - рефлексија на биографијата,
    - рефлексија на компетенциите,
    - чек-листа со резултатите од набљудувањето, мрежа од интервјуа,
    - валидациска листа,
    - упатства за употреба на инструментите

**Наслов: Флексибилни начини на професионализација за наставниците во Образованието на возрасни помеѓу 6-то и 7-мо ниво на EQF (Flexi-path)**

**Веб страна на проектот:** www.flexi-path.eu/

**Модел на компетенции / Дефиниција развиена во проектот:**

**Кластери на компетенции и области**

**Учење на кластери**

- Развој на наставната програма и предмет – иницирајте и надгледувајте го дизајнирањето и развојот на наставната програма
- Персонализација – осигурајте се дека индивидуалните ученици имаат поддршка за оптимизација на напредокот и успехот
- Метакогниција – иницирајте и надгледувајте стратегии на учење и предавање кои овозможуваат ефективно индивидуално учење
- Методи за предавање и учење – осигурајте се дека персоналот и учениците се ангажирани во активности кои промовираат ефективно учење
- Области на знаења – соберете, анализирајте и примените ги информациите
- Ресурси на учење – обезбедете доволен број на соодветни задачи за ресурси за да го поддржите учењето
- Подобрување на квалитетот – надгледувајте и евалуирајте ги програмите за учење, употребувајќи податоци за подобрување на имплементацијата
- Акредитација и валидација – осигурајте се дека се работи на начин којшто гарантира акредитација на сработеното
- Специјално предметно знаење – одржување на високо ниво на техничка приправност во рамките на вашата основна наставна област
- Напредок во учењето – во рамките на,  и вон институционалните граници на наставната програма
- Евалуација на учењето – признавање и одговарање на предизвиците, и успехот на учениците

**Луѓе кластери:**

- Надворешни врски – одржување на врски со сите засегнати страни
- Маркетинг – демонстрирање, на многу видливи начини, на одговорната природа на организирањето на индивидуалните и колективните потреби за учење на возрасните
- Ангажман за учениците – поставување на „ученикот“ како централна грижа на организацијата
- Комуникација – демонстрирање дека комуницирате ефективно со сите вработени во рамките на вашата организација и вашата поширока работна мрежа
- Информации, совети и упатства – осигурајте се дека учениците и индивидуално и колективно се поддржани да започнат, уживаат и напредуваат преку и вон рамките на нивните специфични активности на учење
- Контекст и заедница – осигурајте се дека вашата организација останува институција којашто слуша и одговара на потребите, способна за промена за да ги задоволи локалните очекувања и потреби и дека таа е вистинското место за учење
- Развој на заедницата – придонес кон зајакнување на индивидуалците и групите како и зголемување на поширокиот социјален и економски развој на различните заедници во одредена област
- Разноликост и еднаквост – вклучување, еднаквост на можности, интеркултурна свест и ангажман
- Ангажман на работодавците – одржување на врски со службите за човечки ресурси и техничките

експерти за да се обезбеди одговорен пристап кон исполнување на агендите за учење

- Права, одговорности и рестрикции – демонстрирање на балансиран пристап кон различни ставови и однесувања кои претставуваат предизвик
- Интергенерациско учење – придонес кон стратегии за вклучување на сите возрасти во процесот на учење, од деца до стари лица

**Кластер пракса**

- Организациски стратегии – развивање на култура на доживотно учење ориентирана кон клиентите во рамките на организацијата којашто одговара на политичките, социјалните и економските прашања
- Финансиски менаџмент – планирање на финансиите и менаџмент на буџетот
- Одговорност – гарантирање дека испораката на наставата за возрасните ученици во вашата организација одговара на локалните, националните и Европските принципи и приоритети и идентифицирање и планирање на ризиците
- Развој на програмата – постигнување на рамнотежа на активностите кои, во рамките на расположивите ресурси, ги рефлектираат организаторските приоритети, ги привлекуваат учениците и ги исполнуваат потребите на заедницата
- Училници и простории – менаџирање на инфраструктурата за да се обезбеди квалитетен сервис за настава во Образованието на возрасни
- Одржливост – балансирање на заштита на организацијата, локалната економија и околината
- Лидерство – инспирирање и воведување на потребни промени во рамките на вашата организација
- Тим - менаџмент – водење на процесот за подобрување на работата на вашиот тим и реагирање при неисполнување на целите
- Развој на персоналот и пофалби – гаранција дека вашиот персонал ќе го истражи и достигне својот потенцијал, со менаџирање на учинокот и негово подобрување
- Професионален развој – свест за сопствениот професионален развој
- Реакции од учениците – слушање и одговарање на грижите на индивидуалните ученици и групите

### Референтна група:

Наставници во Образованието на возрасни со задоволително искуство, вообичаено вработени во менаџментот или раководството

### Цели на проектот:

Проектот Flexi-Path беше спроведен врз база на тоа дека во полето на Образование на возрасни низ цела Европа има многу професионалци со компетенции и функции кои се на највисокото ниво од EQF. Меѓутоа, беше утврдено дека распоредите на обуките се многу различни, и досега системот на обуки и професионализација на секторот не дозволуваше пошироко признавање и споредливост на квалификациите. Агенциите се среќаваат со предизвикот на признавање на учењето и компетенциите на овие професионалци, кои за возврат имаат ограничени можности за вработување и понатамошни обуки.

**Цели на проектот:**

- олеснување на транспарентноста и признавање на квалификациите за наставниците во Образованието на возрасни низ цела Европа, правејќи ги споредливи со воведувањето на заеднички референтен систем (EQF)и заеднички Мастер профил на наставник во

Образованието на возрасни кој ја промовира идејата за мобилност преку стандардизирани образовни програми и квалификациски нивоа.

- зголемување на степенот на признавање и валоризација на обуките на наставниците во Образованието на возрасни кои биле апсолвирани во неформални и информални институции со помош на еден инструмент за валидација.
- зголемување на транспаренцијата и споредливи квалификации за унапредување на мобилноста на наставниците во Образованието на возрасни на Европскиот пазар на труд.

Инструментот за валидација ќе им помогне на наставниците во Образованието на возрасни

- да станат посвесни за знаењата и вештините коишто моментално ги поседуваат
- ќе им овозможи да си го испланираат понатамошниот професионален развој.

### Информации за проектот:

**Проект Leonardo,** 2008-10;

Партнер држави: Швајцарија, Германија (Координатор); Естонија, Шпанија, Италија Романија

**Координатор:** Германски Институт за Образование на возрасни (DIE)

**Главни резултати од проектот:**

- Профил на магистар - наставник во Образованието на возрасни (сет на вештини, знаења и компетенции дефинирани и опишани од партнерите за одредување на квалификациите на наставниците во Образованието на возрасни во Европа на 7-мо ниво одEQF)
- Инструмент за валидација кој ќе ги гарантира компетенциите на наставниците во Образованието на возрасни (тој ќе биде дизајниран во форма на прирачник за да ги сними и документира стекнатите формални и неформални компетенции. Инструментот ќе биде прилагоден кон инструментот за само-валидација на Европскиот проект VINEPAC

### Наслов: Клучни компетенции за професионалните од Образованието на возрасни

**Веб страна на проектот:** http://ec.europa.eu/education/more-information/doc/2010/keycomp.pdf

### Модел на компетенции / Дефиниција развиена во проектот:

(компетенции коишто се релевантни за извршување на сите активности во секторот за Образование на возрасни. Секој професионалец којшто работи во овој сектор треба да ги поседува овие компетенции без разлика дали тој предава, менаџира, советува или работи во администрацијата).

А1) Лични компетенции во систематска рефлексија на сопствената практична работа, настава и личен развој: способност да се биде целосно автономен доживотен ученик.

А2) Меѓучовечки компетенции во комуникацијата и соработката со возрасните ученици, колеги и сите инволвирани страни: способност да се биде комуникатор, тимски играч и работник во мрежа.

А3) Компетенција за свесност и превземање одговорност за институционалното опкружување во кое се случува наставата за возрасни на сите нивоа (институт, сектор, професијата како таква и општеството): способност да се биде одговорен за понатамошниот развој на Образованието на возрасни.

А4) Компетенција за искористување на сопствените експертски познавања поврзани со предметот и со расположивите ресурси за учење: способност да се биде експерт.

А5) Компетенција за користење на различните методи на учење, стилови и техники, вклучувајќи нови медиуми и за свесност за новите можности и електронски вештини и нивна критична проценка: способност за користење на различни методи на учење, стилови и техники во работата со возрасни.

А6) Компетенција за поддржување на возрасните ученици да учат и самите да се развијат во целосно автономни доживотни ученици: способност да се биде мотиватор.

А7) Компетенција за справување со групната динамика и хетерогеноста, потребите за учење, мотивација и претходното искуство на возрасните ученици: способност за справување со хетерогеност и групи.

**Специфични компетенции поврзани со процесот на учење:**

Б1) Компетенција за проценка на претходното искуство, потребите за учење, барањата, мотивациите и желбите на возрасните ученици: способност да се проценат потребите за учење на возрасните ученици.

Б2) Компетенција за избор на соодветни стилови на предавање, дидактички методи и содржини за процесот на учењето на возрасните: способност да се оформува процесот на учење.

Б3) Компетенција за олеснување на процесот на учење за возрасните ученици: способност да се биде олеснувач на учењето (практично и/или теоретско) и стимулатор на сопствениот развој на возрасниот ученик.

Б4) Компетенција за постојано надгледување и евалуација на процесот на учење на возрасните за да се подобри: способност да се биде евалуатор во процесот на учење.

Б5) Компетенција за советување околу кариерата, животот, понатамошниот развој и, ако тоа е потребно, употребата на професионална помош: способност да се биде советник.

Б6) Компетенции за дизајнирање и изработка на студиски програми: способност да се биде автор на наставни програми.

Специфични компетенции кои го поддржуваат или индиректно се поврзани со процесот на учење:

Б7) Компетенции за менаџирање на финансиските ресурси и пристап кон социјалните и економските бенефиции од процесот: способност да се биде финансиски одговорен.

Б8) Компетенции за менаџирање на човечките ресурси во институт за образование на возрасни: да се биде (народен) менаџер.

Б9) Компетенции за менаџирање и водење на институти за Образование на возрасни и менаџирање на квалитетот на производот што го нудат институтите за Образование на возрасни: способност да се биде генерален менаџер.

Б10) Компетенции за маркетинг и врски со јавноста: способност да се стигне до целните групи и да се промовира институтот.

Б11) Компетенции за справување со административни прашања и информирање на возрасните ученици и професионалците во Образованието на возрасни: способност за давање поддршка во административните процеси.

Б12) Компетенции за опремување на институциите за Образование на возрасни со Информатичко-комуникациска технологија и поддржување и на возрасните ученици и на наставниците во Образованието на возрасни да ги користат овие средства: способност да се биде ИКТ поддржувач.

### Референтна група:

Сите професионалци кои работат во секторот за описменување на возрасните, дали во наставата, менаџментот или другите улоги.

### Цели на проектот:

Целта на оваа студија е да се развие заеднички сет на клучни компетенции кои придонесуваат за развојот на една референца за Европа, која може да се употребува во Земјите Членки на волонтерска база. Исто така, треба да се проучат флексибилни и алтернативни начини за трансфер на компетенции за да се дозволи напредок во професијата, и во смисла на функцијата и нивоата и транзицијата помеѓу професионалните профили, создавајќи поголема стабилност во рамките на секторот на Образование на возрасни.

### Информации за проектот:

Студијата е издадена во 2010 год.

Европската Комисија побара да се изработи студија за клучните компетенции за професионалците во Образованието на возрасни која може да се употреби како репер за развој на професионалниот профил за персоналот којшто работи во овој сектор и со тоа го подобрува квалитетот на Образованието на возрасни. Студијата беше направена од Институтот за истражување voorBeleid во партнерство со Универзитетот во Глазгов, Универзитетот во Солун и Универзитетот во Лајден.
Студијата ги опфати сите 27 земји членки на ЕУ, државите од ЕФТА, кои се членки на Европската Економска Област (Норвешка, Исланд и Лихтенштајн), и две од трите земји кандидати за влез во ЕУ (Турција и Хрватска).

### Главни резултати од проектот

Сет од клучни компетенции за професионалците во Образованието на возрасни кои можат да се употребат за различни цели, вклучувајќи

- Само-проценка и евалуација
- Избор на обуки

- Истражување и учење
- Развој на квалификациски структури
- Развој на образовни програми
- Развој на стандарди за квалитативни сертификати итн.

## Наслов: Проект Квалифициран наставник (QF2TEACH)

**Веб страна на проектот:** www. qf2teach.eu/

**Модел на компетенции / Дефиниција развиена во проектот:**

Транснационален каталог на основни компетенции кои треба да ги поседуваат АСЕнаставниците

**Клучнакомпетенција1: Менаџмент на група и комуникација**

- Јасна комуникација
- Менаџирање на групната динамика
- Справување со конфликти

**Клучна компетенција 2: Предметна компетенција**

- Поседување на специјалистичко знаење од својата наставна област
- Примена на специјалистичката дидактика во својата наставна област

**Клучна компетенција 3: Поддршка на учењето**

- Поддршка на информалното учење
- Стимулирање на активната улога на учениците
- Поседување на широк репертоар на методи
- Користење на животните искуства на учесниците во наставните активности

**Клучна компетенција 4: Ефикасно предавање**

- Понуда на настава прилагодена на специфичните потреби на целните групи
- Планирање на наставните понуди во согласност со расположивите ресурси (време, простор, опрема итн).

**Клучна компетенција 5: Личен професионален развој**

- Ориентирање кон потребите на учесниците
- Користење на сопствените животни искуства во рамките на наставната средина
- Препознавање на сопствените потреби од учење

- Поставување на сопствени цели на учење
- Креативност
- Флексибилност
- Преиспитување на сопствената професионална улога
- Самоувереност
- Посветеност на сопствениот професионален развој
- Справување со критики
- Увидување на различни перспективи

**Клучна компетенција 6: Стимулирање на учењето**

- Мотивација
- Инспирација

**Клучна компетенција 7: Учење како да се анализира процесот**

- Мониторинг на процесот на учење
- Евалуација на резултатите од учењето
- Спроведување на редовна формативна проценка и дијалози наставник/ученик
- Проценка на почетното ниво на учениците

**Клучна компетенција 8: Сопствени компетенции**

- Емотивна стабилност
- Отпорност на стрес
- Анализа на пречките во учењето на ученикот
- Автентичност
- Структуриран начин на работа
- Слободоумност

**Клучна компетенција 9: Помош за учениците**

- Создавање на безбедна атмосфера на учење
- Поддршка на учениците да го применат наученото
- Внимание
- Охрабрување на учениците да превземат одговорност за нивните идни процеси на учење
- Сочувство
- Поттикнување на колаборативно учење помеѓу учениците
- Пружање на поддршка на индивидуалните ученици
- Активно слушање

- Наставникот е достапен во секое време за учениците
- Проценка на потребите на учениците

**Референтна група:**

**Олеснувачи во процесот на учењето на возрасните**. Овој термин се однесува на неколку различни професионални улоги како што се наставник, обучувач, тренер, персонал за насочување и советување и други. Она што овие улоги го имаат заедничко е тоа дека главниот дел од професионалната работа се одвива во директен контакт со возрасните ученици и се состои од иницирање, поддршка и мониторинг на процесите на учење на овие возрасни.

Олеснувачите во процесот на учењето на возрасните работат во различни контексти опфаќајќи го целото поле на Образование на возрасни и продолжително образование (ACE) вклучувајќи:

- Формални институции за Образование на возрасни кои нудат основно, општо и стручно образование и обуки
- Неформални образовани институции кои нудат јавно образование, и
- Обуки поврзани со работата и развој главно на неформалниот карактер

**Цели на проектот:**

"Учењето" - кое може да се смета за класичен аспект на работата на повеќето професионалци од областа на Образованието на возрасни и Продолжителното образование - станува сè покомплексна активност во последниве години: на наставниците сè повеќе им требаат нови и подобрени вештини и компетенции (на пр. вештини за советување, интеркултурни вештини итн.).
Постарите иницијативи за дефинирање на стандардизирани квалификациски рамки за наставниците во Образованието на возрасни недоволно ги рефлектираат овие нови предизвици. Помодерните обиди се сеуште во примарна фаза, и, уште повеќе, се ограничени на национално ниво. Досега немало обиди да се спојат овие активности на Европско ниво.
Проектот цели кон одредување на клучните компетенции потребни за наставниците во Образованието на возрасни и Продолжителното образование денес и во блиската иднина, преку спроведување на истражување со експерти од оваа област (Delphi study).
Врз база на резултатите - односно врз база на тоа што според експертите, наставниците во Образованието на возрасни и Продолжителното образование треба да го знаат - ќе се развијат предлози за секторски квалификациски рамки за оваа група.

**Информации за проектот:**

Leonardoda Vinci Проект

2009-11

Партнер држави: Швајцарија, Германија (Coord), Италија, Холандија, Полска, Шведска, ОК
Координатор: Германски Институт за Образование на возрасни (DIE)

**Главни резултати од проектот**

- Транснационален каталог на клучни компетенции за олеснувачите на учењето на возрасните
- Предлози за Национални и Транснационални Квалификациски Рамки за Олеснувачите на учењето на возрасни

## Прилог 2: Концепт за модели на обуки/развој на изгледот на обуките[23]

### Вовед

Следниве распореди и планови со инструкции се надеваме дека ќе Ви помогнат во организацијата на обуките за наставната програма CurriculumglobALE. Иако во рака ја имате самата наставна програма и овој концепт на обуки, сепак останува уште многу работа.

### Пронаоѓање на информации и материјал

Наставната програма и концептот за обуки се планирани за работа со различни групи во различни држави. Во одредени делови од модулот би требало да ги најдете сите информации и материјали за подготовка на наставата. Ова е многу важно за 1-от модул бидејќи таму учесниците добиваат основни информации за образовниот систем, Образованието на возрасни и политичкиот развој, кои се важни за нив. Во воведот на 1-от модул ќе најдете некои идеи околу тоа каде да пронајдете потребни информации и материјали.

### Адаптирање на методи и временски рамки

Работејќи со овој материјал треба да адаптирате временска рамка според условите на вашите обуки. На пр. можеби ќе треба да започнете порано или подоцна од предложеното време 9.30 часот наутро, или обуката може да трае пократко или подолго од три или четири последователни денови по модул. Како и да ја организирате вашата работа, треба да внимавате секоја работна целина да има јасна структура со добар почеток и крај.

Адаптирањето на временската рамка исто так е задача која се однесува на секоја единица од модулите. Сите временски распореди на овој концепт имаат иста структура: 1,5 часа работа, па следува кратка кафе пауза, а на пладне следува подолга пауза за ручек. Вие можете и треба да го промените ова ако тоа е потребно. Истото може да се каже и за предметот на секоја наставна единица. За некои од предметите вам и на вашата група можеби ќе ви биде потребно помалку или повеќе време од она коешто е планирано во нашите временски распореди. Не треба да се двоумите да одвоите доволно време за секоја задача и тема (но не повеќе).

Предлагаме да ги промените методите и да им дадете неколку идеи на учесниците за тоа како да ги организираат процесите на настава и учење на добар начин.

– **Предавање:** Постојат неколку точки околу кои треба да дадете добро информиран и структуриран инпут. Обично работите се

[23] Концептот за обуката е развиен врз основа на поранешна верзија на наставната програма CurriculumglobALE и не ги разработува содржините на сите модули

полесни и луѓето можат подобро да го следат Вашето предавање ако вашиот говор е поткрепен со медиуми. Многу често ППП е стандардна процедура за овие ситуации. Мо може да биде добра идеја и да изберете некои други медиуми. Кога работите со претходно подготвени медиуми како што е ППП, можете да се концентрирате на работите коишто сакате да ги кажете, но понекогаш е подобро да ги „пуштите работите да се развиваат сами по себе“, да ги разработите информациите и идеите за коишто зборувате и истовремено да ги обработувате и главните точки или некоја слика или шема итн. на класична зелена или модерна бела табла.

– **Дискусии:** Живата дискусија нуди добри можности за да се видат различните аспекти на некоја тема. Без било какво пишување (на зелена/бела табла или на флипчарт) резултатите и подлабоките увиди често исчезнуваат. Ако тоа е потребно, можете да го промените начинот на протокол ( на пр. наместо постојано пишување, правење на кратки паузи за да се запишат најважните точки од некој дел од дискусијата, наместо да правите вие се сами, наизменично менувајте се со учесниците во запишувањето, за да вие бидете financing послободни да учествувате и/или да ја модерирате дискусијата.

– **Работа во мали групи:** Има неколку аргументи зошто работата во помали групи е подобра. Бројот на групи (и на членови во групата) зависи од големината на целата група, предметот и материјалот којшто го подготвивте или може да го подготвите. Би требало да ја менувате големината на малите групи и на членството за да ги интензивирате контактите помеѓу сите учесници. После работниот период на секоја мала група треба да имате доволно време да ги претставите / презентирате најважните резултати од групната работа во пленум.

– **Индивидуална работа:** Индивидуалната работа вообичаено се одвива помеѓу модулите кога учесниците се дома/на работа. Без оглед на тоа, понекогаш помага да се концентрирате на некоја нова тема или задача ако започнете со индивидуална задача. Или помага да соберете претходно искуство и знаења за некоја тема без мешање на на другите учесници.

Во Образованието на возрасни како и генерално во животот првиот состанок и впечаток е многу важен и почнува на секоја нова средба.кога почнува. Запомтете дека секој ден групата треба да се спои на социјално и психолошко ниво и треба да продолжи со својата работа, особено ако последниот состанок не бил претходниот ден, туку пред извесно време. Сите денови започнуваат со добредојде и поврзување со претходната работа, па затоа во плановите ќе видите дека на почетокот на секој работен ден треба да се направи поврзување со претходно работеното.

Поврзувањето вообичаено е поважно и потешко ако и кога поминало одредено време по последната средба на групата кога се обработувал претходниот модел. Поврзувањето треба да даде простор за пренесување и дискусија околу работите коишто учесниците ги научиле и/или ги искусиле во меѓувреме.

### Методи на евалуација

Секој модул и секој ден треба да заврши со неколку збора околу понатамошните теми на учење и евалуација на наученото. На крајот од секој

модул треба да одвоите време за подготовка на работите коишто треба да се завршат, побараат и/или прочитаат помеѓу два модули.

Ние предложивме одредени методи за евалуација во плановите со инструкции. Постојат неколку различни методи на евалуација:

– **усни или писмени:** многу често се користат прашалници за евалуација, но исто така ќе најдете евалуациски рунди или други типови на усна евалуација. Вообичаено, писмениот метод е полесен и значи помалку работа од таа што би морале да ја завршите ако треба да подготвите и интерпретирате прашалници.Од друга страна за време на евалуациските рунди понекогаш можете да видите како работи групната динамика, затоа што мислењата коишто некои учесници ги артикулираат можат да ги инспирираат/влијаат/провоцираат другите учесници. А и некои луѓе ќе размислат подолго околу нивните ставови пред да го пополнат прашалникот.

–**стандардизирани или нестандардизирани:** За прашалници вообичаено се користат двата типа на прашања. Стандардизираните делови се полесни за вметнување и нудат податоци коишто можат да се споредат, но нестандардизираните понекогаш може да ве инспирираат за подобрување на програмата.

–**јавно, или тајно:** Прави многу голема разлика дали учесниците го искажуваат своето мислење јавно, на пр. на евалуациска рунда на крајот од работниот ден или модулот, или го запишуваат своето мислење насамо и го делат само со обучувачот и/или комисијата за евалуација. Евалуација може исто така да се напише јавно на флипчарт за сите да можат да го споредат сопственото мислење со другите мислења.

Од вас зависи како ќе го евалуирате секој ден и секој модул. Менувањето на методот од време на време им дава на учесниците добар пример и нуди можности да се стекне искуство со различни методи.

Како што можете да видите во временскиот распоред од 1-от модул предлагаме да ја започнете евалуацијата на темата на крајот од 1-от ден, пред да започнете со евалуацијата на денот. Треба да им дадете на учесниците некои основни информации околу смислата и методите на евалуација и да ги објасните правилата (на пр.: за време на усните евалуациски рунди не треба да се коментира за туѓите мислења).

## Пристап кон Образованието на возрасни

Првиот модул треба да ни даде неколку централни идеи околу Образованието на возрасни, неговите цели и услови и неговите институционални и професионални димензии.

Можеби е очигледно дека во оваа книга не можеме да ви дадеме подетални информации за сите држави. Затоа, при подготовката за овој модул, треба да соберете и организирате некои информации за образовниот систем и историјата на Образованието на возрасни во вашата сопствена држава. Не би требало да има проблем да се најдат некои отпечатени или електронски извори кои можете да ги искористите за тоа (на пр. интернет извори и изданија на министерства, образовни организации итн.).

За да се добие преглед на образовните системи во различните држави можете да користите меѓународни бази на податоци како следниве:

- http://www.bildung-weltweit.de/zeigen_e.html?seite=6680Интернет водич за образовните системи низ целиот свет
- http://stats.uis.unesco.org/unesco/ReportFolders/ReportFolders.aspxУНЕСКО-страница со образовни податоци од цел свет
- http://www.ibe.unesco.org/en/services/external-links/national-education-agencies.htmlУНЕСКО-страница со линкови до национални/ регионални институции низ цел свет.

За да се добијат информации околу историјата на Образованието на возрасни, следните аспекти можат да бидат важни:

- Кое практично и теоретско влијание го имаат социјално-економските групи и движења, религиозните групи и институции, државата (можеби не само на централно, туку и на федерално ниво)?
- Дали имало промени во социјално-економскиот систем (на пр. индустријализација, пост-индустријализација) кои влијаеле врз развојот на Образованието на возрасни?
- Што е со промените во политичкиот систем и нивната важност за Образованието на возрасни?

Што се однесува до темите на 3. и 4. ден, горе споменатото „адаптирање на временската рамка“ има особено значење. Треба да одлучите колку долго и колку детално ќе се концентрирате на образовниот систем и на професионалната ситуација во Образованието на возрасни во вашата држава. Институциите и политичко-административните аспекти можат да бидат повеќе или помалку комплицирани, а според тоа може да бараат повеќе или помалку време. Исто така зависи и од групата, нејзиното претходно искуство и знаење. На пр. прави голема разлика дали имате учесници со големо професионално искуство во образованието (во рамките или вон рамките на Образованието на возрасни) или дали нивните најважни искуства со образованието се од времето кога посетувале училиште, колеџ и/или универзитет.

.

## Временски распоред

| Време | Ден 1 | Ден 2 | Ден 3 | Ден 4 |
|---|---|---|---|---|
| 9.30-11.00 | А.<br>Добредојде, вовед, очекувања, општ преглед на целите | Д.<br>ПОВРЗУВАЊЕ<br>Главна тема на денот:Зошто Образование на Возрасни? Индивидуални песпективи: развој во тек на целиот животен век, транзиции и кризи | З.<br>ПОВРЗУВАЊЕ<br>Главна тема на денот: Образовниот систем и Системот на Образование на возрасни: главни карактеристики и компоненти | К.<br>ПОВРЗУВАЊЕ<br>Главна тема на денот: работење во Образованието на возрасни, предавање, подготвување, поддржување:Обучувачи во Образованието на возрасни |
| 11.00 – 11.30 | Кафе/Чај | | | |
| 11.30– 13.00 | Б.<br>Возрасни ученици: искуства, поставa и услови | Ѓ.<br>Индивидуални перспективи:Развој во тек на целиот животен век и Образованието на возрасни | Ѕ.<br>Образованието на возрасни како дел од образовниот систем: историја и актуелна ситуација | Л.<br>Менаџирање на Образованието на возрасни |
| 13.00– 14.30 | Ручек | | | |
| 14.30– 16.00 | В.<br>Образование на возрасни: услови и структура | Е.<br>Социјално-економски перспективи: Образование на возрасни,пазар на трудот и политика | И.<br>Истражување и теорија во Образованието на возрасни 1 | Љ.<br>Компетенции, обврски и можности за наставниците во образованието на возрасни |
| 16.00– 16.30 | Кафе/Чај | | | |
| 16.30– 17.30 | Г.<br>Корени и историја на Образованието на возрасни Евалуација: зошто и како? | Ж.<br>Образованието на возрасни денес и утре: Доживотно учење во модерните општества | Ј.<br>Истражување и теорија во Образованието на возрасни 2 | М.<br>Работење во Образованието на возрасни: подготовка на интервјуа од областа на Образованието на возрасни |
| 17.30– 18.00 | Евалуација и подготовка за понатамошно учење | | | |

### План со инструкции

| | Сесија | Цели на учење | Содржини | Методи | Материјали | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|
| А. | Добредојде,<br>Вовед,<br>Очекувања,<br>Општ преглед на целите | Започнете ја врската со останатите учесници и обучувачите.<br>Формулирајте и дискутирајте околу очекувањата.<br>Запознавање со поединостите од програмата.<br>Артикулирајте и проценете ги личните искуства во областа на Образованието на возрасни.<br>Запознајте се со административните и економските договори и адаптирајте ги ако тоа е потребно или возможно | Вовед<br>Очекувања<br>Групна динамика<br>Цели на обуката и структура | Претставување<br>Двојно интервју<br>Рунда за претставување<br>Дискусија<br>Резиме и/или прилагодување | Временски распоред на обуката<br>Општи цели напишани на флипчарт<br>Флипчарт, маркери, самолеплива лента | Ако некои од учесниците се познаваат, тогаш треба да ги измешате двојките во интервјуата |
| Б | Возрасни ученици: искуства, постава и услови | Организирајте ги искуствата на учесниците во учењето на возрасни употребувајќи ги концептуалните термини формално, неформално и информално учење.<br>Познавање на вистинското значење на овие термини, последиците од овие термини и способност да се користат како концептуални рамки | Размена на искуствата од учењето<br>Организирање на искуствата употребувајќи централни поими за образованието на возрасни | Вовед<br>Мала група/работа во пар: „искуствата од учењето во мојот живот“, секоја група/пар ги запишува сопствените искуства на одреден број на учесници и ги закачува белешките на таблата<br>Организирање на белешките со искуствата според разликата дали се работи за формално, неформално или информално искуство во учењето.<br>Дискусија | Мали листови хартија / картонски картички, пин борд, флипчарт, маркери, самолеплива трака | Треба да оставите простор за собирање на различни искуства и за нивно комбинирање со теории и емпириски заклучоци |

| | Сесија | Цели на учење | Содржини | Методи | Материјали | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **В** | Образование на возрасни: услови и структура | Познавање на структуралните поими<br>Разгледување на импликациите и последиците од различните форми на Образованието на возрасни | Поими и концепти од стручните обуки<br>Понатамошно Образование на возрасни, обуки базирани врз медиуми итн. | Предавања<br>Дискусии<br>Резиме и/или промени | Материјали за презентација (ППП ако е соодветно) | Понекогаш различни поими се користат за истиот феномен или истиот термин се користи со различно значење. За да се избегнат недоразбирања треба да ги информирате учесниците за тоа и за поимите користени за време на оваа обука. |
| Г | Корени и историја на Образованието на возрасни[24]<br>Евалуација: зошто и како?[25] | Познавање на важни институции и концепти од историјата на Образованието на возрасни<br>Разбирање на денешното Образование на возрасни под влијание на историскиот развој | Историски промени и Образование на возрасни<br>Социјалните и економските промени и Образованието на возрасни<br>Некои принципи и цели на евалуацијата | Предавања<br>Дискусии<br>Кратко претставување<br>Евалуација | Материјали за презентација (ППП ако е соодветно)<br>Алтернатива: временска врвка (врвка за алишта низ предавалната),<br>Картички важни историски податоци од политиката, образовните начела и Образованието на возрасни | Треба да се обидете да поврзете важни настани и развојни периоди од Образованието на возрасни со општото знаење за историјата на вашата држава/регион |
| **Д.** | Индивидуални перспективи: Развој во тек на целиот животен век, транзиции и кризи | Познавање на централните поими за развој во тек на целиот животен век, различни фази и делови од животот на возрасните, значење на транзициските и критичните инциденти | Рана зрелост, средни години, стари години.<br>Транзиции, критични инциденти.<br>Работата и семејството како референтни точки за развојот во текот на целиот животен век | Вовед<br>Работа во мала група<br>Лични искуства со транзицијата и промените во возраста<br>Презентација на резултатите од групната работа<br>Дискусија<br>Презентација | Мали листови хартија / картонски картички, пин борд, флипчарт, маркери, самолеплива трака<br>Материјали за презентација (ППП ако е соодветно)<br>Фотографии од возрасни лица во различните фази на возраста | Треба да оставите простор за собирање на различни искуства и за нивно комбинирање со теории и емпириски заклучоци |

[24] Темата историски развој на образованието на возрасни ќе биде подлабоко разгледана во секвенцата Јод овој модул.
[25] Ова треба да биде само мал вовед за подготовка на евалуацијата за време на модулите. Евалуацијата ќе биде тема на поинтензивна работа во подоцнежен модул.

| | Сесија | Цели на учење | Содржини | Методи | Материјали | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ѓ. | Индивидуални перспективи: Развој во тек на целиот животен век и Образованието на возрасни | Комбинирање на анализите на возраста во денешното општество со размислувањата околу можностите за поддршка на Образованието на возрасни. | Историски промени: продолжување на животниот век, пофлексибилна возраст и норми на стареење, плурализам на моделите на старост. Типови на Образование на возрасни за родителство, развој на кариерата и други задачи за развој во текот на целиот живот. Индивидуални бенефиции од Образованието на возрасни | Работа во мали групи (со 2 или 3 учесници): Слики од историски промени (организирање на мала изложба со историски слики и коментари) Презентација на програмски примери Работа во двојка: идеи за нови настани коишто го поддржуваат учењето Презентација Дискусија Резиме и/или промени | Животот на возрасните (семејство, работа, забави итн.) слики / фотографии од различни области Примери од програмите за Образование на возрасни со настани коишто ги обработуваат аспектите на развојот во текот на целиот живот. Презентациски материјали (ППП ако е соодветно) | Слики и/или историски материјали |
| Е | Социјално - економски перспективи: Образование на возрасни, пазар на трудот и политика | Учесниците треба да ги разберат социјалните и економските функции на Образованието на возрасни и различните интереси поврзани со неговиот развој. | Врската помеѓу Образованието, економијата и пазарот на трудот. Социјални и економски промени и образовани потреби. Социјални и економски бенефиции од Образованието на возрасни | Предавање Дискусија Резиме и/или промени | Презентациски материјали (ППП ако е соодветно) Флипчарт или табла | |
| Ж | Образованието на возрасни денес и утре: Доживотно учење во модерните општества | Разбирање на причините, целите и инструментите на програмите и проектите за Доживотно учење | Цели и инструменти за промовирање на Доживотното учење. Комбинирање на формалните, неформалните и информалните начини на учење на возрасните. Мешано учење Упатување, предавање и учење | Работа во двојка: Иднината на возрасниот живот и учењето по 30/50 години. Дискусија Дискусија околу предавањето Резиме и/илипромени | Презентациски материјали (ППП ако е соодветно) Флипчарт или табла | Работата во двојки од почетокот на оваа сесија може да помогне во отварање на умовите за прашања околу иднината на Образованието на возрасни. |

| | Сесија | Цели на учење | Содржини | Методи | Материјали | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Образовен систем: Карактеристики и компоненти | Освежување и продлабочување на разбирањето на комплексниот образоваен систем | Примарно, секундарно, терцијалнообразовани е. Образовни кариери и транзиции во образовниот систем. Изготвување на образовните начела. | Вовед Мали групи: образовниот систем, искуства, знаења и прашања Презентација на работните резултати Дискусија Предавање: актуелни развои и теми во образовната политика | Мали листови хартија / картонски картички, пин борд, флипчарт, маркери, самолеплива трака Презентациски материјали (ППП ако е соодветно) Исечоци од весници[26] | |
| S. | Образованието на возрасни како дел од образовниот систем: историја и сегашна ситуација | Разбирање на местото и улогата на Образованието на возрасни во образовниот систем. Анализа на сличностите и разликите помеѓу Образованието на возрасни и примарното / секундарното / терцијалното образование Познавање на главните играчи во Образованието на возрасни | Важни фази и настани од историјата на Образованието на возрасни | Предавање Дискусија Работа во мала група, 3 групи: а) училиште, б) универзитет, ц) стручни обуки и Образованието на возрасни. Сличности и разлики Презентација Дискусија Резиме и/или промени | Мали листови хартија / картонски картички, пин борд, флипчарт, маркери, самолеплива трака Презентациски материјали (ППП ако е соодветно) | |
| И | Истражување и теорија во образованието на возрасни 1 | Познавање на централната тема и инструменти за истражување во Образованието на возрасни Способност за анализа на методите и поставките на истражувањата и интерпретација на откритијата | Методи на истражување Изглед на истражувањата Цели и изглед на истражувањето во Образованието на возрасни | Предавање Дискусија Резиме и/или промени | Презентациски материјали (ППП ако е соодветно) Флипчарт или табла | |

[26] Можете да го користите интернетот, на пр. портали за вести како што се yahoonews за да барате вести и написи за образовната политика.

| | Сесија | Цели на учење | Содржини | Методи | Материјали | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|
| J. | Истражување и теорија во образованието на возрасни 2 | Познавање на централната тема и инструменти за истражување во Образованието на возрасни<br>Способност за анализа на методите и поставките на истражувањата и интерпретација на откритијата | Методи на истражување<br>Изглед на истражувањата<br>Цели и изглед на истражувањето во Образованието на возрасни | Вовед<br>Групна работа: проекти за истражување<br>Презентација на резултатите од работата<br>Предавање<br>Дискусија<br>Резиме и/или промени | Кратки карактеристики на истражувачките проекти во Образованието на возрасни[27]<br>Презентациски материјали (ППП ако е соодветно)<br>Флипчарт или табла | Ако учесниците имаат претходни познавања од социјалните науки и истражувања, треба да се обидете да ги извлечете важните точки од истражу-вањето во образованието на возрасни. Ако немаат претходно искуство, треба да стекнат идеја како да ги најдат, разберат и како да пристапат до емпириските откритија во Образованието на возрасни |
| К | Предавање, Подготовка, Поддршка: Обучувачите во Образованието на возрасни[28] | Познавање на различните работни области на наставниците во Образованието на возрасни<br>Размислувања околу компетенциите за овие области. | Предавање, Подготовка на средината за учење на возрасните.<br>Поддршка на Образованието на возрасни | Вовед,<br>Работа во мала група, 3 групи: а) предавање, б) подготовка, ц) поддршка. Што треба да се знае и да се прави<br>Презентација<br>Дискусија<br>Предавање<br>Резиме и/или промени | Мали листови хартија / картонски картички, пин борд, флипчарт, маркери, самолеплива трака<br>Презентациски материјали (ППП ако е соодветно) | Ова е само мал вовед. Темата ќе се обработува поподробно во модулите 2 до 4. |

[27] За да се најдат соодветни проекти и описи на проекти треба да барате во националните бази на податоци и/или линкови како http://www.eaea.org/topics.php?topic=107
[28] Прашањето ќе се разработи во модулите 3 и 4.

| | Сесија | Цели на учење | Содржини | Методи | Материјали | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Л | Менаџирање на Образованието на возрасни[29] | Разбирање на перспективата на менаџирање на Образованието на возрасни | Планирање и организирање на Образованието на возрасни<br>Политички, законски и административни услови за менаџмент<br>Економија и финансии | Предавање<br>Дискусија<br>Групна работа: менаџерски задачи<br>Презентација<br>Дискусија<br>Резиме и/или промени | Практични примери (планирање на обуките, законски аспекти, финансирање на обуките, или други прашања за менаџментот) кои треба да се решат / разработат од работните групи<br>Презентациски материјали (ППП ако е соодветно)<br>Флипчарт или табла | Ова е само мал вовед. Темата ќе се обработува подробно во модулот 5 |
| Љ | Компетенции, обврски и можности за наставниците во Образованието на возрасни | Разбирање на законските и етичките темели и лимити на работата на наставниците во Образованието на возрасни. Треба да добијат првична слика за компетенциите на наставниците во Образованието на возрасни. | Законски основи на Образованието на возрасни<br>Етички димензии на Образованието на возрасни | Предавање<br>Дискусија<br>Резиме и/или промени | Презентациски материјали (ППП ако е соодветно)<br>Флипчарт или табла | |
| **М.** | Работење во Образованието на возрасни: подготовка на интервјуа од областа | Комбинирање и распределба на информациите за Образованието на возрасни соберени за време на поранешните секвенци од модулот за да се структурира истражувањето од оваа област | Собирање и организирање на прашањата и идеите за интервјуа. | Вовед<br>Индивидуална работа или работа во мали групи: собирање на идеи<br>Презентација<br>Дискусија<br>Одлуки околу интервјуата | Мали листови хартија / картонски картички, пин борд, флипчарт, маркери, самолеплива трака<br>Презентациски материјали (ППП ако е соодветно). | Обласната работа треба да се спомне уште за време на првиот ден од модулот. Учесниците можат да размислуваат за можни партнери за интервјуата и/или да побараат помош во нивно пронаоѓање. |

[29] Прашањето околу менаџментот ќе се разработи во модулот 5.

## Учење на возрасните и образование на возрасните

### Временски распоред

| Време | Ден 1 | Ден 2 | Ден 3 |
|---|---|---|---|
| 9.30-11.00 | А.<br>ПОВРЗУВАЊЕ<br>Општ преглед<br>Работење во Образованието на возрасни | Д.<br>ПОВРЗУВАЊЕ<br>Главна тема денес:<br>Стилови на учење, техники и проблеми<br>Различни стилови и склоности во учењето | З.<br>ПОВРЗУВАЊЕ<br>Главна тема денес: Предавање и учење<br>Како да се поддржи учењето |
| 11.00–11.30 | Кафе/Чај | | |
| 11.30–13.00 | Б.<br>Учење на домени и искуства | Ѓ.<br>Стилови на учење | Ѕ.<br>Учење ориентирано кон себеси и организирано учење |
| 13.00–14.30 | Ручек | | |
| 14.30–16.00 | В.<br>Учење: парадигми и истражувања | Е.<br>Техники на учење и проблеми со учењето 1 | И.<br>Промовирање на учество во Образованието на возрасни |
| 16.00–16.30 | Кафе/Чај | | |
| 16.30–17.30 | Г.<br>Учењето на возрасните | Ж.<br>Техники на учење и проблеми со учењето 2 | Ј.<br>Спречување на откажување во Образованието на возрасни |
| 17.30–18.00 | Проценка и Подготовка за понатомошно учење | | |

## План со инструкции

| | Сесија | Цели на учење | Содржини | Методи | Материјали | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **А.** | Општ преглед<br>Работење во образованието на возрасни | Учесниците треба да добијат општа слика за модулот како дел од наставната програма. Презентација и толкување на интервјуата со луѓето коишто работат во Образованието на возрасни. Учесниците треба да размислат околу компетенциите и можностите за вработување во образованието на возрасни | Ситуацијата на пазарот на трудот во Образованието на возрасни | Вовед<br>Презентација на резултатите од интервјуата од страна на учесниците<br>Дискусија<br>Предавање: Работење во Образованието на возрасни<br>Дискусија<br>Резиме и/или амандман | Флипчарт или табла, маркери<br>Презентациски материјали (ППП ако е соодветно). | Интервјуата можеби можат да дадат важен стимул за дискусиите околу работењето во образованието на возрасни. Ако постојат податоци за Образованието на возрасни како пазар на трудот во вашата земја, треба да дадете краток преглед за тоа. |
| **Б.** | Домени на учење и искуства | Учесниците треба да ја разберат разноликоста на „учењето“ и да ги знаат категориите за да можат да ги анализираат и организираат во таксономии. | Когнитивни, емоционални и психомоторни домени на учење<br>Запознавање со моделите на таксономии | Вовед<br>Презентација: Домени на учење и модели на таксономии<br>Групна работа: моето/цнашето искуство и различните домени на учење<br>Презентација<br>Дискусија<br>Резиме и/или амандман | Презентациски материјали (ППП ако е соодветно).<br>Мали листови хартија / картонски картички, пин борд, флипчарт, маркери, самолеплива трака | Треба да оставите простор за собирање на различни искуства од учењето и да ги организирате според структурата којашто ја објаснивте во презентацијата. |
| **В.** | Учење: парадигми и истражувања | Разбирање на различните парадигми и пристапи<br>Анализа на различните перспективи и толкување на откритијата од истражувањата. Последици | Бихејвиоризам, когнитивизам и конструктивизам: перспективи и варијации | Вовед<br>Презентација: Парадигми на учење и истражување<br>Дискусија<br>Последици од теориите и истражување на | Презентациски материјали (ППП ако е соодветно). | |

| | Сесија | Цели на учење | Содржини | Методи | Материјали | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | од различните парадигми за организирањето на процесот на учење | | учењето и образованието на возрасните | | |
| **Г.** | Учењето на возрасните | Анализа на сличностите и разликите помеѓу учењето на возрасните и учењето на децата. Споредете различни теории на стареење и анализирајте ги импликациите за учењето на возрасните. | Мерење на интелигенцијата Флуидна и кристализирана интелигенција Теории за стареење и истражувања: биологијата, психологијата и социологијата на стареењето. | Работа во двојка: Интервју за „работите коишто ги научив минатиот месец/година“ Предавања: промени во интелигенцијата на возрасните Дискусија Две работни групи, а) биолошка перспектива, б) психолошка и социолошка перспектива на страеењето Презентација Дискусија Резиме и/или промени | Презентациски материјали (ППП ако е соодветно). Мали листови хартија / картонски картички, пин борд, флипчарт, маркери, самолеплива трака | Ако интервју - партнерите не се сеќаваат на доволно ситуации од учењето коишто им се случиле за време на претходниот месец, можете да ја проширите временската рамка на целата последна година. Учесниците треба да добијат поширока слика за учењето на возрасните. Ова вклучува не само организирани настани на учење и материјали, туку и различно информално, самоорганизирано и/или случајно, опуштено учење. |

| | Сесија | Цели на учење | Содржини | Методи | Материјали | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Д.** | Стилови и преферирани начини на учење | Учесниците треба да ги поврзат своите сопствени искуства со процесите на учење и типологиите на стиловите на учење | Стратегии и техники на учење<br>Стилови на учење | Индивидуална работа<br>Работа во тројки-споредување на откритијата од тестовите<br>Дискусија | Прашалник за само-тестирање „стил на учење“<br>Флипчарт, маркери<br>Презентациски материјали (ППП ако е соодветно). | Можете да искористите еден од тестовите коишто можете да ги најдете на интернет[30].Тестот не треба да биде премногу голем, на пр. тест за наведување на стиловите на учење можеби би бил премногу комплициран. Секако, се препорачува проверка на квалитетот на тестот којшто ќе го одберете. |
| **Ѓ.** | Стилови на учење | Учесниците би требало да ги знаат и да ги наведат стиловите на учење и да ги земат во предвид различните стилови на учење кога им предаваат на возрасните. | Концепти на стиловите на учење<br>Образовни последици<br>Диференцијалната дидактика како одговор на различните стилови на учење | Предавање:<br>Стилови на учење и препочитани начини на учење<br>Дискусија<br>Резиме и/или промени | Презентациски материјали (ППП ако е соодветно).<br>Мали листови хартија / картонски картички, пин борд, флипчарт, маркери, самолеплива трака | |

[30] Пример: http://www.unf.edu/uploadedFiles/aa/coas/advising/learningstyles.pdf.

| | Сесија | Цели на учење | Содржини | Методи | Материјали | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Е.** | Техники на учење и проблеми во учењето 1 | Учесниците би требало да ги идентификуваат различните техники на учење и да ги идентификуваат проблемите во учењето | Претставување на нови шеми на учење Техники за подобрување на памтењето<br>Само-набљудување при учење како техника на учење<br>Анализа на проблемите во учењето<br>Решавање на проблемите во учењето | Вовед<br>Работа во мали групи:<br>Трикови за подобрување на меморијата<br>Презентација<br>Дискусија | Мали листови хартија / картонски картички, пин борд, флипчарт, маркери, самолеплива трака | Проблемите со учењето најчесто се поврзани со техниките на учење, затоа двете теми овде се комбинирани во деловите Е, Ж и З. |
| | **Сесија** | **Цели на учење** | **Содржини** | **Методи** | **Материјали** | **Забелешки** |
| **Ж.** | Техники на учење и проблеми во учењето 2 | Како и горе (дел Е) | Како и горе (дел Е) | Предавање: Техники на учење и проблеми во учењето<br>Дискусија | Презентациски материјали (ППП ако е соодветно). Флипчарт или табла, маркери | Како и горе (дел Е) |
| **З.** | Како да се поддржи учењето | Како и горе (дел Е) | Како и горе (дел Е) | Избирање: Што можат да направат обучувачите за да го поддржат учењето<br>Дискусија<br>Резиме и/или промени | Флипчарт, табла<br>Флипчарт или табла, маркери | Како и горе (дел Е) |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **S.** | Учење ориентирано кон самиот себеси и организирано учење | Учесниците треба да направат проценка на предностите и негативностите на учењето ориентирано кон самиот себеси и организираното учење. | Карактеристики и варијации на учењето ориентирано кон самиот себеси и организираното учењеПредности и негативности на различните пристапи кон учењето. | Работа во двојки: Меѓусебни интервјуа за проектите и процесите на учењето ориентирано кон самиот себеси<br>Дискусија<br>Предавање:<br>Учење ориентирано кон самиот себеси и организирано учење.<br>Дискусија<br>Резиме и/или промени | Презентациски материјали (ППП ако е соодветно). Флипчарт или табла, маркери | Предавањето треба да ги пополни празнините коишто можат да се појават, на пр. ако на работата во двојки и на дискусијата им недостасува темата „лимити и проблеми на учењето ориентирано кон самиот себеси“, тогаш треба таа тема особено да ја нагласите во своето предавање. Од друга страна, ако предностите на учењето ориентирано кон самиот себеси не се споменати, треба да ги обработите во своето предавање. |

| | Сесија | Цели на учење | Содржини | Методи | Материјали | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **И.** | Промовирање на учеството во процесот на Образование на возрасни | Учесниците треба да ги знаат главните карактеристики на учеството во Образованието на возрасни и стратегиите за негово промовирање. | Социјално - демографските фактори на учеството во Образованието на возрасни.<br>Мотиви за посетување на настани на учење<br>Образовни потреби и учество | Работа во мали групи: „Зошто и кога возрасните присуствуваат на настани од Образованието на возрасни?“<br>Презентација<br>Дискусија<br>Предавање: Учество во Образованието на возрасни: влијание на полот, возраста, социјално-економската ситуација<br>Дискусија<br>Резиме и/или промени | Презентациски материјали (ППП ако е соодветно).<br>Мали листови хартија / картонски картички, пин борд, флипчарт, маркери, самолеплива трака | Можеби ќе биде тешко да се најдат прецизни податоци за стапката на учество во Образованието на возрасни во вашата држава. Понекогаш можеме само да направиме проценка или да најдеме точни статистики од некои делови на Образованието на возрасни додека од други делови нема да најдеме никакви податоци. Треба да ја објасните ситуацијата и потешкотиите за учесниците да добијат реална слика. |
| **Ј.** | Спречување на откажување од процесот на Образование на возрасни | Учесниците треба да ги знаат главните причини за откажување на учесниците во Образованието на возрасни од понатамошно учење и да ги научат основните стратегии за негово спречување. | Фактори за откажување<br>Стратегии за превенција | Избирање:<br>Причини за заминување: лицата коишто се откажуваат од Образованието на возрасни<br>Предавање:<br>Откажување од Образованието на возрасни<br>Дискусија<br>Резиме и/или промени | Мали листови хартија / картонски картички, пин борд, флипчарт, маркери, самолеплива трака<br>Презентациски материјали (ППП ако е соодветно). | |

**Комуникација и групна динамика во Образованието на возрасни**

**Временски распоред**

| Време | Ден 1 | Ден 2 | Ден 3 |
|---|---|---|---|
| **9.30-11.00** | А.<br>ПОВРЗУВАЊЕ<br>Општ преглед<br>Главна тема на денот:<br>Комуникација, вовед<br>Комуникација: модели, принципи и клучни карактеристики | Д.<br>ПОВРЗУВАЊЕ<br>Главна тема на денот:<br>Комуникација и групи<br>Шеми на комуникација, културолошки и интеркултурни аспекти на комуникација 1 | З.<br>ПОВРЗУВАЊЕ<br>Главна тема на денот:<br>Проблеми, конфликти и можности за учење<br>Раѓање, раст и смрт на групите во Образованието на возрасни |
| **11.00–11.30** | Кафе / Чај | | |
| **11.30–13.00** | Б.<br>Вербална комуникација во Образованието на возрасни | Ѓ.<br>Шеми на комуникација, културолошки и интеркултурни аспекти на комуникација 2 | Ѕ.<br>Група и улоги |
| **13.00–14.30** | Ручек | | |
| **14.30–16.00** | В.<br>Невербална комуникација во Образованието на возрасни | Е.<br>Пречки и недоразбирања во Образованието на возрасни | И.<br>Типични и не толку типични групни конфликти |
| **16.00–16.30** | Кафе / Чај | | |
| **16.30–17.30** | Г.<br>Професионална комуникација во Образованието на возрасни, принципи и техники | Ж.<br>Учење во групи и Образование на возрасни | Ј.<br>Алатки за лидерите на групите |
| **17.30–18.00** | Евалуација и Подготовка за понатамошно учење | | |

**План со инструкции**

| | Сесија | Цели на учење | Содржини | Методи | Материјали | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **А.** | ПОВРЗУВАЊЕ<br>Општ преглед<br>Главна тема на денот: Комуникација, вовед<br>Комуникација: модели, принципи и клучни карактеристики | Учесниците треба да добијат општи познавања за модулот како дел од наставната програма.<br>Треба да ги знаат главните модели на комуникација, принципите и карактеристиките | Основни елементи и клучни карактеристики на комуникацијата<br>Типови и нивоа на комуникација | Вовед<br>Предавање: модели на комуникација и клучни карактеристики<br>Дискусија<br>Резиме и/или амандман | Презентациски материјали (ППП ако е соодветно). | |
| **Б.** | Вербална комуникација во Образованието на возрасни | Учесниците треба да ги знаат и користат стратегиите и техниките на комуникација | Вербални стилови и културни / индивидуални навики<br>Принципи и техники за поддршка на разбирливоста | Вовед<br>Работа во мали групи: Вербална комуникација со различни целни групи<br>Презентација<br>Дискусија<br>Предавање: принципи и карактеристики на разбирливоста<br>Дискусија<br>Резиме и/или амандман | Мали листови хартија / картонски картички, пин борд, флипчарт, маркери, самолеплива трака<br>Презентациски материјали (ППП ако е соодветно). | Можете да ги започнете овие сесии или делот за разбирливост со вежба за загревање (како на пр. брзозборки на ваш мајчин јазик или вежби кои актерите ги користат за загревање).<br>Би можело да биде добра задача за малите групи да ги пуштите да ја објаснат истата тема за различни типови на луѓе (возраст, пол, социјално и културно потекло итн.) за да откриете повеќе за врската помеѓу разбирливоста и карактеристиките на целната група. |

| | Сесија | Цели на учење | Содржини | Методи | Материјали | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **В.** | Невербална комуникација во Образованието на возрасни | Учесниците треба да ја знаат типологијата на начините на комуникација | Невербална и паравербална[31] комуникација<br>Проксемично однесување[32] и неговото значење.<br>Шеми на изразување и перцепција | Вежби за комуникација<br>Предавање:<br>Дискусија<br>Резиме и/или промена | | |
| **Г.** | Професионална комуникација во Образованието на возрасни, принципи и техники | Учесниците треба да ги знаат и да ги применуваат професионалните принципи и техники на комуникација. | Принципи на комуникација ( со почитување, мотивирачка, меѓусебна...)<br>Компоненти и техники на комуникација (активно слушање, нивоа на комуникација, избегнување на теми коишто ја „убиваат“ дискусијата, поставување прашања)<br>Давање на фидбек, изразување и прифаќање на критики, особено во образовен контекст | Презентација:<br>Професионална комуникација во Образованието на возрасни, принципи и техники<br>Дискусија<br>Резиме и/или промена | Презентациски материјали (ППП ако е соодветно).<br>Флипчарт или табла, маркери | |
